**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дванаесетото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јануари 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,08 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Владо Бучковски, Ристо Пенов, Љубчо Георгиевски, Љубисав Иванов-Ѕинго, Зоран Витанов, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Абдуљади Вејсели, Андреј Жерновски, Теута Арифи, Али Ахмети и Џеват Адеми ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување за закон.

Збор има господин Фазли Велиу. Повелете.

**Фазли Велиу:** Почитувани пратеници, претседавач на Собранието, претставници на Владата,

Мојата денешна дискусија ќе се концентрира кај нашето поставено прашање и со посебен осврт или посебна тема начинот на продолжување на претставувањето на историските датуми на националните фигури и државните празници, после Уставот од 2002 година. Нагласувајќи уште на почетокот дека во оваа насока имаме заостанување со проектот кој што е поднесен од сегашната Влада.

Јас ги поддржувам сите дискусии на парламентарната група на ДУИ и ПДП, како и некои поддршки кои што беа позитивни во прилог на претставувањето, истовремено и датумите кои се значајни како државни празници, кои што се предложени од Владата.

Сакам истовремено уште на почетокот да ја образложам добрата намера за излегување од сегашната криза како последица на тешката состојба и економска состојба и политичка состојба во земјата и како последица од натпреварувањата кои што се прават во текот на смената на владите за достигнување на повисока кариера или пак за покажување наводно некоја готовност за почеток или за некои новини, што е токму спротивно.

Националните датуми , националните фигури, потоа и настаните кои што ги имаат самите народи, посебно народите кои живеат тука во оваа земја со стотици години досега, се одбележувале на начин како што се одбележувале, празниците се празнувале на начинот како што се празнувале, фигурите се одбележувале на начинот како што се одбележувале досега. Имавме една новина во 2002 година со новиот Устав, меѓутоа, слободно можам да кажам дека се направени на посебен начин, иако ние мислиме тие да бидат заеднички и да добијат дефиниција како државни. Сега тие се направени на импровизиран начин, а истовремено имало и настојувања да се оспорат главните датуми. Еден од тие датуми можам да го кажам сега, а тоа е денот на одбележувањето на националното албанско знаме, кое што мнозинството или пак повеќето од парламентарците или пак од владините претставници сакале да ги нарекуваат како датуми на соседите. Сега, ние поаѓаме од нашето начело дека сме мулти етничка држава и сме одлучени да ја сочуваме таа мултиетничност на заедничките вредности. Во ова време, анализирајќи го проектот на оваа Влада, гледам дека не е направен некој напредок во оваа област. Напротив, направено е заостанување или пак регрес и настојување за да се нема соодветно претставување на дел на албанскиот народ кој што живее тука во своите древни огништа во Македонија. Да не го прифаќаш или признаеш минимумот на сите празници кои што се поднесени како амандмани од наша страна, некои што припаѓаат на албанскиот дел во земјава или пак на делот на народите кои живеат тука, како и да се оспори древната вредност, ставајќи ја под сомнеж истата и потоа оставајќи простор на псеудоинтелектуалците и псеудо историчарите да манипулираат со нив, а истовремено да го пишуваат спротивното, со цел за да ги присвојат своите вредности, а тоа истовремено значи да направиш прекршок или повреда и на народите и на вредностите, меѓутоа и законско прекршување или повреда. Да ги земеш со резерва истакнатите личности на една нација истовремено и да ги оставиш настрана сите оние кои што придонесувале како национални фигури и за нацијата и за народите кои живеат тука и пошироко, тоа значи да ги признаваш само фигурите на својот народ, народот на кој што припаѓаш, истовремено и да ги спориш другите кои го давале својот придонес во разните периоди и за нашиот народ. Ова се случува и сега. Ние настојуваме да ја надминеме оваа тешка состојба што сме ја имале со децении и векови и одлучни сме и подготвени да направиме секаков напор за да ги зближиме вредностите на начин да го направиме потребниот мозаик во земјата и да одиме напред со овој мозаик одвоени, посебни, меѓутоа и соединети во сите европски и пошироки процеси. Ние сме можеле да создадеме можности, а имаме уште такви можности и простори да создадеме услови за одбележување на датумите, а и на празниците кои што се национални, на приватен или индивидуален начин, но тоа ќе беше на штета на народите тука и на штета на самата држава. За некои од датумите ние сега имаме само ветувања дека ќе бидат одбележани и покривани од материјална

страна, додека овие останувaaт само ветувања и не се прави ништо. Доколку на овој начин се направи само давање на ветувања, а нивно нереализирање, тогаш ние ќе имаме уште едне поинаков пристап не само тука, туку и во Владата и секаде во сите установи или институции внатре и надвор за да се направат потребните поправки, со цел да се направат измами и да не се прават продлабочувања на поделбите на овој начин и јас сакав да кажам и за начинот како е одбележано празнувањето на државните празници од оние кооиi што ги имаат уживано овие права и начинот како се правело тоа од страна на албанската националност тука како древна заедница и која што сака на крајот на краиштата да го најде соодсветното место за да ги има празниците во рамките на Владата, државата и за да ги има заеднички со другите. Малку порано реков дека сме празнувале посебни празници и во рамките на државата јас ова го докажувам и со Македонската заедница кога се прави одбележување на празникот Илинден. Таму претставувањето е посебно или актуелно според претставниците на Владата и не се прави напор манифестацијата да биде заедничка како што били и на почетокот заедничка од припадниците или учесниците. Во тоа време кога се составило тоа шесточлено застапување Македонски, Албанци и Власи во Советот на Илинденското востани. Прифатените државни празници се под влијание на актуелната политика. Овие се прават на тој начин што во текот на еден ден нема традиција за истите и оставаат една неубава слика пред внатрешната и надворешната јавност и со тоа излегува на видело другата страна како да не сакаме да имаме траење на саните значајни датуми кои што ги има Македонскиот народ, кој што ги има Албанскиот народ, меѓутоа и другите кои живеат во земјава. Таквите натпреварувања, посебно политичките многу го оштетуваат имиџот на земјата ,го оштетуваат многу и самиот имиџ на народите тука. Ние не сакаме овие натпреварувања да бидат такви, затоа што ни штетат и нам, посебно им штетат на новите генерации. Ние тука немаме, како што е да речеме во Германија, во Русија, Франција и други еднонационални држави, што значи ние сме мултинационална држава, како што е Белгија и Швајцарија. Така и треба да продолжиме, независно од условите кои што ги имаме, всушност кои што се многу далечни од условите кои што се во тие држави, меѓутоа на едноставен и симболичен начин и во постојано ангажирање и настојување можеме да постигнеме да направиме една таква дејност како што ја прават мултиетничките држ1ави кои што ги спомнав. Ние Албанците се раководиме од светото мислење на нашиот просветител Наин Фрашари кој е познат поет и кој вели дека ние треба да поминуваме убаво со сите народи на Балканот, спомнувајќи ги и зајакнувајќи ги врските за прв пат со Македонскиот народ и да имаме искрени меѓунационални односи во сите области и повеќе се концентрира кај културата , историјата од тоа време. Можам слободнон да кажам дека денес ние од разни влијанија сме многу застанати позади мислењето на овој поет и другите преродбеници Македонци и Албанци од тоа време кои содејствувале, се разбира, за стекнување на нивните права. Ова посебно се виделот во текот на ослободувањето на Отоманската империја, во текот на Првата и Втората светска војна, а потоа и во најтешките моменти кога бевме реципрочно помогнати во сите периоди кои што доаѓале од разните окупатори и асимилатори.

Можам слободно да спомнам дека ние сме го поддржувале литературниот јазик кој што е поделен во бугарскиот и српскиот во најтешките времиња, посебно во времето на Рацин и после тоа, давајќи ја нашата соодветна реципрочна помомш на Македонскиот народ за да има свој литературен јазик на претставување и можам слободно да кажам дека ние сме направиле напори за да дојде до овој јазик што го има сега македонскиот јазик подобрувајќи ја малку и грамтиката на Блаже Конески од тоа време. Ние сме го поддржувале тука и Македонскиот народ. Не би сакал да кажам, меѓутоа сепак сум принуден и воодушевен од физички и материјален аспект во времето од 1963 година, кога многу албански куќи ги прифатија Македонците кои физички и материјално беа оштетени од земјотресот во Скопје и во своите домови ги примија како свои членови. За ова имаме многу факти, меѓутоа ова не беше само тогаш, туку беше и може слободно да биде и во текот на нашето востание во текот на 2001 година кога во Тетово, во Скопје и во Матејче албанските семејства го засолнија македонското население за да не биде загрозено од воздушните напади. Меѓутоа, можам повторно да се вратам кај нашата соработка во времето на преродбата кога ние сме соработувале со Пулевски како што тој соработуваше со нас и со Турците во тоа време, за да има еден нов речник, кој што ќе се користи пошироко. Сме соработувале и со другите реципрочно и можам да кажам со посебен нагласок дека ние не сме тие кои што сме примиле само една вера, туку имаме три вери и во делот на Маврово тоа сме го прифатиле како три вери кои сме ги почитувале, да не случува спротивното за да не се прави дискриминација од страна на албанската страна од која страна секогаш тоа било во ред. Додека од верски аспект многумина сакале нашите празници да не ги признаваат како верски, посебно од муслимански аспект, а сега се инсистира празниците да бидат и државни. Ние инсистираме трите вери да бидат прифатени како државни, затоа што трите вери имаат наша поддршка и истовремено има и учество на Албанците во сите три вери. Во еден момент можам да спомнам, дури тоа е и актуелно дека ние сме ја признале афтокефалноста на православната црква и на Прохор Пчински и пошироко дури до Грција во прилог на Македонскиот народ и за ова имаме факти кои што ги браниме и сега. Меѓутоа, несфатливо е

кога ние припадниците на народите бараме да направиме едно системирање и државно регистрирање на историските датуми на нивното признавање како државни празници да не наидеме на разбирање и на поздрав за оваа готовност заснована врз факти кои што се неоспорни. Меѓутоа, неправедно сме одбиени или сме лошо разбрани, а и не сме поддржани овие да бидат државни. Не знам на кого му служи овој став кој што е штетен, кога се знае дека во многу земји во светот каде што се живее заедно, оваа готовност е поздравена и помогната и можам слободно да кажам дека тоа е во Швајцарија каде што се помага од три јазици има пет административни јазици, а истовремено и верскиот аспект да се признае дотаму и полека претставниците на албанската нација кои што се определени во муслиманската конфесија да имаат сега и претставување или застапување преку верските институции во Германија и во Грција.

Затоа јас мислам дека оваа наша готовност и на многу делови на народите кои што живеат тука реално треба да се признае и прифати истата готовност и Владата да ги направи потребните поправски или исправки од оправданиот притисок на Собранието на Република Македонија за да ги направи потребните чекори во насока на правична застапеност и реална застапеност на сите датуми, пропорционална застапеност на сите датуми како државни датуми во прилог на државата, а не спротивно. Доколку се мисли дека познавањето и признавањето на празниците влијае врз ослабувањето на државата јас мислам дека е погрешња идеја, затоа што таа шанса ќе ја присвојат нашите соседи и нашите сами граѓани ќе се обратат таму како што се обраќаат во последно време и тука факторот држава ќе се ослаби многу. Ова сум во состојба да го докажам посебно со забрзувањето на прифаќањето на администрацијата во соседните држави, навестувањето во последно време на дискирминација во национален и верски аспект што се прави преку книгите кои што се оставаат во фиокте во Европа и посебно од Бугарија, Србија и Грција. Често пати сме неразбрани, недоразбрани за употребата на истиот јазик тука и таму во Косово и Албанија. Ние сме се определиле за оваа заедничка држава, меѓутоа ние не можеме да го спориме јазикот. Затоа јазикот треба да се користи таму каде што живеат народите таму каде што се. Јас и во минатото сум инсистирал да ги спомнувам фигурите кои што помогнаа на Скопје, тоа се фигурите на Иса Волентин и Бајрам, со нив истовремено сум инсистирал и сега да ја спомнам соработката на Асан Приштина директно со тие што беа од ВМРО и во 1912 година го помогна Скопје, меѓутоа сите овие не го помогнаа ниту Асан Приштина ниту Иса Волентин туку ги предадоа на Србите во клучните моменти на историјата на Скопје, Македонија, Косово и пошироко. Денес треба да се знае јасно дека ние сме се определиле за штитење на вредностите на едните и на другите. Јас мислам дека процесите за малите народи треба да се забрзаат многу. Новите генерации треба да се издигнат на највисоко ниво на признавање, прифаќање на меѓусебната историја. Тие треба да се зближат преку јазикот, симболите и фигурите. Сегашните фигури се спорат било од едната заедница, било од другата заедница. Меѓутоа, за ова ќе имаме еден јасен преглед и во иднината затоа што сегашните аспекти и прегледи не се доволни да се направи една подлабока и поширока анализа за опфаќањето на сите датуми, настани и сите наши фигури кои ние ги имаме во овие простори, овој простор во кој живееме и соживуваме. Доколку се земе најекстремниот аспект често пати се вели дека издигнувањето на еден народ го става во сенка другиот народ. Јас мислам дека ова не држи во нашиот напор да соживуваме и да се издигнеме заедно. Има и еден длабок напор, има длабоки корени. Тоа не е напор на владите кои што доаѓаат и си одат во текот на целата историја сега и понатаму. Доколку ја сакаме и ја браниме оваа земја, велам слободно дека бранењето на оваа земја, на ова место има многу осведочена крв во границите меѓу Србија и Бугарија, а нашата најголема желба е ова да го докажеме и со настојувањата на спорењето на фигурите, како што е Александар од страна на Грција за да ја возвратиме оваа мирна назадна идеја за фигурите кои што имаат вековни истории и датуми.

Сегашната Влада додека ги зеде работите вака набрзина и доколку мисли дека ја има откриено оваа земја греши. Оваа земја била откриена, оваа земја има мандат посебно од Втората светска војна наваму со име и презиме, со народи кои што живеат тука и со народи кои што се докажани на Балканот, во Европа и пошироко и двата народи, и другите народи кои што живеат тука сега се познати и во САД и НАТО и Европа и како такви нема можност никој да ги спори, исто времено и да ги присвои дека бил претставник на Владата и може да направи нови почетоци, или пак новини правејќи оттуѓување. Оттуѓувањата ќе се прават врз основа на наследството на народите кои што живеат тука и историјата доколку прави измени може да ги направи само за приспособување на околностите за новите герерации неоштетувајќи ја старата историја во средбите или во разговорите што ги имаме. И во образложението за сите фигури и за сето тоа што сме поднеле амандмани ќе земам посебно збор со посебен нагласок. Значи, нема постојаност од страна на Владата за зачувување на националните вредности на сите заедници кои што живеат тука. Напротив има заостанување и ова заостанување е затоа што самата актуелна Влада нема подлабок пристап и понаучен пристап за ова што ние денеска го распараваме. Владата доколку продолжи на овој начин ќе оди сама како свое растурање и ние тука ништо не можеме да помогнеме. Ние само ќе им помогнеме на народите кои што живеат тука. Благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван минстре за труд и социјална политика, предлагач на законот и почитувани малубројни колеги кои што сте во оваа сала.

Се надевам дека мојата дискусија нема да предизвика повторно негатнивни чувства, меѓутоа, неколку дневната дебата морам да кажам дека во голема мера ги оправда моите стравувања кои што ги искажав на Комисијата за политички систем дека еден ваков Закон пуштен од Владата во една фаза да се разгледува, без претходно поширока јавна дебата ќе предизвика многу негативни дискусии, многу негативни чувства, но да бидам искрена до крај не очекував дека ќе слушнам од оваа говорница, во оваа сала толку мнгоу меѓусебни обвинувања дека повторно ќе дојде до израз нашиот синдром на делби и поделби, дека ќе слушнам обвинувања од тоа кој партија или кој поединец е позаслужен за она што денеска го имаме, независна Република Македонија, дека ќе слушнам кој која слава дома ја чествува, кој повеќе за нас е религиозен, односно кој повеќе ја познава религијата или кој повеќе е поголем Македонец, поголем патриот, можеби, да не речам и поголем Албанец, но никако да слушнам кој од нас е полојален граѓанин на Република Македонија.

За жал, Законот кој што требаше да предизвика добри чувства, чувства на нешто возвишено како што е празнувањето кај нас предизвика сосема други дебати, обвинувања и токму заради тоа кажав дека Владата со невидена леснотија ни го фрли јабокото на раздорот во оваа сала и ние од кога си кажавме се, од кога се навредивме, од кога меѓусебно се обидувавме кој кого повеќе ќе навреди мешајќи ја тука и далечната и поблиската и најдалечната историја, и најсветлото минато на овој народ сега покажуваме една крајна незаинтересираност како ќе заврши оваа дебата по овој Закон.

Токму поради тоа почитувани колеги и на координацијата со почитуваниот претседател се договоривме дека овој Закон ќе оди во две фази. Во тој случај мислам дека ќе беа многу пократки дебатите, многу посуштински. Ќе ги кажевме нашите ставови и забелешки, а потоа Владата врз основа на тоа ќе можеше да ги внесе во законот, да отвори широка дебата на која ќе имавме можност да ја слушнеме и стручната јавност, да слушнеме експерти од сите области. Кога велам од сите области мислам вклучувајќи ја и економијата, вклучувајќи ја социологијата, социологијата на религијата, културата, вклучувајќи ги секако и теолошките расправи. За жал, иако така бевме договорени до овој момент немаме сигнал дека овој Закон ќе оди во две фази, онака како што бараа претставниците на сите пратенички групи, вклучувајќи голем дел на пратеничките групи од парламентарното мнозинстов.

Меѓутоа, тоа е тоа и ние сега мораме да го прифатиме она што ќе го наметне парламентарното мнозинство, она што ќе ни го наметне Владата и овде да дебатираме се со една единствена цел да убедиме дел од парламентарното мнозинство да прифати некој од амандманите што се предложени од опозицијата, можеби и министерот ќе има слух за тоа и така барем во некоја мера малку да го подотераме овој Закон и празниците да можат да ни бидат прифатливи за сите и заеднички да ги чествуваме, или доколку не ги чествуваме барем да ги почитуваме.

Почитувани колеги пратеници навистина не знам зошто беше толку големо брзање и зошто не може и во овој момент да се одложи расправата односно по завршување на претресот Законот да биде пуштен на јавна расправа, доколку повеќе што од овој закон никој не може да ни каже дека ни зависи влезот во Европската унија, или пак НАТО страшно многу ќе ни се налути ако не го донесеме Законот за празниците, или пак во многу голема мера ќе придонесе за македонскиот народ. Значи, час поскоро, од утре, откако ќе го усвоиме да почне народот многу поубаво да живее и дека во голема мера ќе придонесе за подобрување на економската ситуација во земјата и во голема мера навистина граѓаните на Македонија ќе ги почуствуваат придобивките од овој Закон.

Јас реков доколку законот не се пушти да оди во две фази, не се пушти на јавна расправа единствена придобивка ќе биде што можеби ако го донесеме во текот на денешниот и утрешниот ден, меѓутоа пак веќе е касно, ќе го празнувавме големиот христијански празник Водици како неработен, или пак доколу закасниме и го донесеме по една недела најголемата придобивка од овој закон, вака набрзина донесен, ќе биде тоа што ќе можеме Велики Петок да биде неработен.

Друга придобивка за да се донесе вака овој закон, во една фаза, навистина не гледам и не можам да најдам ниту некое логично објаснување кај министерот за труд и социјална политика, иако во неколку наврати се обидуваше да ни објасни дека навистина овој закон е мнгоу значаен, овој закон мораме сега да го донесеме.

Не можам да најдам ни објаснувања дека на овој народ му е потребна духовната храна и токму поради таа духовна храна треба исто така овој закон сега набрзина, во една фаза, да биде донесен на оваа собраниска седница, затоа што почитувани колеги доколку празнуваме, доколку тоа претставува навистина духовна храна, тогаш празниците треба сите ние да ги чувствуваме како нешто блиско, како ден во кој што ќе и дадеме одушка на душата, па ќе здивнеме, ден на кој што ќе подзаборавиме малку на тагата, ден на кој што ќе заборавиме малку на сиромаштијата, ден кога ќе подзаборавиме на сето она што не притиска и не мачи и сите можеби ќе најдеме барем еден светол момент во тој ден за да можеме заеднички да го чествуваме. Сето поинаку претставено

апсолутно нема никаква придобивка од овој закон. Напротив, сметам дека во голема мера само ќе придонесе за подигање на меѓусебната нетрпеливост и меѓусебната нетолеранција.

Почитувани колеги слушнавме дури и многу чудни тези и од самиот претседател на Собранието дека Македонија според Уставо не е секуларна држава. За жал, морам да ви кажам дека секалуризацијата вклучува процеси преку кои секторите на општеството и културата се издвојуваат од доминацијата на регилиозните институции и симболите. Според Уставот наштата земја не е секуларна. Кај нас имаме јасно раздвојување помеѓу црквата и останатите институции, но можеме ако сакате да дебатираме каква држава ние всушност сакаме да имаме понатаму. Дали ќе го задржиме овој тип на држава или можеби сакаме да имаме некој друг тип на држава кој што на пример државата би поддржувала одредена религиска институција, можеби во овој случај христијанската црква или можеби исламската заедница, што е многу опасно во овој момент, или можеби сакаме да имаме, каде што нормално и финансиски би ја помагала таа институцаја, или можеби сакаме да имаме тип на држава во која што државата подеднакво ќе ги подржува, вклучувајќи го и финансискиот аспект сите институции кои што произлегуваат од различните религии, или не дај боже што најмалку би посакала, сакаме понатаму да направиме и една најопасна варијанта за сите нас односно тип на теократска држава, кој што во овој момент мислам дека е нешто што најмалку ни треба.

Токму поради тоа колеги пратеници јас ќе се задржам само на овој закон и ќе се обидам од неколку аспекти да ги расчленам овие неколку члена кои што ни се предложени за измена на Законот за празници.

Имено имаме неколку аспекти од кои што можеме да го погледаме овој закон. Затоа реков дека е потребно да го слушнеме мислењето како на експертите од економијата, така и на експертите од историја, тука ги вклучувам и националните институти и да ги слушнеме и експертите од религиозните заедници, односно телошкиот аспект, исто така теолошкиот и културолошкиот аспект.

Што значи неработни денови? Ако вака го погледаме законот ќе заклучиме дека имаме вкупно 22 неработни денови, и ако кон тоа се додадат саботите и неделите и ако кон тоа се додадат и годишните одмори, почитувани колеги излегува дека ние во Република Македонија нема да работиме половина година. Па, каков е економскиот ефект од тоа кога нема да работиме половина година? Каков е ефектот на привлекувањето на странските инвеститори кога ќе им кажеме дека во Република Македонија нема половина година да се работи, или доколку сакаат вработените кај него да работат ќе мора за тие денови да издвојат дополнителни средства за да бидат платени онака како што треба вработените.

Од друг аспект исто што се однесува околу неработењето, неработните денови морам да кажам дека исто така имаме една поделба, што е мнгогу интересно. Не сите граѓани во Република Македонија имаат еднаков дел на неработни денови.

Имено, Македонците со православна вероисповест ќе чествуваат 16 празници, односно 16 неработни денови.

Наспроти нив, пак Македонцијте, но овој пат со католичка вероисповест ќе чествуваат 14 неработни денови.

Тоа доаѓа од таму што овие од католичка вероисповест, не знам всушност што би правеле на празниците Божик и Велигден кои што ние ги чествуваме по Јулијанскиот календар, дали тие ќе ги празнуваат, или така ќе седат дома, навистина никој не може да објасни со вака претставениот закон пред нас. Понатаму, претставниците на еврејската заедница ќе празнуваат 12 неработни денови, муслиманите

Албанци ќе имаат 13 неработни денови, а преставниците на муслиманската религија на Исламот кои што не се албанци ќе имаат 12 неработни денови. Го поставувам прашањето каде е логиката и по што вака се поделија едните да имаат 16, другите 12, 13 и 14 неработни денови. Дали ова не е лоша порака која што ја праќаме во едно мултикултурно, мултиетничко општество. Јас и во една моја реплика кажав, почитувани колеги не не води кон етноцентризмот кој што е еден многу, многу опасен поглед врз светот каде што нештата каде што една доминантна група се преставува како центар на се и се поставува во една супериорна улога над сите други групи кои што ги смета дека се инфериорни во однос на неа, каде што своите културни симболи, емоции и идеологии ги претставува дека се оние најисправните, а сите оние кои што мислат, се однесуваат, или почитуваат празници поинаку, ги смета дека се недостојни. Мислам дека некои од овие прашања со својата дискусија ги допре и почитуваниот колега Зашов, и јас тука не би сакала да се повторувам и да одам во поединости, затоа што реков дека многу денови се води оваа дебата кај многу нас предизвика навистина негативни чувства и притоа барем до овој момент немаме некој бенефит од целокупната дискусија , а бенефитот го гледам по тоа што очекував дека овие денови ќе излезе можеби министерот и ќе каже дека овде сега по завршување на претресот овој закон ќе оди на јавна дебата од сето ова што овде го слушнавме.

Ќе поминам на другиот аспект, тоа е поделбата на државни празници, празници на Репулбика Македонија. Почитувани колеги пратеници, апсолутно се согласувам дека со прославата на 24 мај денот посветен на Светите Кирил и Методиј, или како што ние ги нарекуваме, односно тоа се тие сесловенските просветители, се исправа една грешка која што можеби многу порано требаше да биде исправена, затоа што

сите ние го знаеме нивното значење. Сега не би сакала овде повторно да се претвори говорницава на научен симпозиум и да држам часови, предавања што тие значат за нашата писменост. Но, навистина е добро што најдоа свое место и тоа на едно високо ниво како што е нивото на државните празници. Значи, мислам дека овде ниту еден од нас нема дилема дека е добро овој празник да го прославуваме, дотолку повеќе што и во голем дел и овој празник беше неработен за сите оние кои што работат во образованието, за универзитетите, за одредени институции кои што го носат нивното име. И во овој случај апсолутно давам целосна поддршка. Потоа, следуваат 2 Август, па тука би бил по некој хронолошки редослед 11 Октомври и 8 Септември со што се заокружува државноста на Република Македонија. Тука почитувани колеги се заокружува државноста. Можеби овде во оваа група би бил и 8 декември Св.Климент Охридски кој што пак се одвојува по значењето на ова што претходно го зборува за Св.Кирил и Методиј, затоа што дава една повеќе локална димензија на описменувањето, на писменоста, на учеността во оваа држава и тоа би бил оној дел кој што би требало да го содржат овие државни празници. Дали 8 декември ќе биде во делот на празници на Република Македонија, или државни, тоа во голема мера не пречи и можеше да се искристализира со една јавна дебата. Меѓутоа, почитувани колеги, тука во државните празници, значи на највисокото ниво го имаме и 23 октомври ден на Македонската револуционерна борба како што овде стои. Иако овде беа искажани големи дилеми, дали е баш тоа почетокот на македонската револуционерна борба. Со моите скромни познавања од историјата, а мислам дека имам некои познавања и јас не би се сложила и зошто ние баш овој ден го даваме како ден на почеток на Македонската револуционерна борба, а сето она што се случувало пред тоа, сето она што е значајно, сето она што излегло и понатаму претставувало основа за независноста и за револуционерната борба да го оставиме на страна и точно овде да го бараме почетокот на револуционерната борба. Овде беше искажано мислење дека тоа е денот на ВМРО, или сега е празникот на ВМРО ДПМНЕ. Јас не сакам да посветувам преголемо внимание на тоа, затоа што мислам дека и нема потреба во таа насока да ја тераме дебатата. И можеби ќе беше се во ред и затоа велам дека беше потребно да ја слушнеме научната јавност што ќе каже, не дали ова е празник? Тоа е празник на македонскиот народ, туку дали тука се почетоците на револуционерната борба. И реков, можеби ќе немав дилеми ако ова не го видевме од страна на ВМРО ДПМНЕ кое што беше пуштено памфлет во сите весници, сега да не навлегувам во материјалната страна, затоа што можеби материјалната страна и не е се во животот како што овде беше кажано. Но, го имаме тоа и сега кај мене се јавува дилемата, поготово што и од оваа говорница и во оваа сала беа спомнати имиња, јас не би сакала да ги споменам овде тие имиња кои што ни нанесоа многу поголема штета на Македонија, на македонскиот народ отколку што имавме голема корист од нив. За жал, големите великани на македонската историја како што се Гоце Делчев, Даме Груев, Питу Гули, луѓе кои што имале навистина една многу, многу голема задача за оваа Република, за оваа независна Македонија, луѓе кои што ги дале своите животи се заедно со имињата на најголемите крвници на овој народ. Не е добро почитувни колеги. Верувајте ми имаме уште дилеми, имаме уште нерасчистени прашања околу одредени личности и нивното значење во историјата. Можеби во еден момент тие имале и некоја позитивна улога, потоа скршнале на друг пат, тоа треба да го расчисти историјата, тоа не треба ние сега овде да го дебатираме. Тоа е прашање кое се решва на поинакво ниво. Имаме многу личности кои што се контраверзни во целокупното тоа делување на Македонската револуционерна организација. За претходниве кажав, немав дилеми. Но, на другите не сакам да им ги спомнувам имињата од оваа света говорница, на овој највисок законодавен дом на Република Македонија, не заслужуваат. Значи, имам дилеми околу нивното делување, дали и тие било кога низ своето делување имале изразени чисти македонски чувства, дали имале чиста идеја, за кого тие настапувале, чија идеја тие бранеле? Да, можеби ослободување од едни окупатори, но не приближување кон друга држава, или дел од друга држава. Тука имаме големи прашања кои што треба да ги расчистиме. И токму од тој аспект за мене е неприфатливо 23 октомври да биде ставен како државен празник на Република Македонија. Оние што сакаат да го прославуваат, оние што сакаат да го чествуваат, можеби после една дебата која што широко ќе се отвореше, пак ќе беше ставен тој ден, но, дали дефиниран како ден на почеток на револуционерната борба, или некако поинаку, значи тука ќе расчиствеме кога ќе ги слушневме сите оние кои што целиот свој живот го посветиле на научно истражувачка дејност во оваа област.

Одам понатаму, имаме празници на Република Македонија, тука имаме 1 јануари кој што од два дена ќе се чествува еден ден и сега имаме дилеми дали било така во другите југословенски земји, или не било, меѓутоа, тука можеби јас не би навлегувала, така одлучила Владата, еве сега нека биде како што кажала Владата. Потоа имаме првиот ден на Божиќ, тој и досега се славеше, значи до сега се чествуваше, не е ништо ново. Вториот ден на Велигден исто така и досега се чествуваше. Први мај денот на трудот кој што се сведува на еден ден и сметам дека тоа е добро. И имаме еден празник на Република Македонија кој што посветен на Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам. Јас почитувани колеги, затоа сакав јавна расправа. Да бидам искрена, јас не знам дали е поголем празник Рамазан Бајрам, или Курбан Бајрам. Значи, немам ништо против да се празнува, но сакав да знам пред да донесам одлука сакав да знам дали е тоа празник на

Република Македонија, од какво значење е едниот и другиот, поготово што не се религиозни празници, туку веќе ги ставаме празници на Република Македонија.

Поминувам на членот 2, каде што тука се одделуваат, односно се зборува за празниците кои што се поврзани со вероисповедта, односно со религијата. Тука би сакала да кажам дека една од основните функции на религијата е остварувањето на општествената интеграција која што во голема мера се манифестира токму и преку практиката на празнување на верските празници. Мислам дека нема граѓанин во Република Македонија, вклучувајќи не и нас во ова Собрание кој што не празнува одредени религиозни празници, поготово тоа е многу важно во оваа наша мултиетничка Македонија каде што најголем дел, значи припадниците на различните конфесии, на различните етнички групи ги празнуваат своите празници. Почитувани колеги ако погледнеме назад низ историјата и оние што не ги чествувале празниците на другите етнички групи, или другите конфесии, ги почитувале. Значи, ги почитувале кое што почитување било изразено преку заеднички посети на домовите на оние кои што чествувале, или пак со заеднички прослави во малите рурални средини, дали тие ќе се одвивале некаде на некое одредено место, на сред село, или на друго место. Значи, токму тука сакам да кажам дека го имаме тој момент. Потоа, сакав да разберам од јавната расправа зошто баш овие празници се одбрани, Бадник ден пред Божиќ. Значи, ако веќе го имаме Божиќ. Еве, на пример јас можеби не знам, можеби некој друг знае, 19 јануари е Богојавление, дали се тоа врзани со големите празници, дали се по таа логика, дали се одело од социолошки аспект колку кој празник се чествува? Ако така гледаме, почитувани колеги значи култот на Св.Никола е еден од најраспространетите. Тоа сакаше да го каже и мојата колешка Славица Грковска, не како куќна слава, туку воопшто изразен преку елементите кои што се потврда на распространетоста на еден култ. Значи, преку чествување во куќните слави и преку големиот број на цркви подигнати во пост византискиот период, односно за време на турското владение кога на народот му било најтешко и подигал цркви посветени на овој светец и позади тоа барајќи помош од него и поради тоа воспоставил еден висок култ. Значи, зошто не Св.Никола? И да бидам искрена, ако кон тоа го додадеме дека и почитуваниот премиер ни се вика Никола, мислам навистина би било добро да го чествуваме и со тоа ќе го заокружиме она место кое што сака тој да го има во нашава држава во овој момент да биде оној со што ќе направиме еден култ кон него. Значи, зошто да не му посветиме еден ден и на почитуваниот премиер и со тоа да му се оддолжиме за деноноќното. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам држете се на темата.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претседателе,

Изненадена сум од вас затоа што секогаш кога ќе се спомене премиерот, односно почитуваниот господин Никола, вие ме прекинувате. Дали тоа го правите, сега кај мене се јавува дилемата од тоа што тоа се случувало значи во два моменти. Од еден аспект и од глорификација кога не смееме ние да го споменеме.

**Љубиша Георгиевски:** Во секуларни држави во Парламент не се спомнуваат светци.

**Роза Топузова Каревска:** Се спомнуваат. Се почитува, но не се поддржува. Имаме разлика. Ве молам претседателе не ме прекинувајте. Сакам да расчистам да знам понатаму како да се однесувам. При случај на глорификација се употребува: Неговото височество, неговата висост, неговата екселенција, неговото блаженство. Дали ние треба да најдеме друг израз во овој случај, затоа што јас и премиерот го спомнувам, незнам како поинаку. И друг случај, да не спомenуваме нечие име е апотрофејското значење, не дај боже да не ги повикаме злите духови, па затоа се употребувале други иммиња. Значи, кажете ми како јас да го споменам почитуваниот премиер на Република Македонија ако вие не ми дозволувате ниту да кажам премиер, ниту да кажам почитуваниот господин Никола Груевски. Ниту имам намера да го злоупотребам, меѓутоа имам еден предлог, зошто да не држи ако меѓу другото имаме и вакви предлози.

Но, да продолжам понатаму, да не излегуваме од контекст на дискусијата. Потоа го имаме Велилки петок, ден пред Велигден, 28 август. Повторно се прашувам како се избрани овие празници, по што, како, од кој аспект? И задушница првиот петок на ноември, тука веќе е апсурдот и тука сум сигурна дека не била консултирана ниту МПЦ, затоа што нема учен теолог кој што ќе каже да се чествува Задушница, а да не се чествува Духовден кој што меѓу другото е денот кога се родила христијанската црква. Почитувани колеги, тоа е денот, тоа е раѓањето на христијанската црква, или поточно тоа е денот кога 30-тата година по Христа на еден собор во куќата каде што седеле 12-те апостоли се спуштил светиот дух и им дал благослов сите апостоли да говорат на други јазици освен нивниот и така тие тргнале да го проповедаат христијанството. Дали ова не е доволен аргумент па да размисли Владата и наместо оваа задушница која што е првиот петок во ноември што апсолутно ништо не значи, затоа што и така луѓето во сабота ја прават, да се чествува, да се издигне на ниво на празник, наместо Духовден за кое што ви дадов аргументи. Тоа е денот на раѓањето на христијанската црква. Меѓутоа, за разлика ние овде водиме дијалог на глуви. Без разлика колку и да говори опозицијата, вие во се гледате лоша намера, во се гледате дека ние сакаме само да го узурпираме времето од оваа говорница, дека ние сме кочничари на реформите, дека токму поради овие празници овој

закон кога ќе го донесеме веднаш ќе ни се отвори влезот кон Европска унија и овој закон кога ќе го донесеме нема да го слушнеме повеќе она што вчера го слушнавме на Комисијата за Европски прашања, дека многу сме далеку од денот на преговорите и дека Германија која што очеккувавме дека особено ќе се заложи, дека нема да се заложи за време на својот мандат да бидеме дел, да го добиеме денот на преговорите. Значи, ова е суштинското што сакав да го кажам. Сето ова го кажувам, вклучувајќи го ова што вие поинаку го доживеавте околу култовите, дека можеби ако одеше на јавна расправа ќе дојдевме и до други празници. Не велам да не се празнува, можеби ќе беа помалку, можеби ќе беа посуштествени, можеби поголем дел од граѓаните ќе ги чувствуваа, нема да ги чувствуваа како нешто што им е натурено, затоа што почитувани колеги само на тој начин празниците ќе можат да ја имаат својата интеграциона улога. Се друго апсолутно не доведува до непожелни ефекти кои што не би сакала сега јас да бидам таа што ќе прејудицирам. Меѓутоа, ако успееме ова славење барем да го почувствуваат поголем дел на граѓаните од државните празници, тогаш навистина ќе успееме преку заедничко манифестирање за чествување на празникот да дојде до зближување, до заедничко запознавање.

Во тој случај само така ќе можеме да ја подигнеме свеста за споделување на лојалноста кон државата. Само така ќе придонесеме за подобри процеси кои ќе се одвиваат во оваа држава.

За жал, ќе повторам, дека долгите дебати најверојатно нема да вродат со никаков плод...

Бидејќи почитуваниот колега до сега со внимание ме слушаше, сега ќе почекам да го заврши телефонскиот разговор, па ќе продолжам.

(Ова се однесува на пратеникот Оливер Шамбевски).

Добро, знам дека ме слушаше, можеби ќе сака да го слушне и крајот на дебатата.

Значи, би завршила со тоа, вака поставениот закон, кој како што кажав, Владата со невидена леснотија ни го фрли како јаболко на раздорот и овде веќе неколку дена дебатираме, извади на површина многу опасни тези во оваа сала, не упати на нешто кое ќе не сплоти, кое ќе не интенгрира, нешто кое би се именувало како соживот и дури најубавиот момент од секојдневното живеење-празнувањето, за жал, му даде сосема друга димензија. Но и тоа не е најстрашно.

Најстрашно, колеги, потенцирам е не дај Боже да дојде до нагласување на етноцентризмот како една појава која навистина е многу лоша и верувајте тоа ја смета една надредена група, не навлегувам во тоа каква е таа група, дали е по етничка, политичка или било која друга определба ја прави супериорна наметнувајќи свои обичаи, верувања, чествувања, начин на однесување на другата која ја прави нфериорна сметајќи дека сето она што доаѓа од неа дали е тоа како културни симболи, дали е изразено преку празнувања, верувања е во една подредена инфериорна положба.

Ве молам уште еднаш му се обраќам на министерот, го молам министерот уште еднаш да размисли и после сите овие дебати можеби да и сугерира на Владата да го повлече овој Предлог или, доколку има време, а доколку не го направи тоа, со оглед дека веќе потрошивме неколку дена околу дебатата да излезе и да каже дека со завршување на претресот со уште неколку говорници, можеби тоа се повеќе реплики, ќе видиме, со завршување на претресот да заврши првата фаза во Собранието, а потоа законот да оди на јавна расправа и потоа да дојде во втора фаза во Собранието со еден пречистен текст каде во најголема мера ќе можат да се најдат сите граѓани на Република Македонија во празнувањето или доколку сите не се најдат, барем да не предизвикува негативни чувства кај најголем број на граѓани или доколку и тоа не може да се надмине, барем да имаме објаснување зошто и како се одбрани токму овие празници да се празнуваат.

На крај ќе спомнам дека треба да водиме сметка за помалите етнички заедници не сега како чин на пазарење да им се даде еден или два празници, туку треба да се размислува во континуитет затоа што Македонија е мултиетничка, мултикултурна држава. Сето друго се само наши лоши желби и не не водат баш никаде. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски: Благодарам и јас.**

Министерот побара збор, повелете.

**Љупче Мешков:** Внимателно ја слушав почитуваната колешка, очигледно има познавања од верските празнувања. Во еден дел од својата дискусија кажа дали можеби Владата со овој закон оди кон теократса држава односно создавање на теократска држава, се разбира дека создавање теократска држава не се прави со закон за празници, туку уредувањето или создавањето на ваква или онаква држава се прави во друга постапка, се знае како и во која постапка и со кои акти.

Во математиката што ја кажа дека се зголемува бројот на празниците односно неработните денови, точно е тоа, јас го кажав во своето уводно излагање, таа пресмета дека со саботите и неделите практично и празниците можеме да дојдеме во ситуација скоро половина година да не работиме, но во стилот во кој го спомна премиерот за еден верски празник јас во истиот стил ќе ја прашам ако ги пресметаше и деновите на боледувања од грипот што сега коси во Македонија, можеби ќе излезеше и многу повеќе од половина година неработни денови, со оглед дека саботите и неделите и сега не се работни по постојниот Закон, тие се секако неработни денови, но реков ако процесот на работа не дозволува и сабота и празничен ден одредени фирми работат, но затоа по Законот работниците имаат посебни права, право на зголемена плата и тн. Значи, ако направиме обратна математика

може да се дојде дека не е толку страшно зголемувањето на овие неколку неработни дена кои се предлагаат со овој закон.

Јас мислам дека корените на подобрувањето на економската состојба во државата, зголемувањето на продуктивноста не зависи од овие неколку дена празнување кои, ако ги компарираме со важноста на тие датуми, личности или потребите на граѓаните за своите верски потреби од тие неработни дена да си ги задоволат своите потреби, мислам дека тоа не е фактот кој може да влијае во смисла ако тие неработни беа работни денови дека продуктивноста и економскиот развој во државата ќе ни беше многу поголем без тие празници.

Се разбира некаде како и секој човек така и во овој текст на законот можеби некаде не е најдобро направено затоа расправата трае, предлозите па и од опозицијата и од било кој друг ако се добри, се разбира, можат да бидат прифатливи, затоа велам расправата сеуште трае, не е завршена и не би требало да прејудицираме некои работи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

(Госпоѓа Топузова бара реплика на министерот).

Прво да ги завршиме овие реплики што се на вашиот говор госпоѓо Каревска, а потоа ќе добиете реплика на говорот на министерот.

Повелете Пачемски три минути.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе.

Би сакал да и реплицирам на колешката Роза Топузова Каревска во врска со нејзините дилеми за верските празници зошто да се слават, а зошто да не се слават. Бидејќи времето е ограничено на три минути, јас би сакал да реплицирам точно само на нејзината голема дилема која беше искажана во нејзината дискусија, а тоа е зошто да се празнува токму 23 октомври, а не други датуми кои се случиле пред тој 23 октомври 1893 година. Од проста причина што востанијата кои биле во тој период, пред се тоа е Разловечкото востание кое било 1886 година, Кресненското востание кое било 1888 година, потоа Карпошовото востание, тоа се востанија кои биле од локален карактер. Се случувале на одредено геогравско подрачје на тогашна Македонија. Тоа не биле организирани востанија на ниво на цела Македонија.

За разлика од тие востанија иако зборувам со целиот респект кон тие востанија, на 23 октомври се создава револуционерна организација која се бори за ослободување на цела тогашна географска Македонија. Во тоа е разликата помеѓу тие востанија пред тоа и тој 23 октомври што сакаме да го славиме.

Впрочем, дилемата дали да се слави 23 октомври провејува низ целиот тој период. Имено, тогашна географска Македонија била поделена на повеќе револуционерни окрузи. Во тие окрузи имало формирано комитети кои биле задолжени за будење, освестување на народот, за кревање на едно сеопшто, сенародно востание на ниво на цела Македонија. Токму 1903 година на Смилевскиот конгрес е донесена таа одлука да се крене Илинденското востание.

Тие идеи за ослободување на цела Македонија кои се проткаени во идејата на името на ВМРО, тие идеи провејувале и во илинденскиот период и во период по Илинденското востание и во периодот помеѓу Првата и Втората светска војна и во времето на Република Македонија која била во состав на СФРЈ, па тие идеи провејувале и во 1990 година на 17 јуни кога е формирана партија со името Демократска партија за македонско национално единство која партија во својот статут става дека ќе се бори за самостојна, независна Република Македонија односно го става префиксот ВМРО кој означува не четири букви, туку идеја, идеологија дека ќе се залага за самостојна, независна Република Македонија. Во тоа е разликата помеѓу 23 октомври што ние сакаме да го славиме и оние датуми што пред тоа не се опфатени со овој Предлог на закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за госпоѓа Топузова, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** На почетокот сакам да искажам почит кон оваа реплика, навистина почитуваниот колега се обиде со некои факти да ме разубеди зошто 23 октомври иако тоа не ми беше поентата во мојата дискусија, но би сакала да му реплицирам. Точно е она што го спомнав и она што тој спомна дека имале локален карактер, тоа ми е познато, но, почитуван колега, зарем тоа не биле искрите кои потоа го разгореле пламенот кој ја зафатил територијата на цела тогашна Македонија со една единствена цел борба за независна Македонија.

Добро е што се исправивте кога кажавте дека ВМРО-ДПМНЕ ќе се бори, не ќе се бори, туку потоа самиот се поправивте и рековте ќе се залага, така веќе има некое друго значење, меѓутоа, ве молам, да ги одбираме правите изрази кога се говори од оваа говорница. Благодарам.

(Во 12,21 часот со седницата продолжи да раководи Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието).

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за пратеникот Александар Николоски, повелете.

**Александар Николоски:** Почитуван потпретседател, почитуван министре.

Слушнавме многу интересни тези од колешката и многу интересна загриженост која јас апсолутно ја ценам и разбирам и која сметам, зборувам по однос на 23 октомври, која е резултат на она што се викаше наука односно научно претставување на работите во изминатиот период и која беше таква заради една, друга или трета причина кои беа во политички цели, а не во научни цели.

Она со што не можам да се согласам е од оваа говорница да се обвинат бројни македонски дејци дека биле крвници на овој народ заради тоа што тоа имплицира дека државата во која денеска живееме и Парламентот во кој денеска говориме

е производ на крвници односно го создале крвници. Извинете, но тоа се преопасни тези да бидат кажани во овој Парламент и уште повеќе да бидат кажани од луѓе кои велат дека се грижат за доброто на оваа држава.

Ако сакате да зборуваме за европска Македонија најопасно е да зборуваме за европска Македонија која ја создале крвници. Јас тоа не можам да го дозволам, не можам да се согласам и ве молам да ги одбираме термините со кои се служиме. Да обвините историска личност дека бил крвник треба да имате сериозни аргументи зад себе за тоа и уште повеќе тоа да го направите паушално и општо заради тоа што не спомнавте имиња, не спомнавте личности, туку кажавте дека луѓето кои биле дел од ВМРО односно луѓето кои работеле во организацијата чие основање го предлагаме за државен празник, биле крвници.

По однос на брошурата која ја имам во раце, ние можеме да дискутираме дали е во ред што ВМРО-ДПМНЕ ја отпечатило или не и тука можеме да имаме легитимна дискусија дали тоа бил најдобар потег во тој момент, дали можеби не требало поинаку да се случи, но јас не гледам ништо спорно во ни еден од ликовите кои се во оваа брошура заради тоа што тоа се луѓе кои за разлика од мене и од вас на друго место и со други методи ја одработувале независноста на оваа држава.

Ќе ви прочитам само еден цитат кој сметам дека воопшто не е спорен:

“На 40-годишниот живот на нашата организација се истакнаа мнозина, макар и малечки гарибалдовци, но ниту еден и најмалечок мацини. Белким ние живите што останавме од онаа славна епока останавме вини не по наша вина како и сите Македонци ќе бидеме среќни да ги видиме Битола, Охрид, Костур и други како и цела Македонија слободна”. Атанас Лозанчев кој според вашето разбирање е спорна личност. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за госпоѓата Топузова.

**Роза Топузова Каревска:** Очигледно дека младиот колега е задолжен да ми реплицира после секој говор, но добро го почитувам тоа, должност е  должност, партиска задача и одиме понатаму.

Навистина почитуван колега јас 20 и повеќе години се бавам со научно истражувачка дејноста и го користам компаративниот метод при што консултирам не само домашна, туку многу странска литература. За време на дејствувањето на ВМРО има многу напишано странска литература што од француски, англиски автори, но имам само една минута и не можам сето тоа да ви го објаснам.

Зборувам врз основа на некои заклучоци кои ги споредувам, немојте да ја извртувате вистината, јас намерно не ги спомнав тие имиња затоа што не заслужуваат. Има овде дејци на кои се поклонувам, ги почитувам и навистина многу се заслужни за Република Македонија, но почитуван колега сакате ли да спомнам имиња кои биле дел од ВМРО? Сакате да го спомнам Алеко Паша, сакате да ги спомнам сите војводи кои учествувале и настрадале во колежите во Горна Џумаја, за тоа ли треба овде сега да дискутираме?

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со работа, во секој случај вие претседателе имате збор. Имам таква чест да ве најавам претседателе, пријавени сте за збор.

(Госпоѓа Топузова има реакција сака да одговори на министерот).

После, да му дадеме збор на претседателот.

(Претседателот и отстапува).

Повелете три минути реплика на говорот на министерот.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван министер, навистина не сме се разбрале околу теократската држава. Јас не би сакала да останам неразбрана пред македонската јавност. Апсолутно не сметам дека со овој закон ќе се направи теократска држава, јас апропо изјавата дека Македонија е секуларна држава, апропо тоа го поставив прашањето со овој закон и оние закони кои ќе следуваат, а веќе имаме најава дека ќе следуваат и други закони од таа област, затоа сакав да ја расчистиме дилемата каков тип на држава. Ни најмалку не мислев колку  до толку моите познавања одат во таа насока дека не може со овој закон да се направи теократска држава, но врз основа на изјавата каква држава е Македонија, врз основа на она што го пишува Уставот, бидејќи беа отворени и други тези, кај мене се наметна дилемата со законите кои следат или со промените на Уставот дали и тука ќе се задре во тоа каква држава, од кој тип на држава ќе биде Република Македонија. Значи, апсолутно не се разбравме со тој дел што се однесува и околу неработните денови, сосема накратко, тоа е она што јас го пресметав, не велам сега дека буквално до ден е половина година, но навистина оние други дилеми тоа повеќе го кажав еден вид симболично, но дилемите кои се наметнаа, морате да признаете, дека стојат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дозволете сега јас да си дадам збор.

Почитувани колеги, дозволете најнапред да дадам кратко објаснување на мојот став дека овој закон го сметам за многу важен, го сметам за исклучит приоритет.

Должен сум ова да го појаснам затоа што имаше голем отпор во излагањата на некои од вас околу тоа.

Политиката, особено онаа приземната, дневната, се води со разум, меѓутоа, историјата се менува со срце. Сите големи политички победи, сите големи коперникански преврати во историјата станувале само од луѓе со срце и само од многу луѓе чии што срца биеле во еден ист ритам. Напредните држави, оние држави кои имаат

иднина и кои ќе имаат и кои ќе имаат иднина ќе мора да се темелат на граѓани чие што срце бие синхроно, симфонично и бие за еден, два, три или пет хармонизирани идеали. Заради тоа е Парламент, тие идеали да се хармонизираат.

Слушам тродневна  расправа и постојано ми се наметнува една единствена схема, како и кон секој проблем и кон проблемите на историјата, а празниците се еминентно проблеми на историјата, има главно три приода. Првиот е жабешки, јас го нарекувам жабешки приод, кој за жал страшно доминира во нашата дискусија и како таков нас, прво, не девалвира. Кога мислиме да девалвираме некого, нечиј празник, нечија светиња, тогаш мора прво да помислиме што правиме со девалвирањето на тој празник, дали не се девалвираме и самите.

Крлежа, сега ми текнува, има напишано една брилијантна реченица за спомеництие. Вика, ако еден споменик се изгради и не се сруши, не бил достоен за изградба. Тоа е типична голема балканска филозофија, зошто на балканите често градиме споменици и често ги уриваме. Значи жабешката перспектива е функција на дневната политика. Не може за историјата да се говори со книговодствена терминологија и со дребни сметкички. Треба да се говори на друг начин, со друга перспектива.

Вториот пристап на таквите големи теми е голем и самиот, јас го нарекувам птичја перспектива, да се издигне умот многу високо и од високо кога ќе ги погледнам работите, тие изгледаат дребни и совладливи, се гледаат нивните меѓусебни односи кога ги гледате од високо, не изгледаат толку несовладливи како кога ги гледате од жабешка перспектива.

Во таа смисла, за жал, овде се уште не се слушна една таква дискусија, но ќе се слушне, има време. Поучна една приказна ќе ви кажам, но тоа не е приказна, тоа е чиста историја. Граѓанската војна во Шпанија траеше три години од 1936 до 1939 година. Крваво се сукобија двете чуми на 20-от век, фашизмот и комунизмот, и тоа беше беспоштедна увертира, така да речам, на големата војна, на војната меѓу Германија и СССР. И што се случи? Изгинаа што изгинаа, верувајте ми, во Шпанија нема да има граѓанска војна за следните 500 години. Знаете ли зошто? Се собраа коските на сите паднати во таа војна, се направи еден огромен монумент на кој пишуваше само четири думи: “Тие паднаа за Шпанија”, и едните и другите и со тоа веднаш се решија сите проблеми. Веднаш, со еден удар, ама тоа е причја перспектива. Ние уште не сме полетале толку високо, но ќе полетаме, не е страшно.

Третата перспектива е човечка и човечки ми е многу драго што во излагањето на неколку души провејуваше и човечка нота. Човечка не во смисла на хуманитет, но во смисла на реалитет, да се погледа нешто од човечка перспектива, не во смисла на хуманитет. Во смисла на реалитет имаше неколку говори што беа човечки, што ги слушнав. Ми е жал, господинот Андов не го слушнав, но знаејќи ги неговите ставови, веројатно имаше една таква перспектива, Есад Рахиќ имаше комплетно човечка перспектива, на што сум му благодарен, зошто ми го стопли срцето. Не е лесно да седите овде и да молчите и да слушате многу жабешки муабети.

Понатаму, многу ја почитувам дискусијата на господинот Велиу, зошто имаше многу човечки реални елементи и ќе почнам, кои се тие човечки реални елементи, од реченицата на господинот Рафис Алити: јас се идентификувам со Илинден. Таа реченица мене лично длабоко ме трогна и се сетив, кога го снимавме филмот Илинден, покојниот Драги Костовски, кој го играше Никола Карев, кога почна да го диктира писмото, Манифестот, Крушевскиот манифест, кога му затрепери гласот кога рече: Браќа Албанци, Турци, Власи - не гарантирам за редоследот - цела екипа се расплака, на сите ни насолзија очите. Значи господинот Алити почнува да се идентификува со Илинден.

Во дискусијата на Фазли Велиу имаше уште подлабок, порадикален пресврт од жабешка во човечка перспектива. Фазли Велиу се обиде да не потсети Македонците и Албанците за убавите моменти на нивното минато. Видете, ние имаме избор, или ќе се потсетиме на убавите моменти меѓу десницата и левицата во Македонија, на убавите моменти меѓу Албанците и Македонците, Турците и Македонците и Албанците. Ако ние овде дојдеме и се потсетуваме на грозните моменти, ние нема ништо да постигнеме, што и да постигнеме тоа ќе биде. Многу е страшно еден празник да е мртво слово на хартија. Еден празник ако не ги затрепери срцата на луѓето, ако тие не се гордеат со тоа и не се чувствуваат осмислени како луѓе, ние можеме да донесеме 100 законски проекти, ќе се надгласуваме, ќе се амандираме итн. Во таа смисла Фазли Велиу еве на пример го спомна Хасан Приштина, а за малку ќе го спомнеше и  Чауле, без можеби и да го знае тој податок, па затоа не го спомна, а имаше беневоленца да го спомне. Значи, легендарна е соработката на Петар Чауле со Хасан Приштина. Чауле дури имаше задача да го спречи атентатот на Хасан Приштина во Солун, кој го изврши Српскиот двор. Значи тука има многу допирни точки и има тука да се седне. Јас сакам двајца или тројца македонски и албански интелектуалци да напишат книги за таа соработка, оти таа соработка еднаш беше на власат овде и сега е пак на власт, сеедно со која партија, сега говорам гросомодо, говорам за големи теми, не говорам за ситно партиски.

Во таа смисла, треба да се одделиме, да се дебарасираме од онаа моја реченица која ја кажав добронамерно, која овде се остварува. Кога бев на чевствувањето на Скендер Бег, тогаш реков треба да внимаваме да не станат спомениците, сега читајте празниците, прашање на партиска манипулација и тогаш реков зошто. Затоа што сите сме мали за чевлите на Скендер

Бег. Во чевлите на Скендер Бег или на Александар Велики може во еден да не собери сите 120. Сега што правиме ние такви мали, се погодуваме дали овој или оној, кога или не, дали е време или не е. Мислам дека тие споменици и тие празници ние треба да ги направиме за да се поклониме пред нив кога одиме, како што е направен споменикот, гробот на Наполеон Бонапарта во Париз, не можете да го видите ако не се поклоните. Тоа го направил духовит архитект, за да го видите гробот мора да се поклоните, инаку не можете да го видите. Ние мораме тоа да го научиме, да се поклоните пред нашите светци.

Ние со нашите браќа Албанци имаме 500 години заеднички хегемон. Можат ли народи кои имаат 500 години заедички хегемон, мислам на Османската империја, да немаат во борбата заеднички точки. Па се разбира дека имаат. Па дајте да ги најдеме. Затоа треба да се пишуваат книги, затоа треба да се прават лекции во училиштата. Не може празникот да изникне екснихио, аутоблу. Дајте тука да работиме, а не само да се препукуваме на овој начин.

Сега на овој Парламент е денес, утре да каже, чашата е празна до половина или да каже чашата е полна до половина. Во чашата ќе има толку вино колку има, ние со нашите говори не можеме да направиме вино, тоа Исус може. Ние можеме со нашите говори да создадеме клима. Една е климата ако кажеме чашата е полна до половина, ќе ја дополниме значи, а друга е климата ако кажеме чашата е празна до половина, значи ќе ја испиеме. Дајте да ја наполниме еднаш чашата, многу ја пијат. И на крајот на краиштата, ако имаме празници, треба да имаме и на софра да ставиме нешто. Драги мои колеги, празници на гладно не бидува. Сите тие работи се важни и сите тие работи треба да ги погледаме од оваа човечка перспектива, која постоеше во сите говори јас што ги слушав, ама постоеше во помали количини, а доминираше баш - и му благодарам како колега, не како претседател на Собранието, на господинот Велиу, му блаодарам на господинот Рахиќ кои имаа еден слух да ја ублажат таа работа. Се надеваме дека се ќе биде добро.

Погледнете го на крај нашето сонце, тоа е на знамето. Ви гарантирам дека ниедна заедница од најголема да најмала нема да остане во сенка. Она што го рече господинот Велиу, нека ми извини што многу го цитирам, дека ако се издигне на сонце еден народ, не значи дека другиот ќе биде во сенка, е многу точно, а најточно за Македонија. Имаме доволно сонце. Благодарам.

(Претседателот се враќа на претседавачката маса).

Да одиме со репликите по ред.

Прва за реплика се јави пратеничката Славица Грковска. Повелете.

**Славица Грковска:** Она во што суштински се разликуваме господине претседателе е тоа што ние сметаме дека овој закон е исклучителен приоритет за граѓаните на Република Македонија, затоа што со него ниту ќе ја подобриме економската состојба на граѓаните, што вие меѓу другото ја ветувавте за време на изборите, ниту пак, како што реков во моето излагање, во година на одлуки за Република Македонија дали Република Македонија ќе ги почне преговорите со Европската унија и дали ќе добие покана за членство во НАТО, сметаме дека непотребно се губи енергија на вакви закони кои воопшто не се рангираат во законите кои спаѓаат во реформите што треба да ги направиме за да обезбедиме таков статус за државата.

Меѓутоа, она што е индикативно не само од расправата по овој закон, туку и во изминатиот период, она што е индикативно и во однос на вашето однесување и коментарите спрема пратениците, и на вашиот говор по повод на 60 години од Уставот дека во вашите експликации нема ни жабешки приод, ни птичја перспектива, ни човечка перспектива, туку исклучително лична перспектива базирана на фрустрации од извесен период, која не знам на што се однесува, меѓутоа сум сигурна дека тоа не е теркот по кој можеме да го најдеме хегемонот, за кој што и ние се залагаме, заради тоа и бараме овој закон да се носи во две фази и да имаме хармонизирани идеали и во таква атмосфера која што ја креира владеачкото мнозинство да имаме празници во Република Македонија кои ќе бидат прифатени од сите и за кои нема да има никакви забелешки. Секаков друг начин на наметнување на празници кои што не се прифатени од сите не зборува за добронамерна тенденција за создавање на вакви хармонизирани идеали за кои што вие сакате да ја манипулирате јавноста во вашиот говор дека сте добронамерен. Ако сте искрени и ако сте добронамерни, тогаш очекувам од вас како претседател на Собранието со вашиот однос и со вашето говорење да не ги навредувате пратениците, групирајќи ги во три различни групи на перспективи и на тој начин да им реплицирате на нивните говори, туку ќе се однесувате кон нив со почит. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Роза Топузова Каревска, повелете три минути за вашата реплика.

**Роза Топузова Каревска:** Сега малку е незгодно почитуван претседателе што нема да ве гледам во лице но за жал така е поставена говорницата.

Почитуван претседателе, иако со вашиот говор се обидовте да направите, да дадете една друга димензија, репликите на голем број пратеници кои се пријавени за реплика упатуваат дека го постигнавте сосема спротивното и токму го потврдија она што јас го говорев: зошто на оваа Влада и беше потребно со невидена леснотија да ни го фрли јаболкото на раздорот во оваа сала и токму ние пратениците со денови да расправаме околу тоа и да докажуваме кој е поголем патриот, кој е поголем Македонец, кој повеќе си ја сака земјата, кој повеќе слави чевствува, кој повеќе ја

познава религијата или кој повеќе ја познава сопствената религија и на останатите верници. Токму тоа е она што го говорев, се согласувам со вас, дека празникот е за сите да го чувствуваме или најголем број да го чувствуваме како свој, да ни затрепери срцето, да дадеме одушка на душата, да здивнеме од секојдневните проблеми, да подзаборавиме на болката, да заборавиме на сиромаштијата и заедно да чествуваме. Со вака пуштен закон без претходна јавна дебата се постигна спротивното, овој закон не не обедини, напротив, во овој момент барем од она што беше искажано од говорницата се укажа не нешто сосема спротивно. Залудна е вашава дискусија кога не се постигна целта, кога не го испочитувавте она за што се договоривме законот да се врати и да оди во две фази после една опширна дебата. Се согласувам со тоа дека не треба барем вие ...

(Реакција од пратениците во салата дека не се слуша, но нема прекин во стенографските белешки)

**Љубиша Георгиевски:** Точно, не се слуша, јас во живо слушам бидејќи сум блиску.

(Во меѓувреме чујноста во салата се подобри).

**Роза Топузова Каревска:** Никако нема да го сватам тенденциозно ова прекинување.

**Љубиша Георгиевски:** Ако не се слуша, не се запишува, затоа почекајте. Сега е добро. Продолжете.

**Роза Топузова Каревска:** Никако нема да го сватам тенденциозно, се надевам дека дел од мојата реплика се слушна, токму во оној дел кој задира во суштината на чествувањето на празниците и доживувањето на празниците.

Почитуван претседателе, иако мислата малку ми одлета, ќе се обидам да кажам дека немнојте, не е убаво да говорите за жабји и птичји перспективи, особено кога вие ќе спомнете птици навистина добивам една многу лоша асоцијација, која навистина сакам да ја заборавам и добро е што во меѓувреме вашата мисла и вашата свест еволуирале во добра нагорна линија Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Сафет Незири, повелете со вашата реплика, три минути.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Ве сослушав внимателно во насока на овие празници и навистина е за да се анализира и да дадеме еден аспект на гледиштето околу тоа што го кажавте во вашето излагање.

Вашите зборови беа мед и млеко, речено од еден друг аспект. Навистина, мислите во насоката на тоа што треба да бидеме толерантни и почнавте на еден прогресивен и позитивен начин да ги испреплетувате историите на ВМРО и на Албанската лига од Призрен, или албанската врска. Но, јас би побарал од вас, бидејќи го елабориравте овој дел, зошто вие не покажувате еден вид толеранција во насока на тоа, бидејќи афирмирате толеранција? И од парламентарното мнозинство исто така, го барам тоа да ги имаат во предвид, бидејќи историјата сакале или не, ни е заедничка, дури и заедно неколку празници и да славиме заедно. Да бидеме навистина граѓани од прв ред, без оглед дали се говори за Македонци или за Албанци.

Не знам господине претседателе, дали забележавте, во нашите дискусии неколку пати, не сте биле присутни на седница, дека дел на албанската опозиција, во насока на нивен аспект од историјата на настаните на Револуционерната македонска организација, во ниту еден момент и на ниту еден начин не го спореше револуционерното дејствување на Македонската револуционерна организација, наречена ВМРО од 19-тиот век и дел на 20-тиот век. Бидејќи овој дел од албанците не го спореше тоа, паралелно на неколку други народи, паралелно на неколку деруги соседни држави кои во начело ја спорат не само историјата, туку и јазикот и нацијата, додека овој дел од Албанците не спори на ниту еден начин, туку единствено сакаме заедничката историја на Албанците и Македонците единствено да се потврди и легитимира со државни празници. Кога ќе се слави 2 Август каде учествувале и Албанците, а кога ќе се слави, ако се усвои и 23 октомври, да славиме заедно и Македонци и Албанци.

На оваа линија на толеранција и соживот, содејствување на културен, научен и историски план и се разбира културно да се дејствува во оваа насока, значи и Албанците да го чувствуваат 23 октомври како свој празник. Но, исто така и македонското население да ги чувствуваат како свои, бидејќи Македонија е наша, заедничка. Не е на другите.

Јас би побарал од парламентарното мнозинство од владините институции во оваа насока на говорот на господинот претседател, да се потврди и да се материализира во пракса, затоа што зборовите што ги кажав малку претходно да не останат само празни зборови, туку да се материјализира во насока на тоа сите граѓани на Република Македонија да ги прифатат сите празници односно сите празници да бидат прифаливи за сите граѓани. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Како ретко кога не сакав да прекинам еден говорник. Во право сте, во принцип сте во право. Останатото е процедура и консталација на политички сили. Благодарам.

Господин Најдовски Слободан, повелете со својата реплика, три минути.

**Слободан Најдовски:** Благодрам господине претседателе.

Сакате сфатете како реплика, сакате како дополнување на вашиот говор.

Морам да ви кажам, многу внимателно ве слушав и, на крајот, не успеав да дознам дали сте за законот или против законот што ни е предложен.

Морам да ви кажам дека вашиот говор, на почетокот ми залиЧе, тоа во позитивна насока, дека како претседател на Собранието сакате да

ги смирите страстите во расправата и тоа ќе беше добро ако така продолжевте. Но, од друга страна стекнав впечаток дека уште повеќе ги разгоревте страстите со вашето додворување на одредени политички опции или додворвуање кон пратеници, а сето тоа во една завиена форма.

Тоа ви го кажувам од следниве причини, после вашата дискусија не ми останува ништо друго освен да заклучам дека во ова Собрание, по ваше барање, треба да се побара Владата да го повлече овој закон од собраниска процедура, бидејќи не се согласувам ниту со оние кои сметаат дека, ако се расправа во две фази, нешто ќе постигнеме повеќе, ниту пак со оние кои мислат дека сега е моментот да го донесеме овој закон.

Сега е моментот да се повлече овој закон од собраниска процедура. Тоа ќе го поткрепам иако немам доволно време во репликата, со два-три аргументи.

Вие сакате да ни кажете, иако велам, на почетокот не така дека само вашата вистина е точна. И, дека секој друг кој говори, нема никаков аргумент. Мислам дека тоа не е добро.

Второ, самите рековте дека празниците треба да ги чувствуваме во срцето. Ние, овие 16 години ниту еден Илинден не прославивме онака како што треба. А токму од вас, како вас и токму од двете најголеми политички партии е судирот што постојано го имаат во Република Македонија во овие 15 години. На крушевчани им го одземавме Илинден како празник за да се прославува. Ние политичарите сносиме најголема одговорност за тоа.

Токму одговорот, што вие сега на ваков начин го имавте. Се повикавте на Шпанија и рековте дека таму пишува “тие се бореа за Шпанија”, а истовремено кажувате - оние кои се бореа, поради тоа што биле комунисти во НОБ ги нарековте “чума”.

Затоа, господине претседателе, вашиот говор ми укажа на тоа дека е време, законот да се повлече од процедура, да создадеме амбиент сите ние да се чувствуваме горди на празниците.

Само уште една реченица, извинете за времето, само една реченица.

**Љубиша Георгиевски:** Имате бонус уште 30 секунди.

**Слободан Најдовски:** Кажувате за прославување на основањето на ВМРО.

Само да ве запрашам, кој во име на Владата пред извесно време во Смилево, на гробот на Даме Груев постави цвеќе? Никој! А, се пролсавуваше годишнина од смртта на Даме Груев! И, сега, овде ќе кажуваме кој повеќе, кој помалку е македонец.

Затоа, да се повлече овој закон, е најдоброто што можеме да го направиме во овој момент. Благодарам на времето што ми го дадовте.

**Љубиша Георгиевски:** Кондарко Борис, повелете вие, три минути за вашата реплика.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

И да ви напоменам, апропо, вашиот говор на што ми е и насочена репликата, дека ве почитуван не само како претседател и како институција, туку пред се како човек, за разлика од она што вие го кажавте во вашиот говор, бидејќи не поделивте нас пратениците на луѓе и нелуѓе, без разлика дали од идеалистички или реалистички аспект како што кажавте. Сеедно, не поделивте на луѓе без срце и со срце и тоа што, замислете како што вие кажавте, уште тоа срце требало симфонично да бие за вашите хармонизирани идеали.

Е, па дозволете господине Георгиевски, демократски да ви кажам дека немаме обврска да мислиме и да веруваме во нешто исто како вас. Тоа е врвот на демократијата за кој и вие се залагате, за кој ве доживувам како вистински борец за демократија, затоа во индина треба да се корегирате.

Покажавте, сега дозовлете ми да ги кажам моите човечки дилеми, бидејќи јас се сметам, за разлика од вас, вие мене не, јас се сметам за човек, демократски дилеми пред се. Го кажавте примерот со Шпанија. Велите - сите гинеа за Шпанија. Па, господине Георгиевски за кого гинеа Тодор Александров и Александар Протугеров? За кое ВМРО поточно?

Значи, мојата човечка дилема е, што во вашата партија, еден од основачите на ВМРО-ДПМНЕ господинот Коле Мангов, во едно отворено писмо вели, цитирам:

“Тодор Александров, преку своите извршители, во исполнување на своите завети пред бугарскиот двор и својата оддаденост на бугарското татарско племе ги убивал и убивал Македонците. Меѓу убиените се Сандански и Ѓорче Петров и други и други”. Завршен цитат.

Тоа го вели Коле Мангов, основачот на ВМРО-ДПМНЕ. Значи, вие имате проблем. Ние немаме проблем со “како бие нашето срце”. Нашето срце бие за вистинското, историско ДПМНЕ, патриотското ДПМНЕ...

(Реакции во салата).

Се извинувам, ВМРО...

**Љубиша Георгиевски:** Голема грешка...

**Борис Кондарко:** Се извинувам за грешката. Се извинувам, во жарот на дискусијата.

Не се смејте господине претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не точно кажавте. ВМРО-ДПМНЕ...

**Борис Кондарко:** Ќе ми дадете бонус уште 30 секунди, ме прекинувате.

**Љубиша Георгиевски:** Бонус 30 секунди.Денеска сум расположен.

**Борис Кондарко:** Сум за она ВМРО кое ја извојува Крушевската Република и кое го напиша Крушевскиот манифест. Тоа е патриотското, вистинското ВМРО за кое бие и моето срце и срцата на другите од СДСМ.

Меѓутоа, проблемот е за кого биело срцето на Тодор Александров и Александар Протуѓеров,

како што вели Коле Мангов? И, дали треба и нив да ги славиме? И, кое е тоа ВМРО што вие сакате да го славите?

Или, можеби проблемот е што токму ДПМНЕ, по не знам кој основ, по сто години се прогласува за наследник или дежурен патриот или Внатрешна револуционерна организација, како што сакате да се нарекувате, а сака токму ДПМНЕ да има свој државен и партиски празник. Тоа е вториот проблем господине Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам, ви истече и бонусот.

**Борис Кондарко:** Само уште десет секунди.

Четирите свети македонски букви ВМРО да се заштитат со закон, меѓутоа во тој случај ДПМНЕ ќе треба да се откаже, ако навистина сака да биде државен празник 23 октомври, да се откаже од делот од своето име ВМРО. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Не одговорам на сите реплики. Ќе го опчекам и господинот Садула Дураки, па после ќе одлучам дали ќе одговорам или не.

Повелете, три минути господине Садула.

**Садула Дураки:** Благодарам господине преседавач.

Вашата дискусија ја следевме внимателно и, навистина беше инспиративна дискусија за романтичарите, да напишат романи. Романи за тоа како биле и како соработувале и содејствувале двете заедници во Република Македонија.

Меѓутоа, тука сме во еден Дом во кој се донесуваат закони и се предлагаат измени и дополнувања на Законот за празниците, така што е спротивно на тоа што вие го велите дека со предлозите за изменување на Законот. Така што, граѓаните веруваат само на Господ без да го видат и да го допрат, додека сите други работи сакаат да ги видат, да ги допрат и да бидат забележани, напишани во закони што се донесуваат во овој Дом, во овој Парламент.

Тоа беше добра дискусија да ги инспирира романсиерите да напишат убави, добри романи, луѓето да ги читаат. На крајот, да се дојде до едно добро сценарио, за да се направи еден добар филм за Република Македонија, за тоа како треба да се соживува.

Меѓутоа, ние, тука дискутираме за предлог и за изменување на Законот за празници. Токму кога го спомнавте полнењето на чашата со вино, вие тогаш треба да дејствувате и да разговарате со сите заедници во овој Парламент и со сите истомисленици ваши и со мнозинството парламентарното мнозинство и со Владата, токму да се наполни таа чаша, во однос на овој Предлог на закон треба да се оди во две фази. Вие господине претседавач не се изјаснивте дали треба да биде, туку се настојува од мнозинството да се донесе во една фаза. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на сите кои земаа збор за реплика. Длабоко сум убеден дека внесоа адекватна светлина, секој од свој агол во она што го кажав.

Сега продолжуваме.

Анастасовски Иван бараше збор, повелете.

**Иван Анастасовски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван министре кој веќе четврти ден не е во својот кабинет и овде е да го брани законот, да биде со нас и да ја слуша оваа дебата од четири дена.

Искрено, за сите овие четири дена се мислев дали да се јавам по едно вакво прашање, дали да не се јавам. Дали да направам реплика по одреден дискутант или да не направам и за цело тоа време се јавував и се одјавував. Како впрочем и некои други пратеници кои го правеа тоа. На крајот се решив да, ќе останам во најкратки црти да го кажам тоа што јас го мислам и јавно го чувствувам по однос на овој закон.

Уште во владината процедура кога беше овој закон јас јавно проговорив и во медиумите како ќе се однесувам и како размислувам по однос на овој закон. Со право и со право овде бев прозиван на почетокот од некои колеги од опозицијата, кои ме цитираа, но во тоа време кога ги давам тие изјави не бев потпретседател на Собранието. Меѓутоа, стојам зад тоа што сум го рекол, а сум рекол дека овој закон, можеби не требаше да се најде сега во собраниска процедура. Не беше времето. Стојам зад тоа. А, подоцна ќе објаснам зошто е тоа така.

Од друга страна, сакам да полемизирам за одредени тези што беа пласирани по однос на законот и од опозицијата и од позицијата. Впрочем, секој ги кажа своите аргументи и остана во своите ровови по однос на тие аргументи. Тоа значи дека пак не успеавме, односно климата беше таква по однос на овие четири дена дебата, да нешто се промени.

Законот, нормално ќе биде донесен. На кој начин, со прифаќање дали на одредени амандмани или не, сепак, на крајот ќе биде донесен и треба да заживее.

Имавме можност да слушнеме дека бил многу приоритетен, имавме можност да слушнеме дека не бил приоритетен закон.

Почитувани колеги,

Ние овде носиме закони. Треба секој закон што го носиме овде и да го почитуваме, без оглед на тоа дали го поддржуваме, дали ќе му дадеме шанса, дали ќе гласаме за него или нема да гласаме за него. Тој, сепак, на крајот, откако ќе биде донесен, ќе биде закон за сите нас и треба сите да го чувствуваме и да го почитуваме тоа законско решение, без оглед на тоа какво е и моето мислење во однос на овој закон.

Се рашири тезата дека тој треба да оди во две фази. И во дебатата што беше внатре, во нашата пратеничка партија на НСДП, тоа беше јасно кажано, од повеќето мои колеги, дека овој закон треба да оди во две фази. Но, аргументите што ги слушнав во мојата партија и од колегите

пратеници од опозицијата дека тој треба да оди зошто е потребно експертско мислење, дека е потребно да ја вклучиме јавноста.Да.

Но да бидеме искрени, кога бев дел од вас, баравме секогаш опозицијата, да бидеме искрени, опозијата го бара тоа експертско мислење и ја бара јавноста. Кога седиме од оваа страна, тоа толку не не засега. Единствено не интересира да го донесеме тој закон. Сакам да ме демантирате во тоа дали тоа не е така.

Значи, кога сме од таа страна, секогаш не засега мислењето на јавноста, секогаш не засега мислењето на експертите.

Меѓутоа, она што вчера го рече и почитуваниот колега Герамитчиоски во својот говор, па и ова е јавна дебата, и ние сме дел од тоа. И ние имаме право. За тоа не избрале да го кажуваме своето мислење и еве, четири дена да дебатираме за тоа. Четири дена дебатираме за тоа. Затоа мислам дека тој аргумент кај мене не е многу позитивен.

Меѓутоа, од друга страна, како пратеници, да се заштитеме себе си сосема е во право да бараме две фази, бидејќи тоа Деловникот го бара. Поради тоа имаше коментари во одредени весници за тоа зошто дозволуваме да одат одредени закони во такви процедури. А, Деловникот говори нешто спротивно. На тоа гледам позитивно по однос на ова, а не поради тоа што ние овде се повикуваме, јавноста, дебатата или експертите.

Глеаме и самиот претседател каков говор имаше и Роза, колешката Роза која доаѓа од таа струка, какви говори има и тези по однос на овој закон. Да не се девалвираме самите себе. Најголем дел од нас можат коректно и сосема легитимно да разговараат по однос на ова прашање.

Затоа мислам дека е поисправно да бараме две фази по однос на тоа што Деловникот го бара во тоа во процесот на носење на одредени закони.

Кога јавно говорев за овој закон, кажав и ќе повторам дека можеби ова е прерано во моментов на носење на овој закон.

Меѓутоа, во законот гледам позитивни и одредени негативни елементи. Така и го градев мојот став и така ќе го изградам мојот став по однос на гласањето, впрочем на крајот и листингот тоа ќе го покаже.

Искрено мислам дека двата дена во мојата филозофија, во моето размислување двата дена кои се скратуваат е оправдано. Јавно кажав дека можеби не е оправдано како празник да се вметне име на една политичка партија. Меѓутоа, искрено слушајќи ја дебатата во овие 4 дена, почнав и да се разубедувам, бидејќи тргнавме од првиот ден од 1893 година стигнавме до 2001 година. Дури и внатре во мојата пратеничка група имавме различни спротивставени мислења со некои од колегите пратеници, што е сосема легитимно. Впрочем и Уставот тоа нас ни го гарантира како ние ќе се однесуваме по однос на одредени закони, а и така треба да разговараме. Затоа, имавме одредени спротивставени мислења и вчера слушнав одредени говори кои можеби беа и револуционерни, лидерски или било какви. Ги почитувам тие мислења на моите колеги кои се од мојата пратеничка група, што е сосема легитимно. Верувам дека истото ќе го направат и тие по однос на моето мислење. Затоа, слушајќи ги сите овие изминати 4 дена дебатата од 1893 до 2001 година, дури и Рамковниот договор, за жал, го инволвиравме на некој начин во ова и се кажаа некои зборови и термини кои не доликуваат на тој договор. Јас само кратко на тоа ќе одговорам дека јас го почитувам тој Договор. Сум учествувал во неговото спроведување како пратеник. Впрочем, најголем дел од нас овде се дел од тој Договор. Лидерите на тие партии во тоа време кои го потпишале значи имплементација на сето тоа преку она што ние сме го сработиле како претходен состав на Собранието и тоа треба да го почитуваме. Тоа е нашата реалност и тоа не треба да го поистоветуваме по однос на овој закон кој го носиме денес.

Во медиумите, а гледам и од одредени дебати, можеби беше намерно пласирано дека постои одредена криза во коалицијата по однос на ова прашање. Апсолутно сакам да кажам од овде, бидејќи јас прв почнав да говорам јавно за тоа прашање дека нема криза, впрочем тоа и беше тезата на мојот колега, она што го кажа колегата Петар Поп Арсов дека постои криза во коалицијата. Апсолутно нема криза по однос на ова прашање. Ние како пратеничка група јавно го кажавме нашиот став. Дозволивме и така да се однесуваат пратениците по однос на ова прашање, што не мора да значи дека постои криза во коалицијата и тоа овде сакам јавно да го демантирам. По одредени прашања различните мислења не значат дека продуцираат криза. Меѓутоа, така се наметна тезата, така го пренесоа медиумите и се создаде таква фама, да се изразам, во јавноста дека постои криза. Апсолутно не постои криза, туку одредени спротивставени мислења по однос на ова прашање, што не значи ако јас сум имал јавно искажан збор таков дека продуцирам одредена криза во коалицијата или било кој од колегите пратеници од Новата Социјал Демократска Партија. Затоа јас реков сосема е легитимно тоа што ме прозиваат одредени пратеници и цитираат дел од мои изјави кои сум ги кажал и стојам зад тие изјави.

Јас само би апелирал, бидејќи слушнав и такви размислувања по однос на овој закон дека најголем дел, одреден дел на луѓе гласале за ова мнозинство, другиот дел дали ќе го почитува или нема да го почитува тој празник. Мислам дека тоа не е добро. На почетокот кажав, законите кои што ги носиме овде, дебатираме и го кажуваме своето мислење, гласаме за, гласаме против, воздржано или воопшто не гласаме по однос на одреден проект, меѓутоа не е добро одкако тоа ќе се донесе да не го почитуваме. Тоа може да биде и како апел, бидејќи јас така ја разбрав таа теза која беше пласирана по однос на ова прашање кое го имаме на дневен ред. Бидејќи, знам дека веќе сме

заморени од оваа дебата, не знам што се не се кажа, какви не личности се спомнаа во оваа дебата, јас на крајот ќе останам на мојот став кој јавно го кажав дека можеби не беше сега моментот за овој закон, но верувам дека одкако ќе се донесе овој закон сите ќе се однесуваме со респект спрема тој закон. Иако, во даден момент сме размислувале и спротивно или се гласало спротивно од она што значи позитивно видување по однос на овој закон.

Затоа, на крајот сакам да не го одземам вашето внимание и да кажам апсолутно тезата која беше на почетокот пласирана  дека постои одредена криза, тоа воопшто не е така. Ви благодарам почитувани колеги.

**Љубиша Георгиевски** : Благодарам.

Господине Беџети имате збор.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам господине Георгиевски, почитувани присутни,

Јас, во текот на овие денови, додека се расправаше за законот за празниците, ниту од претставникот господинот Мешков, ниту од пратениците кои се составен дел на парламентарното мнозинство не успеав да ги сватам или да разберам две есенцијални, суштествени работи кои треба да се надоврзат со овој закон за празници. Иако, од многу пратеници кои излагаа се потрудија да отворат расправа и да се расправа со аргументи, по се изгледа некој не е заинтересиран за ова. Јас би поставил неколку прашања и би го замолил секој кој е подготвен да ми помогне да изградам еден став, за да го поддржам овој закон. Дали е од преродбата, додавајќи ги и деновите на неработење. Со тоа ќе се постигне некоја преродба, ќе имаме зголемување на платите, луѓето ќе работат помалку или не знам што е ова. Македонија како што е мултиетничка е и мултиконфесионална држава. Понатаму ќе го елаборирам ова и не знам дали е од интерес на Македонија да одбегне од пристапот, секуларистичкиот пристап кој го имавме. Доколку Македонија секоја извршна власт ќе спушти на она што е актуелно и на ваков пристап, мислам дека ќе биде грешка. Таа како што е мултиетничка е и мултиконфесионална и ако ги земеш во некој соодноc ова повторно не е дел од преродбата. Бидејќи, се вели толку денови ќе бидат неработни, молам, кога ние славиме Бајрам, дали Собранието ќе работи. Исто важи и Рамазан Бајрам и за Курбан Бајрам, вие нема да работите, но и спротивното. Кога е Бадник  ние нема да бидеме присутни, дали вие ќе ррработите и дали ќе свикате седници за да дојдеме ние да расправаме. Еве, ќе почнам од самото Собрание, а понатаму ќе се спуштам и на целата администрација. Колку е функционално сето ова. Ве молам, господине Мешков треба да водите сметка и за работодавачите, каква ќе биде нивната реакција, како и за работничката класа и за сите други, колку ова може да се одрази во нивното работење и како може да влијае и од аспект на нивните плати. Ниту едно оправдание нема, а се вели дека треба да се донесе овој закон и ништо друго. Јас никаде не слушнав зошто Рамазан Бајрам треба да биде државен празник на Републиката, а Курбан Бајрам не. Дали овој празник има помало значење од Рамазан Бајрам или во што е работата. Нема помало значење Курбан Бајрам, господине Мешков бидејќи вие сте претставник на Владата и вие го штитите овој закон. Доколку за Рамазан Бајрам, луѓето постат 30 дена и понатаму завршува постот и почнува нормалниот живот и се слави за Курбан Бајрам, припадниците на исламската заедница од цел свет го исполнуваат еден од петте услови односно Хаџот и одат во одредени места. Воопшто не е од помало значење.

Уште еднаш би ве замолил да имаме реален и објективен пристап. Верски празници има во сите конфесии и религии. Јас се извинувам, припадниците од заедниците кои не ги спомнав, доколку ние влеземе во оваа игра, ќе го избегнеме секуларниот пристап кој треба да го има Македонија. Слушам се назначуваат болници Свети Еразмо, Свети Петар и тогаш да го правиме спротивното. Знаејќи какви се надлежностите на локалната самоуправа која е во тек на децентрализација, сите објекти ќе ги претвориме и сите институции ќе почнеме именуваме врз верска основа. Доколку мислите дека ова е некој вид национална преродба или економска преродба, јас со најголема одговорност го велам и сум спремен да полемизирам на секој начин толку колку што знам и колку што имам познавање и со господинот Мешков кој е претставник на извршната власт. Да седнеме и да направиме еден список на празници и во втората фаза да видиме кои треба да бидат некои од поголемо значење, бидејќи сите имаат свое значење. Искрено не знам, еве нека ми се каже како ќе функционира администрацијата во општина ЧАир или во некоја друга општина каде што ќе се слави задушница. Не е во ред да го лажеме народот дека овие ќе бидат работни само за оваа конфесија. Тогаш, имајте смелост и прогласете ги сите овие денови неработни. Не е во ред да се криете зад сето ова. Уште еднаш ќе нагласам, пристапот со кој се одбегнува, искрено сакам одговор за ова, господине Мешков. Ова е надоврзано со се што е кажано и не е во ред дека ова е едно настојување за да почнат да сес назначуваат институциите врз верска основа. Доколку една има контра реакција од општините, другите општини или утре од некоја друга власт, овде ќе имаме една рашомонијада и Македонија ќе биде најверската држава во цел свет. Ова не е од голема полза и сме ветиле на народот поинаква преродба, а не преродба за празници. Не се согласувам со тоа, а сите закони си имаат своја тежина. Законот треба да биде изготвен во согласност со некоја реалност и треба да има визија во самиот закон. Бидејќи, законот го носи законодавен орган, треба да има визија како и зошто се носи тој закон. Сите ние знаеме дека имаме празници и јавно го прашувам

претставникот на Владата зошто Рамазан Бајрам е празник на Републиката, а Курбан Бајрам не е државен празник. Кој теолог ви помогнал да се определите на овој начин. Кој од тие кои припаѓаат на православната вера ве посоветувал дека треба да биде вака да не се работи на овие празници. Значи, кој ви сугерирал и спротивното на ова што е предложено. Кои се тие теолози со кои сте се консултирале и од православната и католичката вероисповест како и исламската кои ве советувале на овој начин, бидејќи и ние не ги знаеме овие работи, што не е во ред да се претвориме во едно Собрание кое ќе определува кој празник е позначаен од другиот. Тогаш, ајде ние да почнеме како Собрание да управуваме и со верските институции, било со исламската или македонската православна црква и ние да го определуваме тоа. Тогаш да работиме не 20 дена, туку не треба воопшто да работиме. Ќе ја претворите Македонија во нешто друго и треба да направиме друго седиште, а не да биде во Рим или во Ватикан. Ве молам, државните празници се знае што се. Треба да се поврзат со државотворноста, со нацијата и да се договориме да има по еден или два празници поглавни, кои имаат поголема поддршка и кои ги слави населението кое што живее во Македонија, во согласност со мултиконфесионалната реалност и да нема некои големо оптоварување и никако да не се надредува само една конфесија да се назначува. Би замолил да не почнеме да ги назначуваме и болниците. Во тие болници одат сите и воопшто не ми пречи да има и Свети Еразмо, и Свети други, но не е добра визија на тој што го врши сето ова.

Малку порано господинот Георгиевски ја пофали личноста на Скендер Бег , но кога не е во ред кога се назначуваат здравствени објекти со имиња никој не реагира, бидејќи не сме против тоа. Знаете, се крена прашина кога се работеше за тој голем херој, ние 120 пратеници не можеме да влеземе во таа дебата и се направи врева од неколку кругови и сето тоа стана топ тема. Доколку мислиме, а посебно парламентарното мнозинство ако мисли дека со вакви постапки ќе направи преродба, јас ја земам одговорноста дека грешите и овие грешки многу ќе ве чинат од аспект на менаџирањето.

Затоа, уште еднаш го молам претставникот овластен за овој закон да ми објасни кои беа критериумите за да ме убеди, бидејќи јас сакам да гласам за овој закон, а не сакам никому да му попречам ниту Рамазан Бајрам, ниту Задушница, но прашувам кои се критериумите по кои се раководевте. Значи, треба да се каже дека некој е попатриот како ВМРО, а зошто да не биде и Призренската лига. И јас сакам да го славам тој празник. Некој сака да се покаже поверник, не господине тоа, ова не се прави со зборови. Повелете, направете преродба и тогаш народот ќе ви верува, бидејќи тоа сте го ветиле. Еве, да направиме работи со кои ќе бидат задоволни сите слоеви кои живеат во Република Македонија и да имаме една преродба за да се покачат платите и понатаму ќе носиме еден закон за празници уште подобра и ако треба ќе го прошириме и ќе направиме 40 празници. По некоја анализа или истражување е констатирано дека народот и граѓаните кои живеат тука, ако е ова причина, доколку граѓаните на Република Македонија толку многу се верници, тогаш можеби е разумно, но треба да го слушнам и ова истражување или консултации за да ми биде како основа во однос на мојот став за овој закон , дали треба да оди во една или во две фази или треба веднаш да го изгласаме овој закон. Сакам убедливи аргументи, а јас би го замолил исто така да ги има предвид и ова што го кажувам јас како и она што го кажуваат и мои други колеги дека можеби и ние можеме да придонесеме утре да имаме еден подобар закон. Ви благодарам сега засега.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине министре.

**Љупче Мешков:** Јас не знам колку аргументите да се јаки, не знам дали и покрај тоа пратеникот ќе ги прифати. Но, како и да е јас кажав дека законот што го предлагаме, појдовме од неколку цели што треба тој да ги постигне, меѓутоа, не можам да сфатам во што е проблемот ако одредени празници се празнуваат само од припадници на одредена вероисповест односно, пратеникот го постави прашањето како ќе функционира администацијата односно како ќе функционира Собранието или да речеме други органи. Собранието на Република Македонија не заседава ако нема кворум и ако не е празник. Значи, ако е празник на припадници на одредена веросповед тие тој ден, се разбира не работат спорд Законот, затоа што тоа е празник за нив, а Собранието дали заседава или не зависи од Деловникот, дали има кворум на седница, дали нема кворум. Значи, и да не е празник ако нема кворум Собранието не работи. Администрацијата ако 30% од припадниците или повеќе, не е битно, во некој орган од припадниците на муслиманската вера, на пример празнуваат тој ден зашто да не работата другите 70%. Затоа и празниците се поделени на оние кои се однесуваат на сите граѓани и оние кои се однесуваат само на припадници на одредена вероисповед.

Значи, критериумот по кој се појде е општата и масовна прифатеност на народот од одреден пазник. Значи, кој празник е помасовно прифатен и во таа насока е одено во нивното пазнување, дали е тоа празник за сите граѓани или само за одделни припадници, а не по тоа дали Рамазан Бајрам е важен празник, а Курбан Бајрам не е важен празник. Значи и двата празници се важни, но појдено е од критериумот дека одредени празници се помасовно и повеќе прифатени кај народот.

На крајот на краиштата ова е Предлог на Владата во кој што се разбира членува во коалицијата и партија и припадници кои не се сите припадници од православна вероисповед и сигурно во тој дел имавме помош и во тој дел е заеднички предлогот

на сите во Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Стојан Андов, повелете.

(Некој од пратениците бара збор за реплика).

Точно, имате право на реплика, Блерим Беџепи, три минути, повелете.

Се извинувам господине Андов.

Алити се јавува за реплика?

(Реакција на пратеници од место).

Имаше дискусија, министерот има право во секој момент да земе збор.

Значи, прв е за реплика Блерим Беџети три минути, потоа Рафис Алити.

Повелете господине Беџети.

**Блерим Беџепи:** Ви благодарам.

Господине Мешков, јас го знам Деловникот за кој говорете и како функционира Собранието. Вие немате аргуменит и немате образование како да го кажете тоа. Еве на пример, сакам да ми кажете во една фабрика каде се произведува месо, каде има ланчан систем, или каде се произведува лек и да претпоставиме дека има 50% со 50% од вработените од исламската и православната и католичката конфесија. Како ќе функционира целото производство? На пример, во полиција, во здравството кога лекарот или помошникот, ве молам не случајно реков општо земено, вие можете да кажете дека се водело сметка, но и од претставниците на некоја политичка албанска партија која партиципира во Владата, но ниту јас ниту тие не се толку надлежни, компетентни да определат празници кои како треба да бидат и слават. Сигурно ви е познато дека и првиот човек на исламската заедница искажа незадоволство во врска со овие празници. Јас уште еднаш ќе ве потсетам дека не држи како на пример, на суд. Доколку е определен обвинителот тој ден и му припаѓа на исламската заедница, а судијата од православната како ќе се води тој суд, тоа рочиште или спротивното. Треба да се променат. Значи ова е нешто што не држи. Доколку мислите дека, ме терате да го кажам со сила ова ако сте констатирале дека не сте работеле до сега како што сте го ветиле, не може да се реализира преку ова знаејќи претходно дека ќе има поголеми реакции и еве сега ДУИ и ПДП сакаат да го блокираат ова и ова, и утре поради различни пазарења ќе дојдеме до 24 празници итн. И што ќе постигнеме со сето тоа. Кога реков барам објаснување мислев дека ќе ми објасните дека сте имале анализи, истражувања и анкети кои празници треба да се слават. Вие ова го знаете подобро бидејќи сте дел од Владата и дека ви помогнале оние кои се дел од исламската вероисповест, како дел од Владата и како ќе се работи не се воопшто јасни во таа насока. Значајно е зошто не сакате да ми одговорите на секуларното прашање преку назначувањето на разни институции. Ова е од големо значење за Република Македонија. Во оваа Република не е во ред поради мултиконфисионалната реалност да се случи ова, да биде во полза една заедница во спротивност на другата.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот.

Повелете господине министре.

**Љупче Мешков:** Значи ние секако и постојниот Закон регулира ситуации таму каде што процесот на работа не дозволува. Значи, таму работодателот ќе си го организира процесот на работата. Значи, ако во една фабрика која спомнува дека без тие двајца или тројца луѓе не може тогаш се наоѓа решение и за тоа Законот нуди такви решенија. На крајот на краиштата Законот е императив, Законот се применува и тој мора да се почитува и да се применува. Значи, и во деновите кога се неработни како празници и тогаш е можно работодавачот ако процесот на работа тоа не го дозволува да си ја организира работата на соодветен начин.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете, господине Алити, три минути реплика ваша на министерот.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Јас навистина во текот на целото време ние како пратеници, како парламентарни групи баравме господинот Мешков да даде објаснување, потполни објаснувања околу празниците кои што се предложени со овој Предлог закон. Меѓутоа, за жал, такви објаснувања не добивме, значи такви агрументи се уште не сме слушнале кои што би не убеделе дека навистина не само ние тука во салата туку и јавноста дека со работата што ја правиме сега ќе биде подобро. Јас уште на почетокот ќе кажам дека како парламентарна група како коалиција го држиме тој став дека треба да се донесе еден ваков закон за празниците, меѓутоа не на овој начин каков што се наметнува од страна на Владата. Мојата реплика е во однос на тоа дека неколкупати господинот Мешков тука меѓутоа, и некои други дискутанти го спомнуваат 70, 30% од конфесиите или пак од православната вера или пак 30% од жителите или граѓаните кои припаѓаат на исламската вероисповест итн.

Мислам дека искрено, не е добро да се манипулира со овие цифри иако не претендирам да кажам колкав е процентот на муслиманите, а колку на православните верници. На крајот на краиштата за мене нема никаков значај тоа зависи кој како се чувствува. Меѓутоа да се манипулира во Собранието дека поради процентот кој што е да речеме волку проценти од оваа вероисповест и поради тој процент ќе добие толку денови на празници, мислам дека не е во ред. И доколку се земе овој процент и се види соодносто на празниците кои што се предложени, пак тоа не е во истиот сразмерен сооднос 70-30%. Така што ќе биде добро тој аргумент повеќе не се спомнува од страна на претставникот на Владата. Затоа што навистина тогаш ќе побараме статистички податоци прецизни и во оваа област во која се настојува да се аргументира зошто оваа

листа е понудена на овој начим и ќе излезе дека не е баш така. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Министерот има контра реплика, повелете.

**Љупче Мешков:** Се извинувам ако така бев разбран. Значи немав намера да го одредувам процентот, меѓутоа во примерот реков ако во една организација на пример 30% припадници на муслиманската може да биде и обратно да бидат 70% муслимани, а 30% православни. Значи во таа насока, а не да одредувам колку се или што се. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, господине министре, почитувани колеги.

Еве ние расправаме по овој Предлог доставен од Владата и сакам на почетокот на моето излагање да кажам дека јас сметам дека е добро Владата што донесе ваков Предлог и мислам дека има корист од оваа дебата. И ако оваа дебата на прв поглед долго трае, некој мислат дека ги дигаат тензиите, јас мислам дека тоа во крајна линија е корисна дебата, мислам бидејќи ќе ја подобри општата состојба во државата и ќе придонесе за подобро разбирање на луѓето меѓу себе.

Има еден приговор дека не навлече овој закон да се докажуваме кој е каков македонец, да ја вовлечеме историјата во расправа овде во Собранието, меѓутоа морам да истакнам дека ние сме земја која и денес живее во услови кога историјата и е многу секојдневно присутна и интензивно е присутна како ретко која земја да кажеме, ете ако едно претпријатие го промени своето име предизвикува разговори и размислувања и во регионот и во Вашингтон и во Брисел и во Њу Јорк во Обединетите нации итн. Или ако за едно убиство на една млада жена пред 79 години се прави панихида од страна на група луѓе што ја почитуват неа, ќе се најде друга група луѓе која со палки или не знам што ќе ги изнатепа, па уште тоа може да предизвика и меѓународни последици и вербални ноти итн.

Ретко каде историјата на тој начин е присутна и така интезивно и така моќно и така окупирачки како што е кај нас. И затоа неизбежно е, еве и кога ваков Закон ќе дојде, а неизбежно е и кога ваков Закон ќе дојде да се расправа по него и да навлеземе во историјата. Ние парламентарците не мора да бидеме историчари, а таа историја да ја живееме и да ја чувствуваме како управувач и влијателен фактор на нашето секојдневно однесување и на нашата способност да размислиме и да се определуваме понекогаш. Како што знаете еве секој во оваа расправа од свој аспект ги вреднуваше настаните во историјата, историските настани, ги вреднуваше и оние кои си ги кажуваше мислењата и оние кои другиот ги вреднува, итн. На пример, најмногу се расправа околу значењето на 23 октомври 1893 година. Се проблематизира тој датум со тоа што се зборува за Разловечкото востание и Кресненското кое му претходат. Се разбира ако стоеше во законот Разловечкото востание и датумот кое е тоа покренато можеби од други причини ќе се наведеа сигурно активносите на дедо Иљо Малешевски кој навистина водел војни против освојувачот и тоа забележителни борби, итн, можеме да одиме назад на претходниците и секогаш можеме да си поместуваме. Нашиот проблем е тоа што ние ги знаеме скоро сите историски датуми, ги знаеме сите историски факти, но тешко ни е да ги поврземе во една целина, тешко ни е да ги видиме во таа целина пресвртните точки, судбоносните точки и тешко ни е околу тоа да се сложиме. И затоа сите овие историски факти кај нас некако делуваат фрагментарно во свеста наша, во историската наука, па и во убедувањето на луѓето. Тие имаат некој пиетет спрема нив, но не еднакво ги вреднуваат иако се обеде некој да прави целина, тогаш дотуркуваме некако до две целини. Во нашата историографија е веќе одамна востановена таа поделба на леви и десни сили, на оние кои биле во линија на национално докажани борци и на оние кои ја нарушувале таа линија итн. Таквите состојби создадоа таа линија, таа поделеност на нашата историја, таа поделеност во свеста на нашите луѓе, таа поделеност во разбирањето на нашето минато, биде голема кочница во можноста да се искаже вистинската сила на нашиот народ да може да си ги изгради своите вистински капацитети и да ги активира. Колку органичувачко тоа делува во свеста на нашите луѓе го забележуват сега веќе и научниците некои угледни наши мислители кои едноставно веќе гледат дека треба да се отфрли таа поделеност и дека концептот во целина треба да биде прифатен од сите и да се потпреме на него и да ги прифатиме сите тие наши дејци, наши борци, наши луѓе што влијаеле и се жртвувале и што ангажирале и што придонеле на крајот на краиштата да ја имаме оваа Република Македонија денеска.

Го слушам, сите вие ви е познато едно интересно излагање на академик Старделов по повод чествувањето, потсетувањето, обележувањето на значаен датум од активноста на Крсте Мисирков во академијата за науките. На еден интересен начин се погрижи да укаже дека едноставно сите се тие наши и дека Мисирков е еден од ретките дејци во Македонија кои на време веќе 1905 година кажал: “престанете да се карате сите сте едно и треба заедно да се борите и само така може да има резултати”. Тоа проклетство кое го видел Мисирков и оставил порака кај нас се уште е присутно. Еве и повикот на господинот Гергиевски, нашиот претседател, не успеа толку да не замисли дали навистина треба малку да се ослободиме од она што не тера едни на други по се да бидеме едни на други против. И да бидеме две страни, три страни итн. и да гледаме зла намера, и да гледаме дека тоа некое подметнување, некое јаболко на раздор, итн. И тоа не успеа еве во оваа наша расправа, а јас сепак мислам дека оваа наша расправа има

разултати и тоа добри резлултати. Прв пат слушам од пратеници на СДС за големината на ВМРО историско.

Прв пат мислам дека не држат и не инсистираат на тие тези лева или десна фракција само на ВМРО историско итн. Мислам дека се приближуваме и се бориме да се приближиме и да сфатиме дека 23 октомври 1893 година е ден кога е поставена платформата за револуционерна борба на сите жители на Македонија за создавање на македонска држава. Ако тоа така го сфатиме, ако така сфатиме, тогаш отпаѓаат сите оние приговори и подметнувања, па и од странските пропаганди, дека Македонија е и македонскиот народ се резултат на политиката на Коминтерната, дека двете светски војни се измислица, дека комунистичка творба е таа држава и тој народ итн., итн.,туку се покажува нешто сосема друго. Фактички тогаш веќе имало доволно сили да можат да создадат платформа, да се договорат за платформа. Имало борци и пред тоа, но немало сили кои ќе ја формираат таа платформа. И таа платформа е формирана, обзнаена, ширена, развивана меѓу народот, меѓу населението, се обединувала. Македонци по род, Власи, па имало и Турци, Албанци, сите ги обединувала во таа борба. На крајот на краиштата ако не била таква таа платформа, ние денес не ќе сме имале држава. Таа платформа фактички ги има консолидирано силите, ги има разбудено силите. Во настојувањето да се доведе под сомневање историската вредност на тој датум, на тој чин, некои учени луѓе и политичари наведуваат потоа некои нивни изјави на тие луѓе од нив, дека некои од нив се сметале за Бугари, итн. итн.

Ве молам, ние треба да сфатиме дека тие луѓе се школувале во институции кои тогаш постоеле. Тоа се и сами признаваат ученици на егзархичките училишта. Тие веројатно и заради меѓународните околности и заради Берлинскиот договор имале сигурно во своите искажувања и поврзување на борбата што ќе ја водат и со идеите кои во Бугарија се развивани. Меѓутоа, тие се концентрирани на Македонија, од нив никнала борбата за Македонија, тие ја осмислиле таа борба и остануваат такви. Ние мораме да кажеме и да признаеме и не знам каде не води тоа што ние тоа не го прифаќаме и што не го истакнуваме. Дека во нашата револуционерна борба ние сме имале еден дел блиска соработка и заедничка борба и со бугарските револуционерни сили, и со албанските сили, а имале соработка наши исто така и со некои организации и институции во Србија.

Ние ќе мораме многу пошироко отколку досега што сме ги правеле, на еден рестриктивен начин да ги оценуваме и да ги вреднуваме општите напори што народот ги давал, што барал насекаде сојузници, што често бил измамуван, што често давало тоа и половични резултати. Но, ние треба да си ја сфатиме и да ја видиме ширината на таа борба. Ние со пиетет зборуваме овде во Собранието за Илинденското востание 1903 година. Но, во историографијата се провлекува и теза дека тоа било прерано, дека него го закажале некоја врховистичка линија итн. А што би било да не било тоа Илинденско востание и да се чекало нешто друго да се случи, некој друг да не ослободи. Во каква ситуација македонскиот народ тогаш би бил? Според тоа, ние треба сите овие работи добро да ги проанализираме, превреднуваме, разјасниме и да ја сфатиме целината на оној историски процес кој од таа пресвртна точка во 1893 година 23 октомври наваму доведе до оваа наша држава, кој е легален, легитимен и природен историски процес. Тие се работи за кои ние треба да се разјасниме и ние ако го оспоруваме тоа треба да сфатиме кон што ја водиме водата. Ние фактички ако тој дел го оспоруваме, ние си ја одрекуваме дел од нашата историја и прифаќаме тоа да биде составен дел на туѓа историја. Тоа право ние го немаме, такво право ние немаме, ниту спрема оние кои тоа госоздале, ниту пред овие наши, идни генерации кои треба да не наследат. И нас ќе не оценуваат како сме зборувале овде во Собранието и како на ситно сме ги сецкале работите само ако можеме да создадеме повеќе разлики и ако можеме да не се разбереме. Тоа не е добро. Проблем кој ние мораме да го почитуваме е тоа што овде има партии и сега водечката партија е во власта, се вика ВМРО, а што денот на македонската револуционерна борба го поврзуваат потоа како ден на основање на ВМРО. Сакам да кажам и дека се знае, тоа е мојот став. Платформата на македонската револуционерна борба не предвидува партии. Таа е општа борба, таа е борба на сите. Партиите се после историската фаза на резултатот што го дава таа борба. Партиите настапуваат, можат да настапат и требаше да настапат кај нас 1944 година после завршувањето на создавањето, процесот на создавањето на државата. Оттаму ниту една партија нема право да се ќити и да ги користи и да ги ужива бенефитите само една, само таа на револуционерната борба на Македонија. Тоа право го нема никој да го присвојува. Оние кои сега се противат да не се слави 23 октомври 1893 година, фактички го прават она што најмалку го сакаат. Ако не се слави како државен празник, го даваат да се слави како празник на партија. Тие работи треба да си ги разјасниме да отстапуваат да се слави како празник на партија. Тие работи треба да си ги разјасниме и околу тоа многу да не се мислиме.

Што се однесува на немнозинските заедници, припадници на немнозинските заедници пред се на албанската етничка заедница, турската, на ромската, на српската, на влашката, на бошњачката, сакам да го кажам следното.

Прво, македонската револуционерна борба од почеток во својата платформа ги има вклучено сите нив, сите нив ги вклучува и на сите се потпира и сите ги кани, ги повикува и на нив се потпира и се користи со нивните капацитети и сили. Според тоа, тоа не е етнички празник. Тоа

не е празник на македонците по род, тоа е празник на сите во Македонија што живееле тогаш и што потоа ја следеле револуционерната борба, не само на Крушевскиот манифест, не само манифестот и Декларацијата за основните права на човекот што АСНОМ ја донел, туку и манифестот, туку и 1941 година и сите прогласи народот да се дигне во борба против фашистичкиот окупатор и да се придружи ова население на антифашистичката коалиција. Сите повици се упатени на сите и на Македонци и на Албанци и на Турци и на Срби и на Власи и на Роми, сите тие имаат учествувано. 11 Октомври не е ден само на Македонците. Тој е ден на Македонците и на Албанците и на Турците и на Србите и на Ромите и на Власите и на Бошњаците кои можеби тука не биле, ама таму каде што биле соодветен ден, истиот став го зазеле и се бореле. 1944 година, или АСНОМ, 2 Август е на АСНОМ, не е ден само на македонците, тоа е исто ден на сите овие националности. Особено сакам да ви кажам дека за оваа Македонија да може со чисто лице до крај да се поставува и да се бори и рамо до рамо да учествува со другите членки на антифашистичката коалиција, испрати воена сила која учествуваше во битките против хитлеровите сили и другите фашистички формации до крајот на војната, до 15 мај, не до 8 мај, до 15 мај и таму низ боиштата што го викаме ние Сремски фронт, а кој отиде до Драва. Таму изгинаа многу луѓе, изѓинаа Македонци, изгинаа многу Албанци, изгинаа Срби и наши овдешни, изгинаа Власи, изгинаа многу луѓе. Ние треба тие да ги чествуваме, тие се бореа за Македонија. Она што сакам да го нагласам, ние сме луѓе на кои ќе им мине времето, ќе бидеме пратеници, па можеби пак ќе бидеме пратеници итн. Меѓутоа, ние не смееме да обезвредниме ниту еден напор, ниту една жртва и сите тие треба да ги цениме и треба да се потпреме на сето тоа. И затоа драги мои пријатели, дајте да ги средиме работите.

Сега околу календарите, тоа е многу сложена работа и друг нека го види тоа како ќе биде. До амандманската расправа таа работа да се испита. Она што сакам да ви кажам, законот не е донесен, туку ајде во оваа расправа да ни се поизбистри умот, да гледаме да се приближиме едни на други и да го донесеме законот, неспорејќи и не дигајќи не потребни тензии и не ширејќи некои нови недоверби и нови омрази.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам пауза за работодавачот учек до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,19 часот).

Со седницата раководеше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

За реплика е пријавена госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Господине Андов заради вашата малициозност и изненаденост на ставот што го изразува СДСМ кон придобивките од илинденците и од македонската револуционерна борба, за ваша информираност ќе цитирам делови од нашата програмска платформа.

СДСМ на својот основачки конгрес ја донесе оваа Платформа во која убаво стои. Цитирам:

СДСМ уште на својот основачки конгрес објавува дека е партија која својата политичка инспирација ќе ја црпи од вековната борба на македонскиот народ за национална слобода и социјална правда.

Од тука СДСМ се смета за следбеник на идеите на славните илинденци и нивната Крушевска Република, на Гоце Делчев, Јане Сандански, Димитар Влахов, Васил Главинов, на творците на АСНОМ и на хероите од НОБ и Антифашистичката револуција.

Господине Андов ние имаме јасен став по ова прашање. Се сметаме за следбеници на сите кои и мислеле добро на Македонија. Но, имаме јасен став дека во нив не спаѓа Ванчо Михајлов, во нив не спаѓа Протуѓеров, во нив не спаѓа Тодор Александров. Тоа се имињата кои во ВМРО-вскиот памфлет беа распределени пред македонската јавност како творци на македонската револуционерна борба.

Сакам со вас да споделам уште еден став. Убаво кажавте дека не ни требаат нови поделби. Ве поддржувам во тоа. Зошто имате дилема околу она што ние го бараме околу овој закон. Законот да се донесе во две фази, а не во една. Ако поддржувате деморкатска дебата околу ова, тогаш дали мислите ако одиме во две фази дека ќе го подобриме изгледот на овој закон или ќе го влошиме?

Што се однесува до Гоце Делчев господине Андов, вие подобро од мене треба да знаете дека по убедување, по своето политичко убедување Гоце Делчев бил социјалист и никогаш не бил член на ВМРО. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута за господинот Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Не знам дали треба да одговорам. Ако се следбеници на сите што се бореле за ова Македонија да биде сега, а Платформата е направена 1893 година и Ванчо Михајлов не бил член на шесторката, ако им сметал Ванчо Михајлов слободно можат да гласаат за овој закон, а верувам ќе гласаат и за оваа дата. Што се однесува до памфлети има и ќе има. Имаше памфлети 1990 година, сега не сакам да се расправаме дека се формирала бугарска партија, тоа беа бугарски летоци. Такви работи имало, тоа е дневно политичка борба, дајте да се определиме за ова што можеме да бидеме заедно.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика е пријавен пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина со внимание го проследивме излагањето на пратеникот Стојан Андов и во целост се согласувам дека аргументите се тие кои ги искажа за нашето минато на сите кои живееме во Република Македонија, но затоа што се идентификуваме со таа историја и ние и другите заедници, не би навлегувал во делот на тоа кој е ВМРО и за што има дадено придоенс, за што се ангажирала во тоа време затоа што неколку пати од неколку пратеници се побара да се објасни тој сегмент од нашето минато, но еве се согласувам со почитуваниот колега дека се созреани условите сите да се согласиме со таа идеја на ВМРО, но овде има еден дефект господине Андов. Тоа е голем дефект, по мое мислење, затоа што имаме политички партии кои го носат предзнакот ВМРО и ниту јас ниту моите следбеници не сакаат да се идентификуваат со политички партии и да празнуваат празници односно еден празник кој го носи името на политичка партија независно дали е демократска, недемократска, десна, лева и тн. Сигурно дека и вие како ЛП, тогаш се поставува прашањето зошто и вие да немате еден предзнак пред вашата партија ВМРО-ЛП или ВМРО-СДП и тн.

Доколку се донесе еден ваков закон, тогаш треба вие како мнозинство да дадете предлог да нема политички партии со предзнак ВМРО. Во спротивно или ќе им се наметне на граѓаните да не работат тој ден кој ќе биде како празничен ден, да не се работи, но и да не се празнува тој ден. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута за пратеникот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Сакам само да објаснам заради нашите тековни недоразбирања и разлики како и денешни проблеми. Ние не треба да жртвуваме таква работа како што е почетокот и осмисленоста на револуционерната борба од што произлезе оваа држава.

Инаку, се согласувам дека има отворени прашања и тие ќе мора да се решаваат понатаму. Она што сега можам да го кажам тоа е дека ни една партија не смее да го присвојува историското ВМРО, Македонската револуционерна борба како своја. Инаку, постојат партии со многу слични називи, имиња и на други места, па ќе видиме како ќе го разјаснуваме понатаму.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Збор има пратеникот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе.

Мислам дека овие два-три дена се отвори многу интересна дебата во Собранието на Република Македонија со оглед на тоа што темата што е на дневен ред длабоко задира во јазичниот, културниот, верскиот етнички идентитет на сите етнички заедници.

Морам да бидам искрен, кога за прв пат ја видов верзијата на Предлог-законот две работи веднаш ми се појавија пред очи. Мојот прв впечаток е дека бројот на празниците кои треба да се празнуваат е голем.

Второ, реално не го отсликува мултиетничкиот и мултиконфесионалниот карактер на државата. Имајќи ги во предвид овие два, по мене, битни недостатока на законот на седницата на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците продискутирав на оваа тема. Во меѓувреме се подготвував да имам поопширен настап на оваа парламентарна дебата и да полемизирам по однос на одредени прашања што се од историско значење за оваа држава. Меѓутоа, се откажав од тоа, бидејќи за чудо видов дека во Собранието немало толку правници, економисти, лекари, туку речиси сите биле историчари. Сите ја анализираат историјата низ своја призма и морам да кажам дека ниту е историјата онаква каква што сака некој овде да ја прикаже, а ќе ви кажам зошто, ниту враќањето на одредени историски настани или обиди за нивно присвојување можат да придонесат за постигнување на толку очекуваниот интеретнички, интерконфесионален, па ако сакате и меѓу политички баланс во Република Македонија.

Сакам само да ве потсетам на една анегдота. Големиот војсководец Наполеон пред секоја битка шетал меѓу борците за да им даде морал, а после битката ги прашувал како поминала битката и за чудо сите борци имале своја верзија како се одвивала битката. Тоа значи дека директните учесници во битката имале различни импресии, а камо ли еден историски настан кој е разгледуван низ денешна призма од страна на најразлични историчари. Вистината е некаде на средина. Треба да се видат анализите на повеќе историари и од еден неутрален агол да се оцени еден историски настан колку влијаел врз историјата на дотичната држава.

Меѓутоа, еден факт е неизбежен дека во изградбата на темелите на оваа држава по некоја тула дале и Албанците, Турците, Ромите, Власите, Македонците, Србите, Бошњаците и дека ова е заедничка држава на сите и на таков начин треба да расправаме кога се во прашање вакви закони.

Лично мислев дека на координацијата што ја имавме со претседателот на Собранието дека постигнавме висок степен на согласност и дека таа атмосфера ќе ја прелееме и во собраниската дебата по ова прашање.

Сакам само да ве потсетам дека во глобала три клучни прашања беа предмет на усогласување на таа координација.

Прво, прашањето дали законот треба да биде гласан по принципот на двојно гласање, бидејќи според констатацијата на мнозинството учесници на таа координација, законот длабоко задира во образовниот, верскиот, културниот и етничкиот идентитет на сите заедници во Република Македонија и согласно тоа како и духот на нашиот Устав би требало да се гласа по принципот на двојно мнозинство, што го констатира и Комитетот

за односи меѓу заедниците и го прифати предлогот.

Со тоа првата пречка да се постигне висок степен на согласност по ова прашање беше надмината.

Второ прашање беше дали законот реално го отсликува мултиетничкиот карактер на оваа држава, бидејќи во Предлогот на законот немаше предлози припадниците на помалите етнички заедници да имаат ден кој ќе го слават како свој национален празник. Свесни дека давањето на ваква можност уште повеќе ќе го зголеми бројот на празниците кои би требало да се слават, сепак беше констатирано дека реалноста на Република Македонија е таа и дека е потребно во рамките на овој Предлог на закон да се инкорпорираат и предлозите со кои и припадниците на останатите етнички заедници ќе имаат ден кој ќе го слават како свој национален ден.

Трето прашање кое остана спорно и за кое требаше во меѓувреме Владата да се изјасни е прашањето дали законот да се донесе во две фази. Имаше спротивставени гледишта. Јас и тогаш и сега го делам мислењето дека по вака битни прашања потребно е да се отвори дебата во која ќе биде вклучена научната и стручната јавност како и МАНУ, МПЦ, ИВЗ и ако сакате и здруженијата на припадниците на другите заедници кои ќе го искажат своето мислење по ова прашање. Меѓутоа, имаше став дека отварањето на ваква широка дебата може дополнително да ја вжешти атмосферата и да предизвика тензии на релација меѓу етничките заедници и на релација помеѓу верските заедници. Иако и едното и другото прашање има аргументи, остана отворено во меѓувреме додека трае расправата Владата на Република Македонија да излезе со став дали законот ќе биде изгласан во една или во две фази.

Она што во овој момент по мене е ногу битно е што тој таканаречен висока степен на согласност, која што е постигната на таа кординација, за жал не се прелеа во парлментарната дебата и ние со нашите настапи овде, сакале или не, придонесовме да се вжешти атмосферата, иако се плашевме преку јавна дебата да не се постигне тоа што ние успеавме за три дена. Имено, од оваа говорница беше разгледувана историјата на оваа напатена држава од најразлични аспекти, некои се обидуваа со такви настапи, дури си ја претворија оваа парламентарна дебата во вербална гладијаторска арена, во која што се докажуваат кој е поголем борец за националната кауза.

И единствен заклучок што произлегува од ова е дека ние ако успееме во материјален поглед да ги фатиме стандардите на Европската унија, по се изгледа на духовен план далеку ќе заостануваме од тие стандарди, бидејќи Европската унија е богата со настани кои што разединувале. Потсетете се само на три жестоки војни помеѓу Франција и Германија, а денеска се членки на Европска унија. Јас сум длабоко уверен дека тие не ги потенцираат разликите што ги имале во минатото, бидејќи ако овие разлики во минато бидат патоказ како да се работи во иднина, неминовно е дека тие делби ќе се продлабочат и дека ќе имаме конфликти на релација помеѓу етникумите и меѓу различните конфеси.

Од тука, јас ја користам приликата од оваа говорница да повлијаам, ако може на наредните говорници да ја остават историјата на историчарите а ние да се бавиме со она што ќе допринесе да се подобрат интеретничките и интерконфесионалните релации. Само на тој начин можеме да фатиме приклучок кон Европската унија и НАТО алијансата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Хасипи.

Продолжуваме понатаму.

Збор има госпоѓа Илјана Поповска. Повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници.

Дискусијата за овој закон расталаса многу од нас во Парламентот, меутоа и јавноста и она што мислам дека е карактеристика на целава оваа дискусија е една остра расправа и спротивставност, дури и идеолошка расправа, левица-десница.

Мене лично тоа многу ми пречи, можеби ми е и полесно на некој начин да ги гледам помеко работите, со оглед на тоа дека сум припадник на центарот. Меѓутоа сепак мислам дека и припадниците и на таканаречената левица и на таканаречената десница, сепак би требало да најдат посмирени тонови за да се разбереме, затоа што во крајна линија овој закон не е закон кој што би можел да направи такви штети за државата, за да треба на ваков начин да се потресува целата јавност. Меѓутоа во секој случај ова е важен закон, законот за празници секогаш е важен закон затоа што преку празниците државата се обележува на некој начин самата себеси, кажува кои настани се значајни, преку кои настани настанала како држава, а исто така дел од празниците се дел од традицијата која што е длабоко вкоренета во душите на граѓаните. Значи празниците и законот за празниците не го сметам за небитен, напротив сметам дека е многу битен, многу важен, меѓутоа според мене лично тој не е приоритетен за нас, како за земја во овој момент. Затоа ќе бев посреќна, искрено кажано доколку не го разгледувавме сега на почетокот на мандатот на оваа Влада, посебно што приоритетите на Владата се многу јасни. Тоа е економскиот развој, борбата со организираниот криминал и корупцијата и на тој план фала Богу одиме со едно силно жестоко темпо и сум за тоа да продлжиме уште поинтензивно понатаму.

Жал ми е што на ваков начин со еден ваков закон, кој што бара една навистина пообмислено и посмирено донесување, на самиот почеток се изместивме од тоа темпо со кое фативме да ги усвојуваме економските закони и законите за борба против организираниот криминал. Меѓутоа,

како и да е, законот е тука и ние како пратеници треба да се произнесеме во однос на него.

Има решенија во законот кои ми се сосема прифатливи и кои навистина ги поздравувам, а тоа е одбележувањето на муслиманскиот празник Бајрам, понатаму одбележувањето на Свети Кирил и Методиј на 24 Мај и мислам дека е добро што е надополнета една празнина и недостиг на одредени одбележувања што досега постоело. Меѓутоа, мислам дека има и одредени празници кои што се предложени, а можеби не се доволно до крај изанализирани и кои секако се причина, токму поради тоа што се донесуваат во еден прилично скратен временски период за одредени недоразбирања. Јас ќе си дозволам да ги кажам своите забелешки.

Прво, што се однесува до непразнувањето на вториот ден на Нова година, мене лично тој предлог не ми се допаѓа. Мислам дека празнувањето на вториот ден од Нова година е ден од нашата традиција, сите имаме на некој начин распоред на посети кај роднини, пријатели околу новогодишните празници и тука не ми држи аргументот што е даден од предлагачот дека се поистоветуваме со такви решенија во други земји. Добро е да се поистоветуваме со решенија и да гледаме секогаш примери од други земји, меѓутоа, треба да ги гледаме целосно. Во тие западни земји кон кои се стремиме, кон усогласување со некои традиции, треба да знаеме дека во најголем дел од тие земји се празнува Божик на 25 декември и тогаш Нова година доаѓа само како крај на празнувањето на Божикните празници, па тогаш втор ден по Нова година на нив навистина не им треба затоа што тие една недела отпразнувале. Значи ова е една суштинска разлика која треба да се има предвид за да одлучиме дали треба вториот ден по Нова година да биде празничен или да не биде празничен.

Кога веќе зборуваме за празници, за работни и неработни денови, ова е убав повод и да споменеме дека можеби е време да се поразговара и со претставниците од Македонската православна црква и пошироко во јавноста, да се отвори дебата дали не е време и Македонија како држава да го смени календарот. Тоа го направија најголем дел православни земји и само неколку сме кои се уште инсистираат на старото решение од календарот. Можеби и тоа треба да се размисли, но мене лично тоа ми е прифатливо и во таа смисла би биле поусогласени, така да речам, во темпото на животот и со овие други земји. Со оглед на тоа дека ќе одиме кон Европската унија веројатно тоа би било згодно и од некој економски аспект, а и од културолошки аспект. Мислам дека ова е прашање кое треба да го разгледаме, а добро би било ако може и во текот на оваа расправа да се продлабочи.

Понатаму, како забелешка би го ставила тоа што се постави една дилема, јас гледам дека можеби не е доволно анализирано или јас добив таква претстава следејќи ги дискусиите на некои мои колеги од муслиманската вероисповед, како да не е доволно размислено кој ден на Бајрам е поважниот ден, па кој треба на еден, а кој на друг начин да се третира. Искрено кажано, јас не би можела да кажам и да се произнесам, па би барала дополнителни консултации, за да знам при евентуална амандманска расправа како да гласам. Ова е едно прашање кое го отворија колегите и кое мислам дека вреди да се размисли, затоа што се работи за најголемиот муслимански празник и навистина е битно да знаеме точно кој е тој кој што треба да го има приоритетот и на кој начин да се празнува.

Третата забелешка која ја имам јас, а која побуди најмногу бранувања, се разбира, јас на друг начин ја забележувам и на друг начин ќе ја издискутирам, тоа е денот 23 октомври како ден кој што е наречен Почеток на револуционерната борба.

Почитувани колеги, јас сметам дека треба да се празнува денот на ВМРО, затоа што ВМРО е мит. ВМРО е мит врз кој е градена Македонската држава, меѓу останатото, покрај и други митови и не треба да се стеснуваме да кажеме дека го празнуваме денот на ВМРО. Тука апсолутно не држи тоа што некоја партија или некои партии имале предзнак ВМРО. Зошто тоа некому да му пречи? Дали некому му пречи што условно кажано левичарски ориентираните сили за време на Народноослободителната војна го започнаа востанието на 11 Октомври во Прилеп, па сите се гордееме со тој ден, тоа е ден на сите нас и ни ја грее душата. Мислам дека и ден на ВМРО треба да се прими на ист начин, затоа што од тој ден натаму се изгради организација која се провлекува како еден рбет низ револуционерната борба за самобитноста на Македонија. Дури и независно кој се учествувал во редовите на ВМРО во различни периоди, дури и независно од спротивставените произнесувања на разни претставници на ВМРО во текот на историјата, за кои што јас можеби знам повеќе од некои други колеги кои дискутираа, а прилично гласно и жолчно на една или друга страна застануваа. Меѓутоа, идејата за ВМРО како борба за Македонска држава беше таа што ги крепела луѓето низ последниот век и тоа е она што треба да се чествува, тоа е она што треба да се празнува и јас би предложила да не стои ден на Почеток на револуционерна борба, туку едноставно Ден на ВМРО, како што има Илинден, како што има 11 Октомври. Или ако веќе се инсистира на тоа дека тоа е ден за одбележување на револуционерната борба, јас би сугерирала да не стои почеток на револуционерната борба, бидејќи не може точно што се вели со сатар да се пресече кога е почетокот на револуционерната борба што довела до самостојна Македонска држава, бидејќи ако одиме наназад во историјата, ќе најдеме многу борби, битки, револуции, востанија и просто тешко е да издвоиш од кој момент натаму може да се смета за почеток. Што да кажеме за Разлог, за Кресна, за Кресненското и Разловечкото востание, тие беа извонредно

успешни, извонредно значајни. Кресненското востание обезбеди територија слободна која била поголема од територијата на Крушевската република. Во Кресненското востание бил донесен Устав, каде што има сосема јасна национална македонска програма, каде што има сосема јасни контури на идната македонска држава и практично она на што се потпираа понатаму и револуционерите од ВМРО, и понатаму на Илинден беа основите кои беа поставени во Кресна на Кресненското востание. Тоа исто така би имало можеби повеќе логика да се смета за некаков почеток, ама пак не е сосема правично, зашто и пред тој почеток имало и други разно разни востанија и преродбенски движења кои биле почетоци на нашето освестување, на нашиот од кон самостојна држава. Така што мислам дека и самиот назив Почеток на револуционерната борба можеби предизвика дел од колегите од сегашната опозиција да им пречи и да бидат скептични кон овој празник што се предлага.

Затоа јас би предложила - не сум ги видела точно сите амандмани, не знам дали има таков амандман, меѓутоа, еве, замолувам на предлагачот Владата и Министерството за труд и социјална политика да размисли дали не треба сосема едноставно и чисто да се предложи 23 октомври како ден на ВМРО. Сосема чисто затоа што видовме дека и колегите од левите условно кажано партии и од центарот, кои се во опозиција, нема против ВМРО, сите се свесни дека ВМРО е еден од тие митови кои се столбови на нашата држава и не им пречи самиот збор.

Тука јас би замолила сите колеги да не си правиме меѓу себе инсинуации, па да се злоупотребува името на партијата, па да се вели во ред, ќе го прифатиме ден на ВМРО, ама вие откажете од називот ВМРО во партијата. Не е во ред сето тоа, секоја партија го избира името онака како што основачите сметале дека е потребно и со оглед на тоа дека тоа добило редица избори, поминала на избори таа партија со стотици илјади гласачи зад неа, логично е дека тоа име им е природно на сите тие гласачи и на сите тие членови и мислам дека тука не треба да се мешаат лончињата.

Тоа се накратко моите сугестии во врска со законот.

На крајот, со оглед на тоа што се наоѓаме на крајот на расправата пред одлучување за законот, јас би предложила вака. Сметам дека би било најдобро законот да се разгледа во уште една фаза. Мислам дека на тој начин сите овие бранувања, сето ова разбранувано море би се смирило и на крај водата ќе си се излее преку природни канали кои низ дискусијата ќе се направат, кои веќе се направија и еве сега ни самата расправа некои канали гледаме дека се природни и дека за огромен број предлози практично веќе се усогласивме, а само за тие неколку каде што има уште некои бранувања можно е низ уште една фаза сето тоа да се доизбистри, да се направат некои мали модификации и на крајот да имаме празници на кои сите ќе им се радуваме, затоа што на празниците граѓаните треба да им се радуваат, да причинуваат радост, а не нерадост.

Затоа, јас би сугерирала малку повеќе напор и трпение и да се донесе овој закон во две фази. Значи што се однесува до моето изјаснување, на прашањето дали сум за донесување на овој закон, јас ќе гласам за, но дали сум за донесување на овој закон по скратена постапка јас ќе бидам воздржана, затоа што мислам дека другото решение во две фази да се оди би било поделотворно, поспокојно, попродуктивно не само за овој закон за да добиеме подобар закон, туку и за целата атмосфера во Парламентот, која што се одразува и врз целата политичка клима во земјава. Ние навистина се наоѓаме пред толку сериозни работи што треба оваа година да ги завршиме во поглед на нашата долгорочна стратешка цел што навистина не ни требаа непотребни турбуленции, посебно кога сум убедена дека можеме многу добро и многу лесно со малку повеќе флексибилност да се разбереме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Поповска.

За реплика се јави пратеникот Оливер Шамбевски. Повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Ова не е класична реплика, повеќе е појаснување, односно дополнување кон госпоѓата Поповска, но и една теза која ја слушнавме од повеќе дискутанти во текот на овие 3-4 дена расправа по Законот и се однесува во врска со календарите. Слушнавме за потребата Република Македонија да премине на Грегоријанскиот календар и така да ги славиме празниците.Она што сакам да го појаснам за да не добиеме погрешен впечаток, тоа е фактот дека Република Македонија нејзината фискална година ја има според Грегоријанскиот календар. Она што треба црквата автокефално да го ореши, тоа е практично дали ќе премине и таа кон Грегоријанскиот календар. Тука е суштината на проблемот, но сепак мислам дека црквата повторно ќе кажам автокефално тоа прашање треба самата да го реши. Секое мешање или сугерирање од с трана може да предизвика многу непријатни последици во црквата и мислам дека треба да го оставиме на страна Инаку, во суштина прашањето е повеќе фискално. Токму заради тоа во Британија фискалната година завршува на 6 април, а не на 31 декември како во другите земји. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута има пратеникот Лилјана Поповска. Повелете.

**Лилјана Поповска:** И моето не е контра реплика. Јас многу му благодарам на колегата Оливер Шамбевски за објаснувањето. Ова веројатно е добро за граѓаните кои ја следат седницава како поучение што се вели. Значи јасно дека е така, јас

сосема го почитувам тоа дека Македонската православна црква има право сама да одлучи меѓутоа мислам дека е добро да ги слушне своите верници, своите граѓани што мислат. Јас како верник тоа го кажувам. Мислам дека би било добро да се направи таа промена а се разбира одлука ќе биде на Синодот и на Собранието да одлучи, мислам на Собранието на Македонската православна црква. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплилка бараше пратеникот Бендевска Весна. Повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Госпоѓо Поповска вие многу убаво го елабориравте вашиот став по овој Предлог закон. Меѓутоа мене дури сега не ми е комплетно јасен вашиот став. Значи во Предлог законот ни се предлага донесување на нов државен празник 23 октомври дена на Македонската револуционерна борба. А вие многу убаво елабориравте дека две децении пред датумот кој е вметнат како образложение односно аргумент, поддршка за донесување на овој закон. Пред две децении веќе Македонскиот народ ја имаше започнато својата револуционерна борба. Токму преку Разловечкото востание. Зошто тогаш предлагачот Владата на Република Македонија не го стави како датум на празнување 20 мај. На 20 мај 1876 година за прв пат организирано и со јасна македонска определба беше организирано и започнато Разловечкото востание. Две години подоцна 1978 еве и овој датум 17 октомври беше подогнато уште поорганизираното Кресненско востание со многу јасно изразени про македонски пароли. Дали сметате госпоѓо Поповска дека на овој начин, значи доколку го земеме како почеток на Македонската револуционерна борба 1893 година, не се одзема две децении почеток на Македонската револуционерна борба. И јас се сложувам и тоа е во прилог на мојот став дека овде Владата се обидува да ни подметне свој сопствен партиски празник кој во затскриена форма го нарекува ден на Македонската револуционерна борба а тоа впрочем е ден кога тие во својата програмска платформа го сметаат за ден на почеток на нивното партиско организирање. Токму тоа е она што ни смета не како на левица туку како претставници на граѓаните на оваа земја. Нема и не сакаме да дозволиме да поддржиме донесување на партиски празник. Очекуваме да поддржиме донесување навистина на сите прифатени државни празници. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута пратеникот Поповска Лилјана. Повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Колешке Бендевска, јас не знам зошто не бев јасна. Јас кажав како што и вие рековте дека и пред тој ден имало и пред тој почеток на револуционерната борба имало и други почетоци и дека е тешко да се одреди што е почеток на револуционерната борба. И токму од тие причини јас предложив едно решение кое мислам би било компромисно да речам меѓу двете крајности. Или да стои само ден на револуционерна борба како што може да биде и некој друг, меѓутоа еве одбран е денот кога е родена Внатрешната Македонска Револуционерна Организација или пак да стои ден на ВМРО кој што несомнено реков е мит врз кој што исто така се градела Македонската држава и кој што е многу значаен за сите нас. Јас не верувам ако едноставно се пријде не верувам дека би имале против и не треба зборот ВМРО да се поврзува со една партија. Тој сепак и припаѓа на Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Продолжуваме понатаму со реплики.

Збор има госпоѓа Топузова Каревска Роза. Повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Не би имало во многу што да и реплицирам на почитуваната колешка. Со оглед на тоа дека во претпладневната моја дискусија ги изнесов речиси истите тези. Апсолутно се сложувам дека празниците се нешто што треба да будат во нас убави чувства и токму поради тоа ми пречеше целокупната дискусија и дебата која што се разви во оваа сала и реков дека не требаше ова јаболко на раздорот во вид на закон за празниците да биде фрлено токму во Собранието и сега ние овде да се докажуваме кои сме поголеми патриоти, кои сме подобри познавачи на историјата, религијата итн. До тука се согласувам и мислам дека апсолутно е во право со она што го искажа колешката, но и јас ги имам истите дилеми околу ова што беше говорено. Истите дилеми ги искажав во однос на Рамазан Бајрам или Курбан Бајрам. Токму заради тоа ни беше потребна јавната расправа. Добро е што видовме дека и колешката Лилјана Поповска и почитуваниот претседател на Собранието Љубиша Георгиевски со времето ги смениле своите ставови, секако еволуирајќи во нагорна линија, значи во однос на муслиманските празници, а исто така и во однос на ВМРО дали треба да го носи името, дали тоа свето име треба да биде заштитено. Тоа во секој случај го оценувам како добро.

Но за што се однесува мојата реплика. И повеќе пратеници од парламентарното мнозинство искажаа свој став, поткрепени со аргументирани дискусии дека, овде треба да заврши претресот и законот да оди во две фази. Значи, дали ќе има јавна расправа. Или и ова беше една дебата, дали ќе бидат консултирани експерти, тоа ќе си одлучи Владата.

Сметам дека парламентарното мнозинство ќе ги послуша и своите коалициони партнери и навистина ќе дозволи овој закон да не биде камен на сопнување во овој Парламент, туку да донесеме еден закон за празниците кој што навистина ќе ни предложи празници што барем во

најголема мера ќе бидат чествувани со големо задоволство на поголем број на граѓани.

Секако дека на сите не може да им се погоди, да ги чувствуваат празниците како свои. Токму во таа насока апелирам до Партијата ВМРО-ДПМНЕ да ги послуша коалиционите партнери или до министерот кој е тука присутен, да делува на Владата и овој закон да го донесеме во две фази. Не е добро сето ова што ни се случува по сите закони, вклучувајќи го и овој закон. Говориме за празници. За нешто што треба да биде за сите нас свето.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Поповска Лилјана. Повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Повторно не би била контра реплика, само и благодарам на колешката за конструктивниот приод. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам. Продолжуваме со реплики.

Збор има пратеникот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Јас мислам дека имам како обврска да дадам некои објаснувања од аспект на гледиште на некои тези, условно да ги наречам, од историски аспект, меѓутоа и од политички аспект.

Не благодарност, но ете, согласен сум со тоа што се вели дека сакам да знам какво значење има малиот Бајрам, јас тоа ќе го поддржам вели госпоѓа Лилјана Поповска нашата колешка, меѓутоа јас би побарал поддршка, бидејќи дава таква поддршка, ќе беше добро јавно тука да се изјасни и да даде поддршка за нашите амандмани што имаат национален карактер, освен тоа што се верски.

Во историскиот дел на Револуционерната организација што вели Лилјана Поповска дека почнува револуционерната македонска борба од 1893 година, се согласувам со тоа дека не почнува од 1893 година. Како што ми се чини, македонската историја, споед овој Предлог на закон е отпочната од 1913 година. Меѓутоа имаме Разловечко востание, кое востание било чисто без било какво политичко влијание од страна. Додека востанието од 1876 година, Кресненското востание што се одвиваше во две фази, првата фаза била чисто македонска, додека пак втората фаза била под влијание на бугарскиот двор или бугарската егзархија. Што значи дека отпочнува периодот на влијание на соседите, посебно на бугарскиот дел во револуционерните македонски востанија.

Шео се однесува до делот на ВМРО, јас би побарал со полна искреност, бидејќи Лилјана Поповска вели дека треба да се празнува и да биде како заштитн бренд името или терминологијата ВМРО, јас барам од Лилјана Поповска да ми даде одговор за кое ВМРО јас да гласам? За кое ВМРО, дали автономистичкотао ВМРО, дали централистичкото ВМРО, десничарското или левичарското ВМРО, дали ВМРО на Тодор Александров илина Александар Протуѓеров или пак на Ванчо Михајлов ВМРО, прогресивното ВМРО на Гоце Делчев и, кога ќе ми даде објаснување, јас сигурно ќе ја поддржам и ќе гласам отворено, бидејќи ќе се знае дека ВМРО до крајот на 19-тиот век било чисто ВМРО, тогаш почнува егзархијата и бугарскиот двор да се меша во ВМРО. Затоа треба да ни биде јасно и нам пратениците, меѓутоа и на пошироката јавност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута пратеникот Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Се извинувам, ова беше како реплика или како дискусија? Јас мислев дека е дискусија. Во ред.

Нема проблем за кое ВМРО? Сосема на кратко, едноставно за идејата на ВМРО како носител на борба што ќе води кон самостојна македонска држава. ВМРО каква што народот ја сфаќа, како светлина во мракот.

Инаку, колега, јас многу добро ги познавам сите тие варијанти на ВМРО и поснавам многу личности кои различно се однесувале во различни периоди. Јас сум за празнување на ВМРО, но како ќе празнуваме и кои луѓе ќе ги чествуваме, тука секако треба да помогнат историчарите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Продолжуваме. Збор има пратеникот Серафимов Влатко, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници.

Во овие неколку дена слушнавме разни дискусии околу Законот за празници и слушнавме две тези, дали да се оди во една фаза или да се оди во две фази.

Прво, во излагањето на министерот ни беше кажано дека чека од Владата дали законот ќе се донесе во две фази или ќе биде во една фаза. Денеска е трет или четврти ден од расправата за празниците и уште не сме сигурни дали ќе оди во една фаза или ќе оди во две фази. Сметам дека и од страна на некои пратеници колеги од позицијата беше изнесен ставот дека треба да се донесе овој закон во две фази. И најдобро е за Република Македонија овој закон да се донесе во две фази.

Секако во законот што ни е понуден од Владата има позитивни работи, позитивни празници што треба да ги празнува македонскиот народ, меѓутоа има и дискутабилни празници за што сигурно треба да се сослуша јавноста, јавните научни институции и граѓаните на Република Македонија, како и верските заедници во Република Македонија.

Со самиот факт што во Република Македонија не беа консултирани верските заедници, имаме два става. Едниот став е дека МПЦ не е

консултирана, а другиот став е искажан од страна на министерот дека МПЦ е консултирана и дала виза за празнување на дел од овие празници. Меѓутоа, сето ова сметам дека ќе биде решено и изгладено во еден друг контекст, односно дека ќе се најде заеднички јазик со верските заедници во Република Македонија и ќе се усогласат кои празници треба да ги празнуваме а кои не.

Сигурно дека во амандманската расправа ќе имаме и други предлози за празнување на други празници што ќе отвори дополнителни дискусии. Меѓутоа, факт е дека еден празник кој беше најмалку елабориран од страна на министерот за труд и социјална политика остава траги дали треба да се празнува или не.

Сигурно, ставот на Владата дека на мала врата сака да ни протне една дата, заедно со другите празници, да го внесе во законот за празници и да го празнуваме како национален празник на една полилтичка партија.

И самиот факт што раководството на ВМРО-ДПМНЕ го изнесе предлогот 23 октомври, ден кој во 1893 година во Солун е основана Македонската револуционерна организација да се прогласи за државен празник под името Ден на македонското революционерно организирање, тоа произлегува од фактот што и самите се сметаат за легитимни наследници на Македонската револуционерна организација и дека со формирањето на ВМРО-ДПМНЕ е задржан континуитетот на Првата македонска револуционерна организација.

Меѓутоа, ако земеме да ги анализираме историските факти од формирањето на таа организација, нејзиниот развој и придонесот во учеството во народноослободителната и антифашистичка војна и придонесот во создавањето на македонската државност, импликациите што може да ги предизвика во иднина, сметаме дека овој предлог не треба да се прифати и дека 23 октомври не би требало да се прогласи за државен празник на сите граѓани на Република Македонија.

Овој мој став би го разделил на неколку фази и тоа од следниве причини:

Прво, на 23 октомври 1893 година во Солун се одржа основачкиот состанок на група македонски револуционери: Даме Груев, Ристо Татарчев, Петар Поп Арсов, Иван Хаџиниколов, Христо Батанџиев и Антон Димитров и основале Македонска револуционерна организација од следниве причини:

-Организацијата да биде револуционерна.

-Револуционерната дејност да се спроведува строго конспиративно

-Да дејствува исклучиво на територијата на Македонија, во нејзините природни граници.

-Во организацијата да се примат лица родени и кои живеат во Македонија без разлика на народноста и на верата и

-Организацијата да дејствува за остварување на политичката автономија на Македонија.

Првиот устав е донесен во 1894 година. Уставот на Македонската револуционерна организација (МРО) се состои од четири дела и бил операционализиран во 14 членови.

Со истакнувањето дека ВМРО го донел првиот устав во македонското револуционерно движење, се настојува да се избегне фактот дека во Македонија во мај 1876 година е кренато Разловечкото востание. Во подготовките на востанието, Димитар Поп Ѓорѓиев Беровски јасно ја истакнал политичката и национална цел на востанието. Имено, тој го нарачал Разловечкото знаме на кое биле испишани зборовите “Македонија”, а на лентите пишувало “Станете да ви ослобода”. Нешто подоцна била додадена и датата на 8 мај 1876 година. Со тоа било дефинирано дека востанието се крева се со цел за ослободување на Македонија. Ова знаме се веело и во Пијанекото и во Кресненското македонско востание во 1878 година.

Според тоа, тврдењето дека ВМРО прва излегла со Устав за ослободување на Македонија, историски гледано, не е точно. Првиот устав е донесен на Кресненското востание кое започнало во октомври 1878 година. Уставот на Кресненското востание во поглед на политичката стратегија содржи национално ослободителна програма во која се наведува дека целта на македонското востание не е никаква тајна. Тоа е ослободување на Македонија, таа земја на славните македонски просветители и учители Свети Кирил и Методиј која со векови страда од турското иго. А, во Уставот на МРО, национално ослободителната програма изостанува.

Втората теза е таа што на Солунскиот конгрес во 1896 година биле надминати барањата за автономија за Македонија, па се барала автономија и за Одринско. На тој конгрес МРО го променила името во Тајна македонско-одринска револуционерна организација со што било проширено и барањето за автономија на Македонија и на Одринско.

Со оглед на фактот дека овие две територии Македонија и Тракија денеска им припаѓаат на две различни држави, доколку го прифатиме континуитетот и го признаеме 23 октомври како дсржавен празник, тоа би можело имплицитно да се разбере како територијални претензии кон туѓи држави.

Третата теза е, во почетокот на октомври 1905 година во Рилскиот манастир е одржан Општиот конгрес на Тајната македонско-одринска револуционерна организација на која присуствувале 21 делегат, меѓу кои Дамјан Груев, Ѓорче Петров, Јане Сандански, Пере Тошев, Борис Сарафов, Христо Чернопеев и други.

По повеќедневни расправии, била усвоена Програмската декларација изградена во Уставот и во правилникот на Тајната македонско-одринска револуционерна организација. Усвојувањето на

Уставот и Правилникот и по изборот на Централниот комитет било донесено решение, организацијата повеќе да не се именува во тајна, односно Тајната македонско-одринска револуционерна организација, да се замени со внатрешно македонско одренска револуционерна организација.

Како цел на револуционерно дејствување во членот 1, од Уставот било утврдено извојување на политичка автономија на Македонија и Одринско. Покрај ова. ако се земе предвид и фактот дека Гоце Делчев загинал на 4 мај 1903 година и дека во тоа време организацијата го носела името Тајна македонско-одринска револуционерна организација, ќе стане јасно дека тој никогаш не бил член на Внатрешно македонско одринската револуционерна организација, ниту пак на Внатрешно македонската револуционерна организација. Секое поврзување со името на организацијата, со личноста на Гоце Делчев и со континуитетот на која било денешна политичка партија, со предзнак од ВМРО е погрешна и нереална.

(Џагор во салата).

Мислам потпретседателе, дека е редно да се сослушаме. Инаку како што сами кажаа, дека ова е и дел од јавната дебата, дел од пратениците на позицијата, сметам дека е коректно да се сослушаме, ако има реплики, ќе одговараме и на реплики.

**Бесим Догани:** Во ред, повелете.

**Влатко Серафимов:** Четвртата теза е во периодот на Младотурската револуција во 1908 година. Дошло до раздвојување на поларизираните струи на Внатрешно македонско одринската револуционерна организација. Десницата на чело со Христо Татарчев и Христо Матов, го задржала името Внатрешно македонско одринската револуционерна организација, а левицата односно серското крило, на чело со Јане Сандански и Димитар Влахов ја формирале Народната федеративна партија. Во септември 1908 година, десницата го формирала Сојузот на бугарските конституциони клубови,како легална политичка партија во која влегувале членови на Внатрешно македонско одринската револуционерна организација и побогатите слоеви од Македонците. Оттогаш оваа партија отворено ги застапува пробугарските интереси.

По Вториот конгрес на партијата во 1909 година Сојузот на бугарските конституциони клубови, основан од Внатрешно македонско одринската револуционерна организација, бил забранет. Во средината на 1910 година, за прв пат на македонската политичка сцена, се појавило името Внатрешно македонска револуционерна организација. За членови на Централниот комитет на Внатрешно македонско револуционерна организација биле делегирани Тодор Александров, Александар Протугеров и Петар Чауле. Иницијатор за новото име бил Тодор Александров кој, воедно, бил и прв водач на Внатрешно македонско револуционерна организација до неговото убиство во 1924 година. Александров направил големи усилби на Парискaта мировна конференција во 1919 година, Македонија да биде присоединета кон Бугарија. Откако во тоа не успеал, тој ја афирмирал старата автономическа идеја, меѓутоа Тодор Александров, македонското население секогаш го третирал како македонски бугари.

Покрај тоа, Александров ја ставил внатрешно Македонската револуционерна организација во улога на бугарските воени и монархистички кругови, особено олеснувајќи им ја борбата за соборување на земјоделската Влада на Александар Стамболиски. Со директното учество со задушување на Септемвриското востание во 1923 година. Убиството на Тодор Александров на 31 август 1924 година на чело на ВМРО застанале Ванчо Михајлов и Александар Протуѓеров.

**Бесим Догани:** Ве молам, колеги, дозволете да продолжи пратеникот Серафимов. Сме навикнати овие денови да слушаме историја, па ќе молам да го послушате и пратеникот Серафимов. Повелете.

**Влатко Серафимов:** Ванчо Михајлов особено ги ангажирал силите на ВМРО за физичка ликвидација на најпрогресивните македонски дејци и тоа не само во Бугарија, туку и во други земји. Пиринскиот дел во Македонија го претворил како држава во држава и воведувал сопствени закони и даноци и вршел физички терор на населението. ВМРО ја претворил во терористичка организација во време во втората светска војна станал близок соработник со водачот на нацистите Хитлер. Несфатливо е што ВМРО-ДПМНЕ ги зема предвид и конгресите на ВМРО Михајловистичка како континуитет од 1893 година, па до ден денешен. Доколку се прифати таквата постапка ќе се направи голема неправда кон сите загинати борци за слобода и независна Македонија. Покрај тоа, доколку се прифати предлогот 23 октомври да биде државен празник, во тој случај и ВМРО на Каракачанов од Бугарија треба да го прославува тој ден. Дали нема да дојдеме до идејата дека 23 октомври треба да го прославуваме заедно со граѓаните во Република Бугарија.

На крајот сакам да резимирам неколку работи.

Македонското революционерно движење во кое сите революционери се од македонско или од бугарско потекло, да го изградиме фактот дали зад ова се крие една позадина, со кое нешто се сака да се откажеме од националното и да празнуваме нешто што ќе има погубни последици за Република Македонија. Дали овој ден, овој празник 23 октомври нема да повлече и празнување и чествување на датуми и од други политички партии, како на пример Ден на Македонското национално организирање. Потоа, 19 март 1943 формирањето на КПМ или формирањето на СПМ. Затоа, за мене, почитувани колеги, овој ден е несватливо да го прифатиме како државен празник на Република Македонија. Имаме многу причини и можеме уште многу да разговараме и да дебатираме,меѓутоа

сметам дека имаме доста празници и тие празници треба да ги почитуваме.Многу пати овие денови слушнавме дека секој празник треба да не трогне и секој празник треба да го чевствуваме онака како што најубаво знаеме и можеме. Меѓутоа, со вакви инсинуации да празнуваме и да чествуваме празници кои што се поврзуваат и кои што сакаат да бидат приватизирани од една политичка партија, јас би го поставил и прашањето, дали празникот 23 октомври е празник на ВМРО-ДПМНЕ и дали доколку ова Собрание го усвои законот за празници, дали партиите кои што имаат предзнак ВМРО, би се откажале од нивниот предзнак. ВМРО не е присвоено само од Демократската партија за Македонско национално единство, ВМРО го сочуствуваме и ние социјал демократите во Република Македонија. Затоа, уште еднаш би апелирал до Владата на Република Македонија, овој закон да оди во две фази и не туку така на мала врата да ни го протне и датумот 23 октомври, се со цел да си го присвојат и да имаат свој празник. Можеби и роденденот на актуелниот премиер ќе биде државен празник, бидејќи тој ден Владата на Република Македонија не работеше и министрите одеа на честитки и коктели во Владата, коктел организиран од премиерот на државна сметка, па зошто тогаш да работат и другите службеници во владините институции. Дајте и тој ден да го ставиме како празник на државата за државен празник. Затоа што, ако ова е голема врата, како што слушам празникот да го внесите на голема врата, но уште на поголема врата ќе го внесете роденденот на вашиот премиер. Благодарам.

**Бесим Догани:** Збор има пратеникот Агрон Буџаку. Повелете.

**Агрон Буџаку:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги.

Кај мене, одкако се спомнаа неколку претходни колеги кои расправаа по однос на законот за празници, е дилемата дали ќе се јавам за збор или не и таа дилема мислам дека реално и дилемите кои наместо да бидат што појасни, тие се зголемија во овие неколку дневни расправи, па би сакал да ги споделам моите дилеми со вас, се разбира и со јавноста која не следи, надевајќи се дека или претставникот на Владата, иако припаѓа на Либералната партија или некој од мнозинството, најмалку ќе ми одговори, за да ми објасни неколку работи. За што, доколку еден пратеник од Парламентот не му е јасно или не му се јасни неколку аспекти од овој закон, како можеме да очекуваме јавноста и граѓаните на Република Македонија, тие кои очекуваат од овој Парламент од највисоката државна институција во однос на носењето на закони, како можеме да очекуваме на граѓаните сето ова да им биде јасно. Токму моите дилеми најнапред се во врска со постапката и на носење на овој закон, кој по се изгледа се кажа од мнозинството, ако не грешам или од претставникот на Владата дека ќе го преиспита или Владата ќе го разгледа ова прашање дали ќе оди во една или во две фази, но по се изгледа ќе се гласа во една фаза . Колку за објаснување, мислам дека законите кои се во однос на елементи или прашања поврзани за сите граѓани за едно подолго време, затоа што треба да направиме разлика, ако носиме закон за данокот или за земјоделски производи и други закони, тие можат да се менуваат и обично се менуваат од мнозинството, со менувањето на мнозинството во избори. Но, овде се работи за еден закон иако се ревалитарилизирал од неколку пратеници од мнозинството дека не е толку од посебно значење, јас го мислам спротивното дека е од големо значење, затоа што е закон кој не можеме односно Парламентот на Република Македонија не може или не е во ред доколку секој нов состав на парламентот ќе настојуваше да го промени овој закон, бидејќи се работи за празници и неработни денови кои влегуваат во традицијата и како празници на сите граѓани. Не би било во ред доколку едно мнозинство носи еден закон до еден одреден датум, додека другото мнозинство ќе го измени тоа од причина што ова би било една порака на несериозност и вистинско нефункционирање, не само на Парламентот, туку и несериозност на целата држава. Затоа, јас ценам и им се приклучувам натие пратеници кои предложија, било од мнозинството, но и од опозицијата кои предложија овој закон да оди во две фази и да има една поширока јавна расправа, затоа што кога се работи, ако ги синтетизираме дискусиите за кое прашање најмногу се расправаше по овој закон за празници, беше спорниот датум 23 октомври, верските празници кои се во врска со секуларизацијата на државата и беа празниците на етничките заедници немнозински во Република Македонија и беше социјалниот аспект на празниците од аспект на прекинот на процесот на работа во неколку претпријатија. Имајќи го предвид тоа дека доколку мнозинството е глуво или подобро би рекол ВМРО-ДПМНЕ е глуво во однос на значењето на овој закон од аспект на традициите и празничните денови, кои сите граѓани на Република Македонија треба да ги чувствуваат како свои, тогаш најмалку мнозинството не треба да биде глуво од аспект на сите контрадикции кои на синтетизиран начин се заложив да ги групирам во 4 категории. Затоа што, самото ВМРО-ДПМНЕ токму од тоа што беше најмногу оспорено, начи празникот 23 октомври мислам дека не е во ред во еден Парламент во една мултиетничка држава, каде постојано се нагласува од релевантни меѓународни институции, од меѓународната заедница и од Европската Унија дека треба да постои дијалог и концензус за значајни прашања, ВМРО-ДПМНЕ со 39 пратеници и со 309.000 гласачи од еден милион и седумстотини гласачи во Македонија, да наметне во име 309.000 гласа еден празник или да го наметне овој закон во целост не е во ред. Значи 39 пратеници да наметнат во однос на 120 пратеници не е во ред за овој закон за празници и нема концензус. Нема

најмалку помалку контрадикции, туку има контрадикции и меѓупартиски, меѓуетнички и конфесионални, но и историски. Јас мислам дека не е во ред да се наметне и понатаму овој закон да се носи во една забрзана постапка, бидејќи јас имав една реплика и противреплика со почитуваниот пратеник колегата Петар Поп Арсов, а го побарав и стенограмот на излагањето на пратеникот, но вообичаено пратениците од мнозинството по се изгледа половината или повеќе немаат желба ниту да не сослушаат и јас ќе го цитирам оригиналот кој го побарав да се симне од службите на македонски јазик на излагањето на господинот Петар Поп Арсов, каде вели "И уште една теза, која што не само денеска, не само вчера, туку 16 години наназад се провлекува, а тоа е дали токму сега ова што го имаме на дневен ред е најбитно и дали токму сега овој закон е најбитен. За многу закони, за многу проекти кои што имаат многу важен карактер за Република Македонија, проекти кои што претставуваат атрибути на Република Македонија, како што е на пример грбот, во минатото секогаш се вадеше оваа теза дали е токму сега моментот да го решаваме ова прашање. Граѓаните се сиромашни, граѓаните немаат работа итн. Ние имавме прилика во овие 16 години да направиме многу за граѓаните и таа невработеност да ја намалиме од овие 38%, колку што е со многу помал процент, а при тоа и да ги донесеме овие закони. За жал, ниту едното, ниту другото не успеавме да го направиме. Јас сметам дека овој закон е и тоа како битен и дека токму сега е моментот кога ова Собрание треба да го донесе овој закон. Покрај обврската што ја имаме за усогласување на нашето општество со европското општество во секој поглед . . ." Значи, го цитирав со оглед на фактот дека имавме реплика и против реплика со господинот Поп Арсов, но мислам дека ова е став и на другите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, кој сам по себе е противречен. Најпрвин е противречен со ветувањето што оваа партија им го даде на граѓаните во врска со нивната предизборна платформа и владината програма, што значи оваа партија ќе се занимава со економијата, додека во однос на другите прашања ќе има еден мораториум три годишен. Не е точно тоа што се докажа и што се потврди од други пратеници во текот на расправата дека во рамките на усогласувањето на законите на Република Македонија со тие на Европската Унија се побарало или се бара и законот за празници да се усогласи со европското законодавство. Значи, треба да се каже јасно и децидно дека ова е демагогија и манипулација и дека сето ова не е точно.

Таа кампања која продолжува и ден денешен дека оваа Влада се занимава со економијата, а ние со денови овде се занимаваме со Закон кој господинот Поп Арсов го назначува како значаен, но господине Поп Арсов вие го спомнавте и грбот на Република Македонија и сега се поставува прашањето доколку има работи кои не се решени во Република Македонија дали речиси и празниците и така имаме празници и ги славиме традиционално со години, дали речиси празниците се од поголемо значење или грбот на Република Македонија, затоа што како што се гледа се уште се употребува грбот на бивша Југославија, на една комунистичка земја со ѕвезда. Дали повеќе му пречи на господинот Поп Арсов и на неговите колеги фактот дека се уште го користиме овој грб или е позначајно и со поголема тежина самите празници. Дали е позначајно да се занимаваме со економски прашања или да се занимаваме со историски предавања овде во овој Парламент и отворено да им кажеме на граѓаните дека оваа партија која се прокламира и како демохристијанска партија наметнува верски празници во сооднос, диспропорционален сооднос со една наводно една демохристијанска традиција. Јас не знам каква идеологија има ВМРО-ДПМНЕ кога не знам каква идеологија има господинот Мешков кој и припаѓа на Либералната партија. Не знам случај во Европа и во светот каде во една Либерална партија или една нова Социјалдемократска партија да се занимава со светци, со духовни работи, традиционални работи, верски, историски и со еден датум кој му припаѓа на 19 век, еден век кога се основаа државите и нациите во Европа.

Од ова произлегува отворено и на виделина дека сета таа предизборна кампања и невидена пропагандистичка кампања не е ништо друго освен една демагогија и сето ова што се наметнува да расправаме за празници и разни денови било партиски или непартиски денови е еден елегантен начин за да се привлече вниманието на граѓаните од непроменетата економска и тешка состојба на сите граѓани од недостаток на конкретна визија, а не декларативна за суштествени промени и коренити во однос на економијата плус најголема штета е дека во 2007 година е година од големо значење бидејќи ќе имаме набљудувањ од Европската унија и НАТО за да видат дали чекориме кон тој пат кој го почна Македонија кон интеграциите или не. Доколку ние во овој момент расправаме со денови за празници и нашето минато, јас ве уверувам дека Европа и Америка, но и НАТО не гледаат како што сме во суштина балканци кои не можеме да се ослободиме од нашето минато на кое, како што рекол славниот Винстон Черчил имаат голема тежина врз нивните плеќи. Сега, се уште имам дилема и би сакал некој од парламентарното мнозинство, се разбира од тие кои ме слушаат, да ми објаснат што е во суштина 23 октомври 1893 година или што во суштина се случило на 23 октомври 1893 година. Од досегашната расправа и дискусии дојдов до заклучок кој сум го научил од историските лекции одржани во овој Парламент дека, доколку ВМРО-ДПМНЕ инсистира 23 октомври 1893 година да се прогласи како државен празник, не знам дали сте свесни пратеници од мнозинството и Владата што значи сето ова. Доколку грешам ве молам тие кои ме слушаат да ме поправат.

Според едно телевизиско интервју во последно време со господинот Милошоски, министер за надворешни работи новинарот кој го водеше интервјуто постави прашање, рече дека во тој момент на средбата во Солун на шест спомнати лица господинот Груев, Поп Арсов, Димитров, Аџи Николов... нема ниту еден пишан документ за таа средба.

Понатаму е одржан конгресот од незнам кое ВМРО во 1894 година и доколку го имаме како државен празник денот на Илинден кој не е спорен, за кој има пишани документи, се воспоставува независна Македонија, со прогласување на еден ден кога се сретнале шест лица во Солун како државен празник првиме еден преседан кој за мене е од голема опасност.

Што значи овој преседан? Кога се работи за државотворноста, со Манифестот на Крушевската Република со датумот на АСНОМ каде се темелите на независната држава Република Македонија е една работа, но кога се работи за средби или зачеток на историјата за основање на македонската држава доколку ВМРО-ДПМНЕ го наметнува овој датум тоа значи дека Македонија почнала со ВМРО и дека пред 1893 година Македонија нема своја историја. Ова им дава порака кои и така ве спорат, ве негираат, ја негираат државата, јазикот, историјата на Република Македонија, една порака која сигурно ќе им се допадне.

Понатаму еве, да земеме дека таму се почнало од тој датум борбата или револуцијата за ослободување на Македонија иако овде не ми беше јасно дали се говори за автономија или станува збор за револуција, но овие се историски прашања, дали е овој ден ден за празнување на сите граѓани без оглед дека едно такво малцинство се членовите на едните, другите, или третите ВМРО или ова е еден ден на ВМРО доколку од веб-сајтот и од партиските знаци кои често пати сум ги видел јасно се гледа дека симболот на ВМРО-ДПМНЕ знакот со лавот и со датумот горе пишува 1893 - 1890. Според ова произлегува доколку ВМРО-ДПМНЕ смета дека ова е датумот на основање на ВМРО од која произлегува продолжението на ВМРО-ДПМНЕ со конгресот од 1990 година, ова би го нарекол ново ВМРО од 90-те години, произлегува дека, нека ни кажат пратениците од ВМРО ние сакаме да го славиме, бидејќи ова е датумот на основањето на ВМРО, бидејќи е на партиските симболи и се би било во ред доколку ги убедат коалиционите партнери да го изгласаат и нека го изгласаат, но јасно е овој празник нема да се прифати од мнозинството граѓани било да им припаѓаат на македонската заедница бидејќи сите ниту се членови, ниту ја симпатизираат ВМРО-ДПМНЕ. Доколку од друга страна овој датум се земе како почеток на историјата, бидејќи арогантниот начин на едноумието на однесувањето на ВМРО-ДПМНЕ во овој Парламент покажува еден систем или еден начин на авторитарно однесување каде се наметнува диктатура и диктат во демократијата.

Ова, почитувани дами и господа, не е дозволено и со програмирањето кое го имате за да ги притискате зелените копчиња пред вас ова може да го направите, но ова е штетно прво за самата демократија во Република Македонија.

Второ, за имиџот на Република Македонија во нашето пристапување кон евроатланските интеграции и

Трето, за овој Парламент на кој начин се залагате да етаблирате и работите во овој Парламент. Со инсистирањето за кое реков дека за мене е отворена дилема и другиот аспект бидејќи има многу ВМРО-а со таков предзнак кој ќе го има ексклузивното право на празнување на овој празник.

Второ, кога ќе се промени парламентарното мнозинство сигурно тогаш тие кои не се ВМРО и кои ќе бидат во парламентарното мнозинство ќе го променат законот и ќе бидеме смешни дека во Македонија ниту за историските празници не можеме да се усогласиме, а што очекуваме во однос на реформите и подобрување на институционалната, економската состојба во државата до колку една партија можеби од своите историски комплекси наметнува еден датум на сите нас да се слави како парзник, како државен празник.

Другиот момент кој го нагласив во мојот вовед токму во овој момент со сето тоа што го вели гсподинот Поп Арсов кој после вели не реков така, туку реков вака, токму во овој даден момент кога се очекува на Самитот на НАТО 2008 година да се донесе одлука за покана на Македонија да бидеме членка во НАТО токму во овој момент кога треба да работиме на севкупните реформи, бидејќи не очекува мислењето на Европската комисија во октомври каде би сакале да го добиеме точниот датум на отпочнување на преговори, токму во овој момент ни се поднесува овој Закон за празници и тоа без да се дозволи никаква јавна расправа. Сето ова е јасно и уште еднаш ќе нагласам дека нема никаков консензус во однос на овој закон ниту меѓупартиски, внатре во партиите кои се во владината коалиција, ниту меѓуетнички консензус ниту конфесионален. Јас мислам дека ефектот кој кај политичките партии е познато дека го користат секаде во светот популистички пропагандистички ефекти на еден раст на самодоверба за која самите имаат потреба да веруваат самите во себе за да предлагаат популистички закони освен овој ефект сите други ефекти, ефект кој за еден краток временски рок е доходовен за ВМРО-ДПМНЕ, но за еден среднорочен рок е штетен, а сите други ефекти на начин на однесување и времето во кое се предлага овој закон ќе бидат негативни. И претхдоно сум кажал во расправа по други закони, но ќе нагласам уште еднаш со оглед на фактот дека по се изгледа не ме разбирате, јас немам ништо против ВМРО-ДПМНЕ со оваа политика и однесување да и направи штета на сама себе и

на својата партија. Но, јас се противам и до крај ќе бидам против тоа на овој начин и со оваа политика се оштетува и тоа тешко нашата интеграција на Република Македонија во НАТО структурите и Европската унија, а секако ова не е една декларативна политика на ДУИ или нашите коалициони партнери на ПДП, туку е желба на повеќе од 90% од нашите граѓани од сите етнички и верски групи во Македонија, треба јасно да се каже дека е краен момент, имаме уште малку време и уште малку месеци овие популистички политики, ова однесување со диктат и наводно со желба за дијалог колку за да се сликаат, на оваа политика треба да и се стави крај и точка и прашањата кои се во однос на политичката стабилност на земјата со меѓупартиските и меѓуетничките односи со меѓуконфесионалните односи со консензус во врска со клучните прашања со кои треба да се занимава Република Македонија да бидат приоритетни прашања за ова парламентарно мнозинство затоа што мнозинствата се менуваат, владите доаѓаат и си заминуваат додека шансата која ни се дава со отворени врати за наше пристапување во НАТО и Европската унија доколку ја изгубиме оваа година, тогаш се плашам имајќи го во предвид расположението и состојбата во Европската унија ќе остане една црна дупка во Европа за која по се изгледа Европа, познавајќи ги овие популистички политики на време ги има превентивните мерки.

Доколку забележавте, балканските земји од Западен Балкан сега од сите страни се опкружени со држави кои се членки и на НАТО и на Европска унија. Сега аргументот дека ние сме во Европа, а Европа има потреба од нас, Европа не е комплетна без нас паѓа, затоа што доколку погледнете на картата, Европа ни има направено еден кордон, не има опкружено од сите страни и сега од нас зависи дали ќе се припоиме кон Европа или ќе се занимаваме со денови, значи кој ден е 23 октомври, каков е овој ден и дали треба овој верски или некој друг верски празник да се слави. Дали е овој пробугарин или не е пробугарин, дали е оваа држава секуларна, што е апсурд и од претседателот на Парламентот да се постави едно такво прашање во однос на секуларизмот на државата кога модерните држави со 100-тици години претходно го решиле овој проблем - почитувањето на верата да, се знае местото на религијата, но модерните држави и цивилните држави не ја ставаат под знак прашање секуларноста на државата како што го прави претседателот на Парламентот, дали е овој или некој друг позначаен, додека во меѓувреме последните вагони на возот за Европа ни поминуваат пред нос, па по се изгледа или не сме свесни или не знаеме или на крајот на краиштата не сме за Европа вака како што сме изолирани од сите страни, ќе се занимаваме и понатаму со вакви будалаштини едни со други, со теми кои се спомнаа и од госпоѓата Јанкуловска, кои припаѓаат на 19-от век. Сакале или не, ова е така. Затоа, господине Мешков, апелирам да зрачите позитивно, да се преиспитате и најмалку да се расправа, овој закон да оди во две фази, да се донесе во две фази и на овој начин, бидејќи сте го предложиле и расправаме за овој закон, да има најмалку една суштествена дебата од луѓето кои ја познаваат историјата и верата, тие датуми да бидат прифатени од еден голем број. Секогаш не можат сите да бидат задоволни, но барем истите да бидат прифатени од еден голем број или од мнозинството граѓани на Република Македонија и да не ни се случи на пример еден празник како што сте предложиле вие да го слават 200-300 илјади граѓани, други да бидат против и да свиркаат еден ипол милион други граѓани. Ова не е добро ниту за Македонија, ниту за нашата стабилност, а ниту за нашиот пат, ако е единствениот спасителен пат за Република Македонија за наше членство во НАТО и Европска унија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Веројатно мислевте на Куновска, а не на Јанкуловска. (Да).

Три минути реплика за пратеникот Петар Поп Арсов, повелете.

**Петар Поп Арсов:** Благодарам.

Му благодарам на колегата Агрон Буџаку што ме цитираше и оној сегмент од текстот кој беше составен дел од моето излагање уште еднаш го изложи овде пред пратениците и прд јавноста. Можам да кажам дека во целина стојам зад сето она што го кажав тогаш.

Мене навистина ми е многу жал што колегата Буџаку не го разбрал вистинскиот контекст на сето она што го кажав, меѓутоа, ќе повторам дека сметам дека овој закон навистина сега треба да се донесе. Образложенијата што ги дава колегата Буџаку дека ние донесуваме закон кој што нема економски карактер и кој што, како што се изрази овде, е закон кој што ни служи да се расправаме и го употреби зборот “будалаштини”, иако не разбрав во кој контекст го употреби, сметам дека ние пратениците овде во Собранието без разлика дали сме од парламентарното мнозинство или не сите оние проекти што Владата ги носи не сме принудени постојано да ги повторуваме. Меѓутоа, еве јас ќе ги кажам во оваа моја реплика.

Економски проект е намалувањето на ДДВ уште на првата Владина седница за земјоделската механизација и репроматеријалите од 18% на 5%, економски проект е воведувањето на рамниот данок. Економски проект е и правилната распределба на земјоделското земјиште на сите оние кои се занимаваа со земјоделство. Економски проект е и правилната и транспарентна распределба на ЦЕМТ дозволите, економски проект е и регулаторната гиљотина и сето она што е поврзано со правилното функционирање на Република Македонија во сите сегменти и правилното применување на донесените закони. Сите оние закони што Владата ги понуди овде во Собранието, за вас од опозицијата за жал, и покрај тоа што беа економски, беа на овој или оној начин неприфатливи и сепак наоѓавте одредени

мани и недостатоци и ги споревте. Кога велите дека 309 илјади гласаа и тоа се оние кои ја даваат нашата подлога за донесување на ваков закон, јас уште еднаш ќе кажам дека оваа владина коалиција ја поддржуваат повеќе од 537 илјади гласачи, како политички партии кои влегуваат во оваа владина коалиција, а во законот за празници што се предлага овде не е само 23 октомври и ексклузивното право на празнување на овие празници во Република Македонија ќе го имаат сите граѓани.

Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и на вас.

Една минута контрареплика за пратеникот Агрон Буџаку, повелете.

**Агрон Буџаку:** Почитуваниот пратеник Петар Поп Арсов имаше три минути и имаше многу минути за да ги спомне големите реформи, економските реформи на неговата партија, бидејќи тоа се тие што ги кажа. Сите граѓани знаат и ќе се види колку граѓаните ќе имаат бенефиции, а според калкулациите само 10% од даноците ќе придобијат, додека 90% ќе кажат на наредните избори колку придобиле од една десничарска политика, во една земја каде имаме 400 илјади невработени и имаме голема сиромаштија. Во однос на поддршката јас реков 303 илјади или 309 илјади од аспект на тоталниот број на вашите гласачи, но нагласувајќи дека од вашите вашите коалициони партнери немавте поддршка за овој закон. Затоа спомнав 309 илјади и желбата на 309 илјади не може да се наметне во однос на еден милион и 300 илјади гласачи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот господин Рафис Алити, повелете.

**Рфис Алити:** Благодарам.

За говорот неколку пати сме кажале дека треба да се почитува законот, а на законот треба да се напише оригиналното име и презиме, така што би било добро на нас пратениците Албанци барем името, а потоа презимето да ни се напише. Измените во Собранието се гледа јасно дека одат многу полека и не се почитуваат ниту законите, ниту нешто друго. Како и да е, ова е друга работа.

Навистина имав големи дилеми дали да дискутирам или не за овој Предлог закон, меѓутоа, бидејќи се работи за многу значаен закон, за закон каде се расправа за празниците, а кога се спомнува зборот празник навистина секој мисли на нешто убаво, на нешто добро, бидејќи тој ден кога е ден на празник навистина треба да се празнува и граѓаните да се чувствуваат добро. Граѓаните треба да ги остават сите други работи и навистина тој ден да празнуваат. Ова го велам затоа што овде се прдлага, што е многу значајно, измена и на државните празници или пак се додава еден државен празник. Станува збор за 23 октомври, ден на Македонската револуционерна борба. Се поставува прашањето оваа Влада или ова политчко мнозинство, свесно или не, влегува во води кои не не водат кон она што е заедничка историја, не не водат кон она што е и заедничка иднина. Ова го велам затоа што во државни празници, покрај другото е и 2 Август - ден на Републиката или 11 Октомври - ден на Народното востание и 8 Септември - ден на независноста. Јас ќе се задржам на 2 Август и 11 Октомври. Не случајно, тие кои го предложиле Предлог законот тогаш кога се усвојувал ги предложиле овие датуми кои ги зближуваат заедниците, ги зближуваат народите кои живеат тука во Република Македонија, а не други денови кои ги раздвојуваат или ги водат по различни патишта. Значи во тој временски период или момент кога се донел тој закон имале политички сенс, имале ниво или рамниште за да размислуваат заедно која е иднината на државата, која е иднината на народите кои живеат во Репулбика Македонија. Истата работа ќе ја кажам дека имале политички сенс или пак интелектуално или политичко ниво оние кои раководеле со Илинденското востание, го воделе Илинденското востание, но не би сакал на долго и на широко да говорам за Собранието и Претседателството кое што го изготви тогашниот Манифест и ги повика народите на востание. Велам таа политичка елита била на многу повисоко ниво отколку оваа политичка елита која е сега на власт, затоа што тие знаеле да менаџираат со тоа што се нарекува иднина на народите што живееле тогаш всушност во Крушевската Република, затоа што тогаш не се говорело за оваа Македонија за која се говори сега. Или пак доколку се земе и Народното востание - 11 Октомври и се види како се направил повикот и таму, повикот до народите кои живееле во Република Македонија да се вклучат во борбата, ќе се види јасно дека имало навистина политичари на ниво во тоа време, интелектуалци кои знаеле да ја направат таа работа како што треба, а друго е како се продолжило понатаму. Меѓутоа, велам моментот кога се случиле овие настани навистина се ценеле и високо се цени од сите граѓани кои живеат во Република Македонија. Тоа што се случувало после Илинденското востание или Крушевската Република не е некоја добра историја, не е некое добро минато на сите нас кои живееме во Република Македонија или пак тоа што е настан на 11 Октомври, не е тоа што се говорело тогаш, затоа што дејствата или постапките се во спротивност со тоа за што се бореле во борбата народите кои живеат во Република Македонија. Ова не го велам со жалење, затоа што и до ден денес кога се одржува манифестацијата во Крушево, покрај другото што ние како Албанци го гледаме како голема разлика меѓу оние кои одат и празнуваат таму за Крушевската Република, некој таму исвиркува или на различен начин се обидува да покаже незадоволство за тоа манифестирање, додека другата страна се разбира навистина се обидува да го претстави тоа како голем ден и ден на празник кој што треба да го празнуваат народите кои живеат во Република Македонија. И

веднаш се поставува прашањето каде се Албанците, зошто Албанците не се на тој празничен ден на Крушевската Република таму. Велам не само да учествуваат заради декорот со некоја делегација, туку каде се Албанците да учествуваат како што учествувале во тоа Собрание на Крушевската Република и со ора и песни и со говори. Дури тогаш би можеле ние да говориме дека навистина се придржуваме кон начелата и кон она што е кажано при повикот на востание кога и се основа Крушевската Република, што значи на итар начин или пак на перфиден начин во текот на целото време ние како Албанци се исклучуваме од таа историја или пак некој настојува да не отстрани од таа историја, со тоа што објективно и реално ние се идентификуваме. Ова е тој сегмент кој секој овде независно дали е во позиција или опозиција треба да размисли добро, дали ќе одиме кон празници кои ќе не сооединуваат и заеднички да ги празнуваме тие денови, или пак ќе одиме по патиштата кои не разединуваат. Ова го велам затоа што во текот на движењата за оформување на ВМРО, као што велите вие денот на Македонската револуционерна борба итн., во текот на тие години и другите народи имале свои движења, и ние Албанците сме имале свои движења. Познато е дека сме имале движење познато како Призренска лига, која не се согласувала со одлуките на Берлинскиот конгрес и многу делегати од Албанските етнички огништа или подрачја, посебно од Македонија, од Скопје, Куманово, Тетово итн., учествувале во тоа движење наречено призренска лига. И ние кои ќе глсаме за тоа 23 октомври да биде ден на празник, на државен празник на Република Македонија треба или тие кои ќе гласаат за овој Предлог закон треба добро да размислат дали ќе гласаме ден кој ќе не соодинува да се празнува во Република Македонија или ќе гласаме за ден на празник кој не раздвојува и не води кон одвоени патишта, патишта кои не оддалечуваат или кои одат во спротивни правци. Едноставно предлогот на овој датум не е неработен ден, едноставно ден на празник, туку е порака до сите нас кои живееме во оваа држава или оваа земја и секогаш, доколку се појави екстремизам, се појавува и другиот екстремизам. Ќе беше во ред доколку 23 октомври се предложеше заедно со 22 ноември или пак во членот 2 каде што се говори за Албанската азбука. Значи, ќе беше во ред, затоа што тогаш ќе се знаеше дака ќе празнуваат само припадниците на ВМРО, не кажувам кое затоа што има многу ВМРО, како што имало и порано. Во спротивно да не се мамиме самите себе си дека сите ние ќе ви веруваме или им веруваме на убавите зборови кои се кажуваат од постарите пратеници дека не соединува и овој ден и овој празник.

Многу е јасно дека не не соединува, туку дека ќе треба, пред да се донесе, што го кажав порано во една реплика, пред да се донесе Предлогот на закон сите политички партии кои имаат префикс или почнуваат со ВМРО да се избришат од регистарт. Затоа што е апсурд да ние како припадници на албанскиот народ празнуваме ден на една политичка партија. Велам дека оваа работа не чини, не оди вака.

За ова треба да се има сенс, временски, политички од актуелното мнозинство. Не велам дека нема да може да го наметнете ова нешто и дека нема да може да го изгласате. Ќе можете да го изгласате, меѓутоа нема да биде празничен ден. Нема да биде државен празник за сите граѓани на Република Македонија. Тоа е тоа како што политичари треба да не загрижи. Во која насока се ориентираме или пак ја ориентираме иднината на оваа држава или земјата.

Пратеникот, колегата Агром Буџаку многу убаво го кажа тој сегмент кога рече дека ние треба да покажеме сериозност, кога предлагаме празници посебно државни празници. Ние, со ова или пак вие, затоа што ние не го предлагаме овој Предлог на закон, со тоа што сте ја донеле таа одлука да предложите државен празник да биде 23 октомври, мислам дека се покажува една политичка незрелост и несериозност. Велам, уште еднаш предложете го како празник, да биде неработен ден, меѓутоа не и државен празник. Тогаш сигурно дека и колегите или пак Социјалдемократите ќе се согласат дека тој ден ќе празнуваат само оние кои имаат кништи на ВМРО, без оглед кое.

Меѓутоа, да се предложи како државен празник, мислам дека навистина не држи. Не е интерес ниту ваш кој го предлагате, но ниту наш интерес, кој го спориме да биде во групата на државни празници.

Сигурно дека имаме уште многу други моменти што не обединуваат од пратениците на коалицијата ДУИ-ПДП. Беа кажани многу работи, посебно за 13 август. Тоа е една нова историја на Република Македонија, тоа е историја со која што градиме една нова држава, тоа е историја што, барем во текот на овие години се докажа дека ја ориентира Македонија или е датум што ја ориентира Македонија кон она што се нарекува иднина да еден ден бидеме дел од Европската унија, НАТО и тн. Меѓутоа, е историја која што, колку што е болно, толку е и со интерес или од интерес за Република Македонија.

Почитувана господо,

Вие можете да празнувате денови или датуми што ќе се прогласат како државни празници. Но, дали ќе ги празнуваат сите граѓани или не, тоа е веќе друго прашање. За значењето на 13 август нема да говорам, затоа што не е предложен во овој Предлог на закон. Ние сме поднеле амандмани и за други празници, не само за 13 август.

Тука имаме празници на Република Македонија. Се почнува со 1 јануари, Бижиќ, 1 мај и Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам. Многу е логично тоа што го поставија како прашање пратениците од коалицијата ДУИ-ПДП, зошто се двои Курбан Бајрам од Рамазан Бајрам? Која е тежината на едниот ден, која е на другиот ден?

Зошто на едниот празник се дава предност, а другиот се става во една друга група во која што се деградира? Можеби верниците од исламскта конфесија повеќе да го празнуваат Рамазан Бајрам, а помалку Курбан Бајрам? Или пак кој е тој момент што ете, овие кои го поднеле Предлогот на закон, а до сега не дале било какво објаснување во оваа насока, барем ние да знаеме како пратеници кои ќе гласаат, зошто се направила оваа поделба токму на овој начин. Оваа поделба не може да се оправда.

Исто така, од многу пратеници, пратеници и од опозицијата и од позицијата, всушност од позицијата еден мал број, од македонската опозиција за календарите. Сигурно дека ќе беше во интерес на сите граѓани да календарот на празници, било да е католичкиот или православниот и тн., да биде еден календар на празници, со календарот на празници што се празнува во Европската унија. Затоа што сите ние, барем со зборови сме се изјасниле, велам со зборови, затоа што не работиме на тоа за што сме се изјасниле, дека навистина сакаме и ќе придонесуваме да еден ден бидеме држава, рамноправна со другите држави на Европската унија. Доколку навистина сакаме да одиме таму, тогаш треба уште сега да ги правиме тие измени, а не уште еднаш да се расправа за истите работи.

Затоа не случајно, ние како коалиција, во текот на целата наша расправа сме предлагале да овој Предог-закон оди во две фази, да не се усвои во една фаза, затоа што не е некој услов или стандард што се бара од НАТО или Европската унија, туку едноставно, е брзање на оваа Влада набрзина да донесеме еден закон за празниците и да добиеме некој политички поен.

Повторно ќе се обидам да го цитирам господинот Буџаку, добро кажа дека утре ќе дојде некое друго мнозинство кое ќе направи измени во овој Предлог-закон, посебно кога се работи за државните празници. На пример, ќе го тргне 23 октомври. Како ќе се чувствуваат тогаш тие граѓани? Дали навистина ќе се чувствуваат така како што се чувствуваа за тој празник кога предлагаат предлог-закони, посебно за празниците, за државните празници, треба да покажеме една поголема политичка зрелост, треба да се издигнеме над она наше секојдневние. Навистина да се издигнеме и да ги гледаме работите на подиректен начин и поправилен начин.

Вака, како што е предложен Предлогот на законот, претседавачот на Собранието, или пак господинот Љубиша Георгиевски спомна три ниво на пратеници за тоа како тие го гледаат или како се одвивале дебатите тука, во Собранието. Три нивоа на пратеници, групи на пратеници, а покрај другото тој спомна едно ниво што гледа од долу, од жабешка позиција, сите одат полека, но и едно друго ниво, од високо. Јас, навистина не сакав да полемизирам со претседавачот или пак со господинот Георгиевски. Добро е што некој се обидува од високо да ги гледа работите и е добро сите ние да се обидеме од горе. Меѓутоа, доколку не тргнеме од долу, доколку не бидеме и во улога на жаба, нема да наидеме на оние пречки на кои што наидува и жабата. Оние кои летаат високо, сигурно дека ги немаат тие проблеми на оние кои одат по земјата. Меѓутоа, секогаш оние кои одат по земја, подобро го познаваат тој терен. А, мнозинството на ова население во Република Македонија е население кое припаѓа на првата категорија, а не на третата категорија. Така што оваа работа треба да се почитрува.

Во текот на нашите расправи побаравме овој закон да оди во две фази. Тоа е потребно за да се направат дополнителни консултации, било со Академијата на науките или пак со универзитетите во земјата. Да се направат консултации со верските заедници. И тие да го дадат своето мислење. Сигурно дека откако ќе имаше јавна расправа и откако ќе се добиеше мислење од верските заедници за тоа кој празник каде треба да биде сместен и како треба да се празнува, тогаш и ние, како избрани пратеници на народот, бидејќи овој закон се предлага тој народ да празнува, навистина ќе имавме поправедна и поправична одлука. Кога ќе гласавме, ќе гласавме со полно убедување дека сме изгласале закон за празници или пак измени што ќе се изгласаат, навистина со полно убедување од нас, пратениците, бидејќи навистина сме направиле една добра работа и дека еве, граѓаните и покрај својата сиромаштија, тој ден, независно од тоа кој што ќе има на својата маса, ќе празнува.

Се согласувам со дел од колегите кои овде рекоа дека празникот е душевна храна. Таа работа е така. Некогаш некое семејство или пак поединец не е богат или го нема тоа богатство навистина да празнува како богатиот, меѓутоа еве со таа негова сиромаштија можеби тој знае да празнува поубаво или пак поубаво да го чувствува празникот, па го празнува подобро од оној другион кој има богатство. Меѓутоа, нема чувство за празнување на празнични денови. Или пак, не се како што ги има некој сиромашен граѓанин.

Затоа, јас уште еднаш, во име на коалицијата ДУИ-ПДП ќе побарам овој Предлог на закон да се повлече или пак Владата да донесе друга одлука да вој Предлог на закон оди во две фази. Во спротивно, ќе дојдеме до фазата на амандмани што сме ги предложиле и секој од нас ќе ја каже својата историја, всушност нашата историја. Ќе говориме за нашето минато, бидејќи така како што се спомнуваат востанијата тука од страна на македонските пратеници и ние Албанците имаме многу датуми, имаме многу моменти за кои што сме предложиле амандмани и со кои денови сме исклучително многу поврзани, било да е тоа историски или емотивно кон тие историски настани.

На крајот ќе произлезе таа констатација што кружи во салата, констатација што многумина во салата не ја сакаат, затоа што ние, со овој Предлог на закон ја водиме или пак народите во Македонија ги водиме на различни патишта.

Доколку ова мнозинството го прави свесно, тогаш сигурно дека нашите аргументи како група или пак коалиција, парламентарна, ќе бидат безвредни за вас. Меѓутоа сигурно ќе бидат вредни за граѓаните на Република Македонија, независно на која заедница и припаѓаат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Претпоставувам како последен дискутант, госпѓа пратеник Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, господине министер,

За крај ќе се обидам да направам малку поширока елаборација и да го соопштам нашиот став околу Предлогот на Владата за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за празници.

Ставот на СДСМ е не дека не треба да се донесат измени и дополнувања по овој Закон. Нашиот став е јасен и до сега често пати елабориран. Бараме да донесеме транспарентен, квалитетен, неспорен европски закон. Заради тоа инсистираме во овој момент, кога ќе заврши првичната расправа по Предлогот на текстот да заврши првата фаза и Владата да овозможи овој закон да се донесе во две фази, што подразбира консултирање, како на експертската, така и на комплетната македонска јавност.

Господине министер Мешков,

Вие сте претставник кого Владата го задолжила да го брани Предлогот за донесување закон за празници. Верувајте, најискрено ве жалам и не би сакала да сум во ваша кожа. Вие веќе четири дена се обидувате да сте трпеливи, да застанете зад едно решение на Владата, во кое, не се сомневам, дека ни самиот не сте убеден.

Прво, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на постојниот Закон за празници суштински и технички е недооформен, избрзан, недоработен, пред се заради тоа што е необразложен. А, недостигот а суштинско образложение се должи на фактот што вие немате аргументи и факти што држат вода.

Еве како изгледа конкретниот предлог. Образложениeто што се нуди пред нас како претставници на граѓанте, кои треба да гласаме по вашиот предлог, е чиста половина страница.

Јас, навистина очекував и се надевав дека образложението ќе можам да го најдам во експозето што господинот министер го имаше пред Собранието на Република Македонија. И, сега, ќе се обидам точка по точка, став по став да го дадам нашето мислење.

Значи, господине министер, ако главно образложение на Владата рековте дека Владата смета дека во рамките на активностите што таа ги работи во врска со задачите, околу евроинтеграциите и усогласување и хармонизација на законодавството на Република Македонија со законите во Европа, Владата оценила дека овој закон мора да биде под итно изменет на почетокот на мандатот на новата Влада, на шестата седница. Претпоставувам дека вашата оценка беше дека Европа нема да се занимава околу доделувањето на датумот на преговори со нашата земја, доколку 23 октомври не биде прогласен за државен празник во нашата земја.

145 дена е мандатот на оваа Влада.

**Иван Анастасовски:** Колеги, ве молам да се сослушаме.

**Весна Бендевска:** Господине потпретседател, апсолутно ја разбирам нервозата на претставниците на владеачкото мнозинство. Меѓутоа, мојата забелешка е лично кон вас. Вие на таа фотеља треба да ми обезбедите да можам навистина да говорам во работна атмосфера.

**Иван Анастасовски:** Нема нервоза, меѓутоа концентрацијата на пратениците опаѓа, така што јас на два пати ги опоменав.

**Весна Бендевска:** Тогаш можевте да ми предложите, навистина, да се откажам и да говорам утре.

**Иван Анастасовски:** Вие предложете ги вашите аргументи, а министерот внимателно ве слуша, бидете сигурни. Продолжете и има уште 20 минути до крајот на работното време.

**Весна Бендевска:** Ви благодарам на вашиот искрен напор да ми овозможите работна атмосфера.

Значи, 145 дека Владата на господинот Груевски не убедува дека ја врши вистинската работа и дека предлага донесување на закони кои не приближуваат кон Европа. Па и малите деца веќе знаат дека тоа не е така. Овие 4 месеци Владата на господинот Груевски успеа чекор по чекор, сантим по сантим да не оддалечи од евроинтеграциите и тоа беше предмет на разгледување на ова Собрание околу извештајот на Европската комисија. Тука тоа е неспорно. Ако се обидувате да го протнете како главен аргумент за донесувањето на овој закон, обидот да го хармонизирате македонското законодавство со европските закони, апсолутно ве прави речиси смешни. Бидејќи, од моментот кога овој закон влезе во процедура, имаме реакции од МАНУ, од Македонскиот институт за национална историја, од Сојузот на синдикатите на Република Македонија, од Сојузот на борби од НОБ на Република Македонија, од потпаролот на Македонската православна црква, од претставниците на Исламската верска заедница. Дозволете, дали вие почитуван министер Мешков сте претставник на Влада која сериозно сака да донесе закон хармонизиран со европските закони, притоа неводејќи сметка на широките реакции во македонската јавност, не водејќи сметка на забелешките на опозицијата, не водејќи сметка за никого, освен за вас. Тоа не е хармонизација, тоа не е приближување кон Европа. Тоа значи дека во овие 4 месеци вие се обидовте и успеавте да го запрете политичкиот дијалог, да оневозможите демократска работа во законодавниот дом на

Република Македонија, бидејќи не прифаќате дијалог со нас како опозициони пратеници, не ги земате предвид аргументите што се обидуваме најсериозно да ги земете предвид, со цел да ја прокламираме нашата конструктивност. Господине министер, јас ќе бидам трпелива и ќе ве оставам да разговарате со госпоѓата Бонева заради да можете да бидете концентриран околу мојот говор. Ве молам, кратка пауза, министерот има работа. Гледате дека министерот говори, а јас сакам да ме слуша, па затоа барам пауза, бидејќи господинот не е во можност да ме следи.

**Иван Анастасовски:** Дали можете во исто време да разговарате и да слушате внимателно што зборуваат пратениците. Продолжете, јас повторно ве уверувам дека министерот ве слуша внимателно.

**Весна Бендевска:** А притоа разговараат со Силвана Бонева. Е, тогаш имаме чудо од министер.

Вториот аргумент кој го соопштивте во вашето експозе, господине министер, иако наведовте дека можеби тоа не е најважната причина, предлагате во рамките на таа хармонизација и усогласување двата празници што се во мај 1 и 2 мај и 1 и 2 јануари предлагате да се празнуваат по еден ден односно 1 мај да биде празник и 1 јануари да биде празник. Значи, во овој дел вршите намалување. Токму тука следеше првата реакција од Сојузот на синдикатите на Македонија кој смета дека е неприфатливо ваков закон да се носи на начин без поширока консултација со аргументација дека не се работи за сложен и обемен закон. Сојузот на синдикатите на Република Македонија смета дека не е во ред овој предлог да се скратува еден ден од првомајскиот празник. Сметајќи дека празнувањето на трудот е природна состојба на човекот, бидејќи тој го создава целокупното материјално и духовно богатство. Реакција на реакцијата до ден денес нема. Очигледно Владата се обидува да носи свои сопствени решенија и очигледно наводите кои ги добивме како пратеници во овој дом дека е направена широка консултација со експертската јавност, паѓа во вода. Како може да стои фактот дека е направена консултација со оние што се засегнати, се крати ден од првомајското празнување, а не е консултиран Сојузот на синдикатите. Значи и овој аргумент господине Мешков ви паѓа во вода.

Како трет аргумент во вашето експозе наведувате дека со овој Предлог на закон се создава основа за една уште поголема меѓуетничка толеранција и почит во однос на празниците на другите вероисповеди, со тоа што во празнични денови кои досега беа неработни и само за припадниците на една вероисповест, сега со овој закон се предлага да бидат неработни денови за сите граѓани на Република Македонија. Јас нема што да ве демантирам околу овие наводи, демантите беа објавени и преку медиумите. Потпаролот на Македонската православна црква, владиката Тимотеј по основ на Предлог законот го искажа јавно ставот на Македонската православна црква, а тоа е дека тие во основа поддржуваат да има повеќе празници, но сепак Македонската православна црква треба односно смета дека треба да се води сметка и за чувствата на граѓаните со друга вероисповед односно Македонската православна црква, не би сакала да се создаде незадоволство со бројот на празниците на православните христијани кои добиваат празнување на повеќе верски празници во однос на припадниците од другите конфесии. После него следеше реакција на Реиз Ул Улема Сулејман Реџепи поглаварот на Исламската верска заедница кој веднаш јасно го искажа ставот дека за нив е неприфатливо да се предложат толкав број христијански, а само еден верски празник за припадниците на исламската вероисповест. Вака ли не хармонизирате со Европа, господине Мешков. Па, вие она што успеавте да го направите да создадете нови меѓуетнички тензии, ново незадоволство. Вие повторно ја отворате Пандораната кутија. И овој аргумент господине Мешков, ви паѓа во вода.

Како четврта аргументација во вашето експозе наведувате дека со новиот предлог, исто така го зголемувате бројот на верските празници за реализација на верските потреби на граѓаните односно овозможувате слободни денови во кои своите верски чувства ќе може секој да ги сподели во кругот на своето семејство. Кога говорите за интимните чувства на верниците, господине Мешков, вие како претставник на оваа Влада, требаше да го прифатите она што ние го предлагаме, а тоа е јавна широка расправа. Не само што треба да ги чуеме гласовите на експертската јавност, во јавните дебати ќе можеме да го чуеме и гласот на граѓаните. Впрочем, заради нив ги донесуваме овие празници. Тие треба да слават. Овој закон не треба да биде достапен само за претставниците на владеачкото мнозинство, господине Мешков.

Значи, фактот што вие бегате од можноста овој закон да се стави пред широко елаборирање на јавноста, ме прави несигурна. Впрочем, навистина, размислувам дека вие не сте подготвени, не поседувате сериозни аргументи да можете да го браните вашиот предлог, сметајќи дека е најдобро и најлесно ќе може да поминете доколку јавната дебата ја ограничите само во рамките на законодавниот дом, вие тука навистина имате обезбедено мнозинство кое ќе го изгласа. Значи, ние како опозиција и како претставници на сопствени аргументи ќе бидеме надгласани, вашиот страв произлегува дека доколку дојде на широка јавна дебата пред граѓаните, вашите аргументи, вашиот предлог ќе доживее фијаско.

Како Петто, иако петта аргументација, вие господине Мешков, ја насловивте како првенствена цел на овој Предлог закон. Велите, не само да се зголеми бројот на неработни денови, туку пред се да се зголеми бројот на одбележување на одредени историски и други

значајни датуми во однос на постојниот закон. И, тука е најголемата контраверза. Јас сериозно барам да не ме прекинувате после 18,00 часот бидејќи навистина на неколку пати сум прекинувана.

**Иван Анастасовски:** Не, ние ќе работиме до 18,00 часот, вие ако успеете за овие 8 минути да го кажете ставот.

**Весна Бендевска:** Тогаш, ве молам, обезбедете ми да работам и господинот министер концентрирано да ме слуша за да може да ми одговори.

**Иван Анастасовски:** Јас мислам дека министерот е концентриран и ве слуша.

**Весна Бендевска:** Во овој момент тоа не е можно. Дали имате проблем, господине Анастасовски со водењето на седниците на Парламентот.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, продоллжете со вашите аргументи, имате услови за работа.

**Весна Бендевска:** Тука има уште еден потпретседател на Собранието, па ако не сте во ситуација ...

**Иван Анастасовски:** Ако ви фалат одредени аргументи тоа е ваш проблем, а јас мислам дека треба да продолжите да го убедите во вашите аргументи министерот. Колеги, ве молам, да ја сослушаме колешката.

**Весна Бендевска:** Значи апсолутната контраверза на овој закон е фамозниот 23 октомври. Господине Мешков, за жал, не сте претставник на ДПМНЕ во Владата, меѓутоа имате полноправно учество во Владата и ќе ве прозивам вас. Водевете ли сметка, господине Мешков, кога го преложивте 23 октомври под име Ден на Македонската револуционерна борба, за државен празник. Не ви изгледа ли логично кога сакате да предложите Ден на Македонската револуционерна борба, тоа да биде празник, господине Анастасовски, навистина барам да ја прекинете седницата, јас сум спремна и во текот на утрешниот ден да ги елаборирам своите ставови во поконцентрирана атмосфера.

**Иван Анастасовски:** Имате уште 4 минути до крајот.

**Весна Бендевска:** Не ми се доволни.

**Иван Анастасовски:** Ние работиме до 18,00 часот, а вие кажувајте ги вашите аргументи до 18,00 часот, тогаш ќе ве прекинам, а утре ќе продолжите. Колеги, нека заврши колешката. Јас мислам дека треба да и овозможиме да ги каже своите аргументи.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Барам ред, мир и тишина. Нели за тоа сте поставени тука.

**Иван Анастасовски:** Јас мислам дека имате ред. Ако имате аргументи, продолжете, а ако не тука ќе ве прекинам и ќе ја заклучам расправата.

**Весна Бендевска:** Ве молам, немојте да ме импутирате со зборови кои не сум ги рекла. Аргументите се на маса и сакам да ги споделам со македонската јавност, меѓутоа, во поинаква атмосфера, мислам во работна атмосфера.

**Иван Анастасовски:** Каква атмосфера барате вие. Што барате, музика да ви пуштиме. Повелете. (Аплауз)

**Весна Бендевска:** Тоа вам ви аплаудираат, господине, не мене, бидете убедени.

**Иван Анастасовски:** Имате уште 4 минути за вашите аргументи и продолжете.

**Весна Бендевска:** Ќе ми е жал што ќе морам во текот на утрешниот ден да продолжам. Претпоставувам дека вие нема да бидете на таа фотелја.

Значи, 23 октомври Денот на Македонската револуционерна борба. Кога предлагате ден кој треба да го изразува почетокот на Македонската револуционерна борба, тоа што впрочем и го соопшти господинот Чепреганов, директорот на Македонскиот институт за национална историја, многу поквалитетно ќе беше да се предложи 20 мај, бидејќи на 20 мај 1876 година се случи првото организирано востание, Разловечкото востание со јасно прокламирани македонски идеи. Значи, предлогот ви е господине министер, ни риба, ни девојка. Ако сакате да го протежирате 23 октомври како ден на ВМРО е во ред, тоа е денот кога е формирана Внатрешната Македонска Револуционерна Организација. Тоа не може да биде ден на почеток на Македонска Револуционерна Борба. Или пак обратно. Доколку сакате навистина државен празник да биде денот на Македонската револуционерна борба, тогаш ве молам, доставете амандман, каде што како датум на празнување ќе го одредите 20 мај. Верувајте доколку бевте спремни да разговарате со експертите од МАНУ и особено со претставниците на Институтот за национална историја, ќе го добиевте истиот предлог. Меѓутоа, ќе се случеше нешто друго. ДПМНЕ ќе останеше без свој партиски празник на државно ниво. Токму тука е алфа и омега на ставот околу контраверзноста на вашиот предлог, околу вашата сериозност околу донесување на квалитетен европски хармонизиран закон за празнични денови во Република Македонија.

Она што беше многу важно и што верувајте повреди многу чувства на чесни граѓани во Македонија, беше излегувањето на инсертерот со потпис ВМРО-ДПМНЕ, каде што се обидовте да пуштите еден пробен балон пред македонската јавност, прокламирајќи идеја за промена на постојниот закон за празници и воведување на нов државен празник Денот на Македонската револуционерна борба и каде што, господа, раме до раме ставивте ...

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, почитувана колешке, сега што ви влегов во зборот, бидејќи е крајот на работното време. Вашата мисла и аргументација е долга претпоставувам и во тој случај дали сакате утре да продолжите?

**Весна Бендевска:** Апсолутно.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи има збор, а не можеме да и влеземе во збор ...

**Весна Бендевска:** Јас сум спремна во текот на утрешниот ден да продолжам, бидејќи имам премногу аргументи кои сакам да ги елаборирам пред Парламентот.

**Иван Анастасовски:** Сакате сега да ги завршите?

**Весна Бендевска:** Не сум спремна во овој момент да работам ...

**Иван Анастасовски:** Во тој случај продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,02 часот)